Кон дезинформацијата, dys-производството и нарушувањето (dysruption) би морало да постои приклучување на масовно ниво со цел да се предизвика критична ситуација во Машината. Таков смртоносен сплет на околности би можел да се оствари единствено преку надминување на поделеноста на трите функции и видови работници. Мора да изникне вид на комуникација кој нема да биде адекватне на дизајнот на Машината: dys-комуникација. Оттаму, името на конечната игра против Машината е АБВ-dysco.

Каде можат да се развијат такви АБВ- dysco врски? Сигурно не онаму каде што работниците се сретнуваат извршувајќи ги функциите на Машината – а тоа е, на работното место, во супермаркетот, во домаќинството. Фабриката претставува прецизно организирана поделба, а телата како синдикатите се само одраз на таа поделба и не ја надминуват. На работното место, различните интереси особено се нагласени; примања, позиции, хиерархии, привилегии, титули, сите тие градат sидови. Во фабриките и канцеларииите, работниците се изолирани едни од други, нивоата на отстапувања (физички, семантички, културни) се премногу високи, извршувањето на задачите бара премногу. АБВ-dysco очигледно нема најдобро да се оствари во економското јадро на Машината.

Но постојат домени од животот – за Машината во најголема мера маргинализирани домени – кои се понаклонети кон dysco-то. Машината не дигитализирала и рационализирала сè: најчесто не религијата, мистичките искуства, јазикот, домородното место, природата, сексуалноста, желбата, сите видови омраза, лудите фиксации, фантазиите. Животот како целина сè уште успева да да се оттргне од основната шема на Машината. Се разбира, Машината долго е свесна за своите недостатоци во овие полиња, и се обидува економски да ги функционализира. Религијата може да стане секташки бизнис, природата може да се искористува преку туризам и спорт, љубовта за сопствената земја може да дегенерира во идеолош-

bolo’bolo

П.М.

ва неефикасна доколку не се користи во физичкото циркулирање на добра и услуги. Инаку, таа станува чисто интелектуална игра и се уништува само себеси. Штрајковите секогаш можат да бидат задушени доколку никој, преку нарушување, не ја спречи полицијата да интервенира. Нарушувањето брзо се прекинува сè додека Машината ги добива своите залихи од секторот за производство. Машината знае дека секогаш ќе има субверзија насочена против неа, и дека секогаш ќе мора повторно да го потврдува и да се изборува за договорот меѓу неа и различните видови работници. Таа само се обидува да ги разниша нападите на трите сектори за да не можат да се поддржуваат и да се размножуваат едни други, станувајќи еден вид контрамашина. Работниците на кои само што им успеал штрајкот (dys-производство) се гневни зашто невработените демонстратори ги спречуваат, со улични блокади, да се вратат во фабриката на време. Претпријатието банкротира, а работниците се жалат на лошите директори и инженери. Но што ако тоа бил инженер кој своеволно направил лош дизајн, или директор кој сакал да го саботира претпријатието? Работниците сепак ги губат работните места, учествуваат во демонстрациите против невработеност, конечно се вклучуваат во бунт. .. додека полицајците не се појаваат и извршат својата работа. Машината ги трансформира поединечните напади на различните сектори во бескорисно движење, бидејќи ништо не е попоучно од поразите, ништо поопасно од долгите мирни периоди (во последниов случај, Машината ја губи способноста да знае што се случува во организмите на нејзинотот тело). Машината не може да опстојува без одредено ниво на болест и dys-функционирање. Делумните борби стануваат најдобри средства за контрола – еден вид термометар за треска – снабдувајќи ја со имагинација и динамичност. Доколку е потребно, Машината може да испровоцира и сопствени борби, само за да ги тестира своите инструменти на контрола.

Dysco

Занимавајќи се прво со субверзијата, јасно е дека секој вид работа, секој кој функционира за Машината во кој било дел од светот, има свој сопствен потенцијал за субверзија. Постојат различни начини за оштетување на Машината, и не секој ги има истите можности. Планетарното мени за субверзија би можело отприлика да се опише на овој начин:

А) Дезинформација: саботажа (на хардверот или програмите), кражба од времето на Машината (за игри или какви било приватни цели), неисправно дизајнирање и планирање, невнимателност (на пр., Елсберг или Вотергејт скандалот), дезертирање (научници, службени лица), одбивање на селекција (од страна на наставниците), лошо управување, измама, идеолошка девијација, доставање лажни информации на надлежните, итн. А ефектите можат да бидат непосредни или долгорочни секунди или години.

Б) Dys-производство: повлекување, работење со слаб квалитет, саботажа, штрајкови, боледувања, демонстрации во фабриките, користење на мобилноста, окупирањето (на пр., неодамнешните борби на полските работници). Овие ефекти обично се среднорочни недели или месеци.

В) Нарушување: немири, улични блокади, насилни акти, бегања, разводи, домашни расправии, арамилак, герилско војување, сквотирање, потпалување (на пр., Сао Паоло, Мајами, Совето, Ел Салвадор). Ефектите се краткорочни часови или денови.

Се разбира, сите овие дела имаат долгорочни ефекти; ние овде зборуваме единствено за нивното директно влијание како облици на активност. Сите овие видови на субверзија можат да ја оштетат Машината, дури можат и привремено да ја парализираат. Но секоја од нив може да биде неутрализирана од останатите два облици – нивното влијание е различно во зависност од времето и просторот. Дезинформацијата остану-

Содржина

„Извинување“, деценија подоцна **5**

Тежок мамурлук **26**

Планетарната работна машина **30**

Трите суштински елементи на Машината **33**
Три договори во криза 36
А договорот: Незадоволен со потрошувачкото општество 37
Б договорот: Исфрустриран од социјализмот 39
В договорот: Развој на несреќата 42

Крајот на Realpolitik **46**

Сè или ништо **50**

bolo'bolo **55**
Втемелување 56
Dysco 58
Trico 65
Провизорен распоред 68

таков начин што *bolo'bolo* ќе може да се зачне без да биде уништен уште на почетокот? Овој аспект на нашата стратегија можеме да го наречеме „деконструкција“ или субверзија. Планетарната работна машина мора да биде расклопена внимателно, бидејќи не сакаме да пропаднеме заедно со неа. Да не заборавиме дека ние сме делови од Машината, дека ние сме Машината. Сакаме да ја уништиме Машината, не себеси. Сакаме само да ја уништиме нашата функција во Машината. Субверзијата значи промена на односите меѓу нас (трите видови работници) и кон Машината (која се соочува со сите работници како еден систем). Тоа е субверзија, не напад, бидејќи сите ние сè уште сме во Машината и мораме да ја блокираме оттаму. Машината никогаш нема да се соочи со нас како надворешен непријател. Нема никогаш да има фронтална линија, штабови, чинови, униформи.

Сепак, субверзијата сама по себе секогаш ќе претставува неуспех, иако со нејзина помош можеме да парализираме одреден сектор на Машината, да уништиме некоја од нејзините способности. Конечно, Машината е способна секогаш повторно да освои и окупира. Наместо тоа, секој простор освоен со субверзија мора да го пополниме со нешто „ново“, нешто „конструктивно“. Не можеме да се надеваме дека прво ќе ја елиминираме Машината а потоа – во „празна“ зона – ќе формираме *bolo'bolo*, садници од неговите структури мора да ги окупираат сите слободни пукнатини, напуштени области, освоени бази и да ги предочиме новите односи. Конструкцијата мора да биде комбинирана со субверзијата во еден процес: втемелување (или „конвертирање“, ако сакате). Конструкцијата никогаш не треба да биде изговор за одрекување од субверзијата. Субверзијата сама по себе создава само straw fires, историски датуми и „херои“, но не остава конкретни резултати. Конструкцијата и субверзијата се секогаш облици на нема или отворена соработка со Машината.

перспективи (или „futuribles“, како што велат Французите) не се многу вкусни: тие смрдат на одрекување, морализам, нови работни места, напорни размисли, скромност и самоограничување. Се разбира, постојат ограничувања, но зошто би имало ограничувања на задоволството и авантурата? Зошто повеќето алтернативци зборуваат само за нови одговорности, а речиси никогаш за нови можности?

Еден од слоганите на алтернативците е: Мисли глобално, делувај локално. Зошто да не мислиме и делуваме глобално и локално? Постојат многу нови концепти и идеи, но она што недостасува е практичен глобален (и локален) предлог, еден вид на заеднички јазик. Мора да постои некаков договор околу основните елементи, за да не влетаме во следната замка на Машината. Во овој поглед, скромноста и (академската) мудроста и претпазливоста се доблести кои ризикуваат да не разоружаат. Зошто да се биде скромен во лице на неизбежната катастрофа?

bolo'bolo можеби не е најдобриот и најдеталниот и сигурно не дефинитивниот предлог за ново уредување на нашиот вселенски брод. Но тој не е толку лош, а прифатлив е за многу луѓе. Јас сум за да го пробаме како прв обид и да видиме што ќе се случи подоцна…

Втемелување

Во случај да сакаме да се обидеме со *bolo'bolo*, следното прашање ќе биде: Како можеме да го оствариме? Зарем не е само уште еден предлог на Realpolitik? Всушност, *bolo'bolo* не може да биде реализиран преку политика; постои друг пат, спектар на патишта кои можат да се следат.

Доколку се справиме со Машината, првиот проблем очигледно е негативен: Како можеме да ја парализираме и елиминираме контролата на Машината (т.е. самата Машина) на

„Извинување“, деценија подоцна

Според Провизорниот распоред во првото англиско издание на *bolo'bolo* денес би требало сите среќно да живееме во *bolo*-си, патувајќи по планетата без кредитни картички или пасоши, уживајќи во гостољубивоста насекаде, поработувајќи по нешто, играјќи, спиејќи и не грижејќи се за ништо. Националните држави, армиите, големите компании, работата од 9 до 5, сиромаштијата, гладта, автомобилскиот сообраќај, загадувањето на околината, итн., не би требало да се повеќе од заматени сеќавања на минатото време на глупост и заемен страв. Без чудовишта како САД, Русија или Кина, со мрежа од осмислени региони (*sumi*) на можеби десет милиони жители со големина на Унгарија, во голема мера самодоволни. Наместо нации би требало да постои меѓусебна соработка на овие региони, на светско ниво.

Денес, доколку ги погледнеме вистинските рани 90-ти, не можеме да бидеме подалеку од распоредот. Не само што Планетарната работна машина (или економијата – државна, приватна или мешана – како што некои претпочитаат да ја нарекуваат) не е распуштена, таа е жива и работи со полна пареа, убивајќи и на лево и на десно, наметнувајќи сè пониски нивоа на мизерија. Уште подалеку сме од каква било разбирлива Утопија. Наместо рај, 1991 ни ја донесе една од најциничните војни кога било (или треба да ја наречеме казнена експедиција?) за да се осигура „разумна“ цена и контрола на енергијата. Заливската војна уште еднаш докажа дека Планетарна-

та работна машина навистина е една Машина, неограничена од нации, идеологии или системи на сопственост. Енергијата, крвта на Машината, е премногу витална за биде предмет на смешни игри. Поделбите (раси, нации, парични примања, пол) се наши, не на Машината.

Се разбира, трите Договори (А, Б, В) сè уште се во криза, а оваа криза видливо е продлабочена. Во однос на ова, некои од моите предвидувања од 1983 се покажаа во голема мера точни. (Секогаш си во право во предвидување на лошите работи, никогаш кога го правиш спротивното). Се разбира постојат повеќе од три договори меѓу Машината и нас; реалноста е бескрајно покомплексна. Всушност, употребата на компјутери ѝ дозволи на Машината да создаде и раководи со „индивидуален" договор речиси за секого. Значи А, Б, В договорите треба да се сфатат како упростени модели, грубо совпаѓајќи се со количината капитал инвестирана по глава на работник („органски состав", како што понекогаш велиме ние марксистите).

Значи, работник со В договор користи илјадници долари, 10^3, работник со Б договор десетици до стотици илјади, 10^4-10^5, работникот со А договор, милиони, 10^6. Во зависност од нивните одговорности (или ризици за Машината), квалификации, плати, ускладени се престижот и животниот стил. Истото се однесува и на политичките системи (или процедури на легитимирање): колку е повисок органскиот состав во одредена област, толку повеќе „демократија" и „човекови" права можеш да добиеш. Нема да ги фрустрираш работниците со диктатори и случајни апсења, доколку тие можат да уништат опрема вредна милиони долари со само едно „погрешно" притискање на копчето во налет на „човечка грешка"... (би требало да ги имаме на ум таквите бизнис налик размислувања кога зборуваме за возвишени идеали како слобода, демократија, права и гаранции).

Кога зборуваме за договорите во криза, најжестокиот колапс во деценијата откако прв пат ја напишав *bolo'bolo* се слу-

bolo'bolo

bolo'bolo е дел од (мојата) втора реалност. Тоа е строго субјективно, бидејќи реалноста на сништата никогаш не може да биде објективна. Дали *bolo'bolo* е сè или ништо? И обете, и ниту едно. Тоа е пат во втората реалност, како Yapfaz, Kwendolm, Takmas i Ul-So. Таму има место за многу сништа. *bolo'bolo* е еден од оние нереалистични, аморални, егоистични маневри на диверзија од борбата против најлошото.

bolo'bolo е исто така и скромен предлог за новите уредувања на вселенскиот брод по исчезнувањето на Машината. Иако започна како обична колекција на желби, околу нив се акумулираа многу размислувања за нивна реализација. *bolo'bolo* може да се оствари на светско ниво за пет години, доколку започнеме сега. Гарантира лесно атерирање во втората реалност. Никој нема да гладува, да се смрзнува или умира порано отколку денес во периодот на транзиција. Постои многу мал ризик.

Се разбира, овие денови не недостасуваат општи концепти за постиндустриската цивилизација. Дали е тоа Добата на Водолијата, промената на парадигми, екотопија, нови мрежи, ризоми, децентрализирани структури, меко општество, новата сиромаштија, мали заедници, трети бранови или просумерски друштва. Наводно се случуваат мали конспирации, а новото општество веќе е родено во комуните, сектите, граѓанските иницијативи, алтернативните организации, маалските асоцијации. Во сите овие публикации и експерименти има многу добри и корисни идеи, спремни да бидат украдени и инкорпорирани во *bolo'bolo*. Но многу од овие

опстанок; изникнуваат нови идеологии на одрекување и ги контамираат сите сништа и желби. Песимистите се единствените кои вистински се слободни, среќни и дарежливи. Светот никогаш повеќе нема да биде подослив без можноста за негово самоуништување, исто како што животот на индивидуата претставува товар без можност за самоубиство. Ништожноста ќе остане присутна.

Од друга страна, „сè“ е исто така привлечно. Сè разбира, тоа е помалку возможно отколку ништожноста, лошо дефинирано, слабо обмислено. Смешно е, мегаломанско, самопреценето. Можеби е тука само Ништожноста да ја направи поатрактивна.

чи во она што јас го нарекувам Б договор: класичниот договор на индустрискиот работник во одредени области успеја во форма на социјализам. Концептот на просечен договор на органски состав со „тејлоризираната“ експлоатација преку релативниот вишок на вредност (продуктивноста поврзана со исполнувањето на работникот) се чини дека дефинитивно е „аут“. Масовните работници – илјадници луѓе кои ги имаат истите работи и кои извршуваат споредливи ситни работи – се покажаа премногу силни за да бидат подложени на зголемени нивоа на продуктивност. Откако беше ниско-наемна колонија за регионите со А договор, Источна Европа стана одговорност за Машината.

Перестројка и другите ублажувачки операции на повторно прилагодување не можеа да ги вратат работниците на вистинската работа. Оттаму банкротирањето и самодевалвирањето се единствените преостанати средства за ликвидирање на блокирана состојба. Новата стратегија се чини дека е составена од „специјални економски зони“, еден вид на џепни А договори со „банкротираните“ области со Б договори, кои можат да го употребат акумулираниот евтин човечки капитал (руската месечна наемнина изнесува 12 долари во моментот кога го пишувам ова) и инфрастуктурата на социјализмот. (Ова би било слично на јапонскиот или италијанскиот модел каде што големите компании со нивните „гарантирани работници“ хранат илјадници ниско-наемни фирми кооперанти.

Распаѓањето на класичниот Б договор не значи дека индустриското производство исчезнува или станува неважно. Од една страна, индустриското производство е роботизирано и компјутеризирано: ниту една работа не е споредлива со друга, а врската меѓу физичката работа и вистинскиот производ е индиректна. Од друга страна, нискотехнолошката работа (вклучувајќи чистење, поправка и одржување) е географски или организациски одделена од крајното производство и потчинета на условите слични на оние коишто јас ги на-

рекувам В договор (во најголема мера женска, маргинална работа). Б договорот – на средно-висок органски состав во средно-високи производствени единици кои исплаќаат средни „пристојни“ наемнини на просечните семејства од работничката класа кои учествуваат во регуларниот модерен начин на живот – е напуштен како на Запад така и на Исток. Додека на Запад се нарекува тачеризам или „деиндустријализација“и се третира како чисто „економски“ проблем, тој на Исток се јавува како вистинска „промена на системот“.

Се чини дека Б договорот ќе биде истолчен меѓу неколкуте работници кои ќе се приклучат на А договорот и многуте останати кои ќе западнат во разните мизерии на старите и нови В договори. Во меѓувреме, Б работниците се сè уште таму, борејќи се на многу начини, од Бразил до Јужна Кореја, од Полска до Кина.

Сегашното растопување на социјализмот е на многу начини аналогно на Чернобилската несреќа од 1986. Реакторот во суштина се измолкна од контрола, бидејќи беше лишен од својот систем за разладување. Екипата играше фрустрирани мачо игри и се обиде да го одржи во погон реакторот многу под нивоата на безбедност, на ист начин на кој ги прекршувате ограничувањата на брзина кога возите спортски автомобил. На ист начин, социјалистичката фабрика-држава немаше екстра систем за разладување, имајќи ја политиката и економијата во иста корпа. Секој економски неуспех стануваше уште еден удар за политичката легитимност, која за возврат беше целосно излитена до средината на осумдесеттите. За разлика од Запад – каде што можете да ги обвинувате, наизменично, политичарите или економијата доколку има рецесија или нема доволно пари за социјалните програми – сите зла се сконцентрирани на едната и единствена елита сè додека општествениот реактор не излезе надвор од контрола. Навидум цврстите држави како Источна Германија, со многу ефективен полициски апарат, зачудувачки се дезинтегрираа преку

Морализмот е едно оружје на Машината, реализмот друго. Машината ја формира нашата реалност, истренирано да ја гледаме на нејзин начин. Од Декарт и Њутн, таа ги дигитализира нашите мисли, исто како и реалноста. Ги распосла своите да/не шеми преку светот, преку нашите души. Ние веруваме во оваа реалност, можеби затоа што сме навикнати на неа. Сепак, сè додека ја прифаќаме реалноста на Машината, ние сме нејзини жртви. Машината ја користи нејзината дигитална култура да ги уништи нашите сништа, претчувства и идеи. Сништата и утопиите се стерилизирани во романи, филмови, комерцијална музика. Но оваа реалност е во криза; секој ден, има сè повеќе пробиви, а да/не алтернативата не е повеќе од апокалиптична закана. Крајната реалност на Машината очитува самоуништување.

Нашата реалност, втората реалност на старите и нови сништа, не може да биде заробена во да/не мрежата. Истовремено ги отфрла апокалипсата и статусот кво. Апокалипса или Евангелие, армагедон или утопија, сè или ништо: ова се „реалните“ можности. Во оваа можност, ние го избираме едното или другото, со лесно срце. Но медиокритетските ставови како „надеж“, „доверба“ или „трпеливост“ се едноставно смешни – чиста себеизмама. Нема надеж. Мораме да избереме сега.

Ништожноста стана реална можност, повеќе апсолутна отколку што старите нихилисти се осудуваат да замислат. Во овој поглед, достигнувањата на Машината секако мора да бидат признаени. Конечно, стигнавме до Ништожноста! Не мора да опстанеме! Ништожноста стана реална „алтернатива“ со своја сопствена филозофија (Сиоран, Шопенхауер, будизмот, Глаксман), сопствена мода (црна, неудобна), музика, домување, сликање, итн. Апокалиптици, нихилисти, песимисти и мизантропи сите имаат добри аргументи за својот став. После сè, доколку во вредности ги трансформирате „животот“, „природата“ или „човештвото“, постојат само тоталитарни ризици, биократија или екофашизам. Ја жртвувате слободата за

од егоистични; правеа што ќе им се каже. Тие градеа на жртвување и самоодрекување, а сето тоа бараше само повеќе жртвување, повеќе одрекување. Нашите родители, во нивно време, го пренесуваа нивниот сопствен егоизам, а имаат проблеми да го почитуваат нашиот.

Други политички моралисти би можеле да приговараат дека е неразумно да сонуваме за утопии додека милиони умираат од глад, многумина се измачувани во кампови, исчезнати, депортирани или масакрирани. Тешко е да се дојде до минимални човекови права. Додека разгалените деца од потрошувачкото општество ги составуваат своите листи на желби, други не знаат ниту како да пишуваат, или немаат време воопшто да размислуваат за желби. Сепак, погледнете малку наоколу: познавате некого кој умрел од хероин, некои браќа или сестри во лудница, самоубиство или две во семејството? Чија несреќа е посериозна? Може ли да се измери? Дури и да немаше несреќа, дали нашите желби би биле помалку реални затоа што на некои им е потешко, или затоа што ние би можеле да се замислиме во таква состојба? Токму кога делуваме да го спречиме најлошото, или затоа што на „други“ им е лошо, ние ја правиме несреќата возможна, дозволуваме да се случува. На овој начин ние секогаш сме приморани да делуваме на иницијативи на Машината. Секогаш постои нечуен скандал, неверојатна дрскост, провокација која не може да биде оставена неодговорена. И така нашите 70 години си врват а исто и годините на „другите“. Машината нема проблем да не одржува загрижени со тоа. Тоа е добар начин да нѐ спречи да станеме свесни за овие неморални желби. Доколку почнеме да делуваме за себе, дефинитивно ќе има неволји. Сѐ додека делуваме (реагираме) единствено врз основа на „морални разлики“, ќе бидеме немоќни како издишани гуми, само експлозивни молекули во машината на развој. А бидејќи веќе сме слаби, Машината само станува помоќна во искористувањето на оние кои сѐ уште се послаби.

ноќ. Сепак, колапсот на режимите не значеше и колапс за Машината на некое од тие места, само промена на видот на управување, психолошки порафиниран начин на управување. И покрај тоа, она што можеме да го научиме од ова искуство е тоа дека доколку сме способни да ја поткопаме Машината подробно на едно место, не треба да се грижиме премногу за полициската или воената репресија. Искуствата од Источна Европа покажуваат дека концептот на вооружена револуционерна борба е застарен, бесмислен и непотребен, барем во индустриски напредните области. Социјалната масовна саботажа е многу поефективна.

Барем онолку спектакуларен колку и колапсот на Б договорот е неуспехот на сите обиди да се создаде „развој“ за областите кои јас ги групирав под Ц договорот (југот на планетата). Во повеќето делови од Африка, просечната плата се намали во текот на осумдесеттите. Преку политиката на ММФ, угнетувањето и гладта станаа побрутални насекаде. Новиот бран на епидемии, како колера и СИДА, беа овозможени преку целосното запоставување на здравствената и социјалната инфраструктура. Конечниот колапс на илузиите за развој поттикна уште поочајни бранови на емиграција кон Европа или во рамки на Југот. Нападот на преостанатите можности за егзистенцијално фармерство беше изведен преку суши, граѓански војни и депортации. „Ново оградување“ на претходно заедничката (комунална) земја е во тек, гонејќи ги фармерите во градовите и претворајќи ја добрата земја во плантажи на кеш (извоз). Во некои региони одбивањето на В договорот прерасна во масовни движења за одбивање на сите договори на „Западната цивилизација“ во целина. Некои од овие движења се обидуваат да користат идеолошки изрази за претходните периоди на (патријархалната) Машина, и да се поврзат себеси со „Исламскиот фундаментализам“. Сепак, очигледно е дека на овие движења навистина им е малку грижа за Исламот, и дека тие се социјални, а не религиозни движења. Исламот

единствено се однесува на концептот на „културен идентитет“ („*nima*?“) кој сè уште мора да биде автономно пронајден од страна на движењето. Она што го гледаме е само религиозно обликувана елита (во најголема мера тренирана на универзитетите во САД) која се обидува да го трансформира фундаменталното одбивање во извор на енергија за „Исламската држава“ или фантазмагоричната „Исламска економија“. Иран веќе е во последната фаза на овој вид на манипулација, а сега се појавуваат и првите „Исламистички фундаментални побуни“ против Исламската држава на ајатолахот… Свирепоста на нападите на САД против Садам Хусеин може да се опише со фактот, дека тој (незаслужено, се разбира) стана шампион на „фундаменталистичките“ одбивања на сите договори, од Индонезија до Мароко па дури и Тринидад. Заливската војна беше првата војна која беше експлицитно водена против оние кои ги одбиваат договорите… вклучувајќи го и А договорот. А сега има и други…

(Фактот дека постојат договори не значи дека тие некогаш биле прифатени. Тие единствено претставуваат облици на општествено примирје во одредени фази од борбата против Машината како таква).

Дури и „најдобриот“ договор, понуден на околу десет проценти (600 милиони луѓе) од работниците на Машината, А договорот на модерното потрошувачко општество, повеќе не е она што беше. Наемнините во класичната земја на А договорот, САД, паднаа на оние од 1957, а од 1967 работните недели за една година пораснаа од 43,9 на 47,1[1]. Годините на Картер, Реган и Буш ги уништија гаранциите за „Американскиот начин на живот“ во многу сектори на класичната работничка класа, но исто така и за новите средни класи. Дури и јапиевци-

[1] Juliet B. Schor, *The Overworked American*, Basic Books, 1991, стр. 30. Работниците во САД денес годишно работат 320 часа повеќе отколку нивните колеги во Франција или Германија.

Би било логично да си поставиме себеси некои прашања како овие: „Како навистина би сакал да живеам?“ „Во какво општество (или неопштество) би се чувствувал најпријатно?“ „Што навистина сакам да правам со себеси?“ „Без оглед на нивната практичност, кои се моите вистински желби и копнежи?“ И да се обидеме да си го претставиме ова, не во некоја далечна иднина (реформистите секогаш сакаат да зборуваат за „следната генерација“), туку во нашиот животен век, додека сè уште сме во добра форма, да речеме во следните пет години…

Сништата, идеалните визии, утопиите, алтернативите кон кои копнееме: не се ли овие само нови илузии кои сакаат повторно да не заведат да учествуваме во чемата на „прогресот“? Зарем не ги знаеме уште од неолитот, од 17 век, од денешната SF литература? Дали повторно подлегнуваме на шармот на Историјата? Зарем Иднината не е примарната мисла на Машината? Дали единствениот избор се наоѓа меѓу сопствениот сон на Машината и одбивањето на секаква активност?

Постои еден вид желба која, секогаш кога ќе се појави, научно, морално и политички е цензурирана. Владејачката реалност се обидува да ја задуши. Желбата е сон за втора реалност.

Реформистите ни велат дека е тесноградо и егоистички да ги следиме само сопствените желби. Мораме да се бориме за иднината на нашите деца. Мораме да се одречеме од задоволството (автомобилот, одморот, повеќето топлина) и да работиме силно за нашите деца да имаат подобар живот. Ова е многу интересна логика. Зарем не е токму одрекувањето и жртвувањето на генерацијата на нашите родители, нивната тешка работа во педесеттите и шеесеттите, она што ја донесе оваа збрка денес? Ние веќе сме оние деца, оние за кои се потроши многу работа и жртвување. За нас, нашите родители се бореа (или загинаа) во две светски војни, безбројни „помали“ војни, и безбројни големи или мали кризи и судири. Нашите родители изградија, за нас, нуклеарни бомби. Тие беа далеку

Сè или ништо

Планетарната работна машина е сеприсутна; таа не можа да биде запрена од политичари. Дали Машината ќе биде нашата судбина, додека не умреме од болест на срцето или рак на 65 или 71 година? Дали тоа би бил Нашиот живот? Дали вака го замислувавме? Дали ироничната резигнација е нашиот единствен начин на бегство, криејќи ги од себе нашите заблуди во замена за неколкуте минливи години кои ни преостануваат? Можеби навистина сè е ОК, а ние само сме предраматични?

Да не се залажуваме. Дури и ако го мобилизираме целиот наш пожртвуван дух, сета наша храброст, нема да постигнеме ништо. Машината е совршено опремена против политичките камикази, како што покажува судбината на Red Army Faction, Црвените бригади, Моненерос и други. Таа може да коегзистира со вооружен отпор, дури и да ја трансформира таа енергија во мотор на сопствената совршеност. Нашиот став не е морален проблем, не за нас, уште помалку за Машината.

Дали ќе се убиеме, дали ќе се продадеме со нашите сопствени специјални договори, пронајдеме излез или начин на бегство, добиеме на лото или фрламе молотови коктели, им се придружиме на спартакистите или хиндуистите, си ги чешкаме ушите или безглаво напаѓаме: готови сме. Реалноста не ни нуди ништо. Опортунизмот не се исплати. Кариерите се голем ризик; тие предизвикуваат психози, бракови. Откупувањето значи самоексплоатирање во гетата, дилање на валканите улични ќошиња, тепање гасеници меѓу камењата на месната градина. Итроста е сè позаморна. Глупоста е досадна.

те ги сметаат своите очекувања за предадени. Феномените како бездомност, постојана невработеност и „новата сиромаштија“, како што се нарекува во Европа (што е „ново“ во врска со неа?), станаа широко распространети во А областите. Дури и во Швајцарија, реалните наемнини паднаа за 5% во 1990, а социолозите заклучија дека 15% од популацијата на оваа земја од модел А+, живеат во сиромаштија. Денес, наемнините се под силен удар во Западна Европа, во најголема мера преку инфлација и зголемување на даноците (Германија). Шефовите им велат да бидат среќни поради крајот на „комунизмот“ (кој никогаш не постоел) и да бидат спремни да ја платат цената. Чудна логика: „ние“ победивме и сме казнети поради тоа. После сè, капитализмот на Источните држави беше една од нивните идеи. Скриеното одбивање на работата (работи помалку – и ако можеш – троши помалку) практикувано од страна на А работниците го намали профитот. Жалбите за зголемената „мрзливост“ можат да се слушнат насекаде, дури и во Швајцарија. „Постматеријалистичките“ ставови и однесувања се споделени од сенката на „молчаливите мнозинства“ во европските земји. Работниците се трудат да избегнуваат, тие се минималисти, имаат „други интереси“, се пензионират рано, имаат бројни „психолошки“ и „здравствени“ проблеми… и уште многу оправдувања да не бидат продуктивни.

Овој „прикриен“ штрајк ги поткопа центрите на најнапредното капиталистичко производство. Повторно една од стратегиите за против-напад е „банкротството“. Компаниите едноставно се затвораат, сите пари исчезнуваат (вклучувајќи ги и пензиските фондови), а во исто време кога од државата се очекува да ги гарантира гаранциите таа прогласува дека постои „криза во буџетот“ и не може да плати. Кризата на буџетот ги крати социјалните трошоци, предизвикува масовни отпуштања, намалување на наемнините, сите заеднички деноминатори на толку различни ситуации како Њујорк или Цирих. Задачата на денешната рецесија – да се откачи од

„дебелите мачки“ и да ги натера мрзливите безделничари да скокаат преку добро платени, привремени работни места – може лесно да биде согледана во „чудниот“ факт дека ниту една влада не имплементира посебни антициклични политики. За првпат, нема дефицитно трошење за повторно да се активира економијата; всушност претходниот – лажен – „бум“ е оној кој ги акумулира најголемите дефицити кога било. Значи нема пари, нема каде да се оди, а старите гаранции завршија во ѓубрето. Не стои ништо помеѓу вас и „чистиот“ капитал.

Уште една голема промена во функционирањето на А договорот се состои во географската фрагментација на старите хомогени области на А договорот. Како што веќе истакнав во 1983, сите три договори се присутни секаде. Но постоеја блокови или региони, како Северна Америка или Западна Европа, со одредена предоминантност на А договорот. Но претпотопскиот обид – создаден од Сталин и Рузвелт на Јалта – за поделба на планетарниот пролетаријат долж географските линии на демаркација, дефинитивно беше поткопан со кризата на соодветните договори од обете страни. Ова не значи дека ќе има помалку или понеизразени поделби; крајот на поделбите би бил крај за Машината. Но она што сега го гледаме, сè повеќе и повеќе, е еден вид на шема со леопардова кожа на сите договори. Њујорк или Лос Анџелес наликуваат речиси на градови од Третиот свет, додека центарот на Рио наликува на нешто почист центар на Менхетен. Предоминантниот договор може да се разликува од едно соседство до друго. Областите на А договорот стануваат тврдини во џунглата на разни остатоци од В или Б договори. Цената што Машината мора да ја плати за користење на инструментот на поделба наречен „нација“ (зацврстен од своја страна со „блокови“), одредена минимална хомогеност на приходи, очигледно стана прескапа. Повеќе нема национална економија, единствено мултинационални компании кои делуваат низ целата планета

веќе е едвај реалистична, бидејќи реалноста сега се наоѓа пред пресвртница.

зини делови се меѓусебно поврзани. Секоја национална реформистичка политика само создава пожестока меѓународна конкуренција, намамувајќи ги работниците од една земја против оние од друга, усовршувајќи ја контролата над сите.

Токму ова искуство со реалполитичарите и реформистите е она што натера сè повеќе и повеќе гласачи да ги поддржат неоконзервативните политичари како Реган, Тачер или Кол. Најциничните претставници на логиката на економијата се унапредени во левичарски плеткачи кои ни мислат добро. Еден фактор на самодоверба на Машината е разнишан. Никој не се осудува потполно да верува во нејзината иднина, но сите сепак се држат за неа. Стравот од експерименти го надрасна верувањето во демагошки ветувања. Зошто да се реформира систем кој е секако осуден? Зошто да не се обидеме да ги искористиме последните позитивни аспекти на старите лични или национални договори со Машината? Зошто да не поставиме на власт позитивни, самоуверени, конзервативни политичари? Оние кои не се грижат да ветуваат решавање на проблемите како невработеност, глад, загадување, трката за нуклеарно вооружување. Тие не се избрани да решаваат проблеми од ваков вид, туку да го претставуваат континуитетот. За „опоравувањето“ потребна е само малку смирена, стабилна, позитивна реторика: сигурноста од заработка на профитите остварени преку сегашните вложувања. Под овие услови, секое опоравување би било многу поужасно отколку што самата „криза“ е. Никој навистина не мора да верува во Реган или Кол, само да продолжат да се смешкаат покрај нив, заборавајќи на грижите или сомнежите. Работната машина, во ситуации како оваа, многу подло ги поддржува сомневањата, а со неоконзервативните режими во крајна линија сте оставени сами сè до завршувањето на следното „опоравување“ или катастрофа. Настрана од агитацијата, лошото расположение и оговарање, левицата нема што повеќе да понуди. Realpolitik

та, онаму каде што профитите се остваруваат најлесно. „Новиот светски поредок“ е само сонот на предаторот за неограничено поле на ловење. Заливската војна не беше национална војна, туку операција за светската економија како таква. Армијата на САД беше само најмена да ја изврши работата: нов вид на планетарни Пинкертоновци. Живеењето во земји со А договор гарантира сè помалку и помалку – можеш да бидеш сиромашен во САД колку и во Бразил, или богат во Индија колку и во Швајцарија.

Кризата и дисперзијата на договорите го трансформира планетарното функционирање на Машината. Наместо различни шефови (или блокови) сега сме соочени со целосно анонимни системи на контрола и санкции. Дали тие се наречени „слободни пазари“, „закон“ (со САД како „светските полицајци“ да го спроведат), „демократија“ или „продуктивност“, моќта се применува врз нас и од страна на „нас“ преку многустрани затворени кругови на селекција и саморегулативни механизми за алокација на добрата. Типични псевдошефовски структури на деведесетите ќе бидат институции како ММФ, Светската банка, и одредени агенции на ОН. Нема каде да се оди да се протестира; се чини дека никој не е одговорен, а оние кои ги претставуваат компаниите или државите стојат таму кршејќи ги рацете, обвинувајќи ги пазарните сили за дефицитите. Идеолозите најавуваат „крај на историјата“, и во одредена смисла, тие се во право: „нивната“ историја завршува, а нам никогаш и не ни требаше.

Новата геометрија на договорите со леопардова кожа би се чинела ризична доколку Машината не би имала доверба во достигната општествена автоматизација и сите автоматизирани бариери на квалификација, животен стил, приход, раса и пол. Живеејќи близу и заедно во исти градови и мешајќи се секојдневно, поединечните работници се однесуваат како мали вселенски бродови, секој имајќи сопствен курс. Не пла-

шејќи се од организациски кратки споеви на овие атоми, Машината може да им даде еден вид на микроавтономија, и да го растури донесувањето на одлуки низ целата шема. Никаква „владеење“ не е потребно за да се биде на власт. Но „нешта“ се случуваат…

Додека нема корист од цмиздрење за старите договори, новото мени на договори изгледа уште помалку вкусно. Нема враќање назад – надвор сме на отворено, а дува свиреп ветар. Мораме сега да избереме дали сакаме да се повинеме и скриеме во нашите расклатени засолништа, или да го искористиме ветарот за наши цели – да летаме змејови или да ги движиме нашите бродови. На новата геометрија на Машината можеме да ѝ одговориме со нова пролетерска геометрија, искористувајќи ги новите можности. Со колапсот на социјализмот не исчезнаа само идеолошките мистификации, туку станаа можни нови контакти со стотици милиони екс-Б работници. Миграциите на В работници кон Север донесоа нови средби и културни размени.

„Крајот на историјата“ и фактот дека сите ние сега се соочуваме со истите шефови (или шефовски механизми) можат да спојат заедно работници од најразлични бекграунди, и можат да придонесат за разбивање на сите илузии околу прогресот и политиката. Следниот пат – овој пат – нема да си играме со менување (безмоќност) влади и плеткање со легитимизација и претставување; ќе се справиме со вистинското нешто. Наместо да чекаме на следното опоравување, можеме да изградиме сопствени движења на опстанок. Зошто да чекаме на следната работа? Зошто да не ги искористиме нашите сопствени креативни потенцијали за нас самите? Мора ли Истокот навистина да чека на економска помош од Запад? Не можат ли земјоделците и градските занаетчии едноставно да се организираат и создадат самодоволни селски или градски заедници?

социјалистички-зелени-пацифистички движења во Западна Европа, САД и други земји. Доколку се остварат повеќето од овие реформи, Работната машина ќе изгледа многу поподнослива. Но дури и овие „радикални“ програми за реформа единствено имплицираат ново прилагодување кон Машината, а не нејзина смрт. Сè додека самата Машина (тешкиот, „хетерономен“ сектор) постои, самоуправувањето и „автономијата“ можат да служат единствено како еден вид на рекреативна област за поправка на истрошените работници. А кој ќе спречи да не бидете уништени во 20 часовна работна недела отколку во 40 часовна? Сè додека ова чудовиште не се протера во вселената, тоа ќе продолжи да нè проголтува.

Уште повеќе што политичкиот систем е дизјаниран да ги блокира таквите предлози, или да ги конвертира реформите во нов импулс за понатамошен развој на Машината. Најдобра илустрација за овој факт се изборните политики на реформистичките партии. Штом левицата ја освои власта (погледнете ја Франција, Грција, Шпанија, Боливија, итн.), се наоѓа заплеткана во џунглата на „реалности“ и економски потреби и нема друг избор освен да ги примени токму оние сурови програми кои ги напаѓа кога Десницата владее. Наместо Жискар, Митеран е тој што праќа полицијата против работниците кои штрајкуваат. Наместо Реган, Мондал е тој што води кампања против дефицитот во буџетот. Социјалистите секогаш биле добра полиција. „Опоравувањето на економијата“ (т.е., Работната машина) е основа за секоја национална политика; реформите секогаш треба да докажат дека ги охрабруваат инвестициите, создаваат работни места, ја зголемуваат продуктивноста, итн. Колку повеќе „новите движења“ влегуваат во Realpolitik (како Зелените во Германија), толку повеќе ја прифаќаат логиката на „здрава економија“, или инаку исчезнуваат. Освен уништените илузии, зголемената резигнираност, развојот на општа апатија, реформистичките политики не постигнуваат ништо. Работната машина е планетарна. Сите нај-

Крајот на Realpolitik

Несреќата во Третиот свет, фрустрацијата во социјалистичките земји, измамата на Запад: главната динамика на Машината всушност е реципрочната содржина и логиката на помалото зло. Што можеме да сториме? Реформистите предложуваат да се плеткаме со Машината, обидувајќи се да ја направиме похумана и попријатна преку користење на нејзините механизми. Политичкиот реализам ни вели да продолжиме со мали чекори. Оттаму, се претпоставува дека сегашната микроелектронска револуција треба да ни ги обезбеди средствата за реформи. Несреќата ќе биде трансформирана во мобилизација, фрустрацијата во активизам, а разочарувањето ќе биде основата за промена на свеста. Некои од реформистичките предлози звучат прилично добро: дваесет часовна работна недела, еднаква дистрibуција на работа за секого, гарантирано минимум примање или негативни даночни такси на приход, елиминирање на невработеноста, заемна самопомош, децентрализирано самоадминистрирање во организациите и соседствата, создавање на „автономен" сектор со нископродуктивните мали претпријатија, инвестиции во средните и меките технологии (исто и во Третиот свет), редукција на приватниот промет, инвестирање во соларни транспортни системи, помалку животински протени во нашата исхрана, поголема самоодржливост за Третиот свет, рециклирање на суровините, глобално разоружување, итн. Овие предлози се разумни, дури и остварливи, и сигурно не се претерани. Тие ја сочинуваат, повеќе или помалку, официјалната или тајната програма на алтернативните-

Новите миграции на големо го овозможуваат она што јас го нарекувам „*dysco*" (солидарност и комуникација преку бариерите на договорите). На културни и соседски нивоа, израснаа многу иницијативи во изминатите години. Токму прашањето за „земја" (домување, социјални простори) е она кое ги спои работниците од различни договори. Цените на земјата, а оттаму и рентите, беа користени низ целата планета за реструктуирање на територии, за исфрлање непродуктивни единици и создавање нови тврдини налик објекти за домување за некои А работници („гентрификација"). Но, дури и за нив, рентите станаа неиздржливи, а оттаму некои заеднички активности возможни. Не изненадува што Машината се обидува да ги користи сите видови на расистичка и ксенофобна лутина за да ги блокира таквите *dysco*-а. Дури ги откопа и најсмешните национализми – особено во Источна Европа – за да ги уништува можните нови *dysco* забави. Се обидува да ја одврати борбата за земја од самата себе и да ги нас'ска работниците едни против други.

Дистрибуцијата на различни договори во форма на мали џебови го прави механизмот на машината пофлексибилен, ги намалува ризиците од големи „несреќи", воопшто, ја зголемува „жестината" и сеопштата продуктивност. Додека се обидува да побегне од многу поголемиот број на „природни" ограничувања (преку генетски инженеринг, киборзи, виртуелна реалност, фузија и/или соларна енергија) сè уште е ранлива. Крајната „визија" на стерилно, имуно саморепродуктивно автоматско живеење на распаѓачкото човечко и природно ѓубриво – Киборг-Машината од А договорот редуцирајќи го остатокот од универзумот на ништо повеќе од ѓубре на В договори – сè уште не е стварна. Но патот е отворен.

Постојат стратешки можности за новите пролетерски геометричари да ја запрат автоматопијата. На пример, Машината е сè уште зависна од нафта, а виталните извори на оваа основна енергетска стока се наоѓаат токму во области каде што

новите „фундаменталистички“ движења се силни и опасни: Блискиот и Среден Исток и бившиот СССР. Нафтата и земјата ќе бидат клучните зборови за конструктивните сили на одбивање („збунување“?) на Машината. Доколку метрополските *dysco*-а би можеле директно да соработуваат со „фундаменталистичките“ одбивачи со В договори во тие области, Машината би можела полека да се парализира, прилично корисно богатство би можело да биде протурено на Југ преку последните петро-долари, а земјата, оставена од Машината која се повлекува, искористена за производство на живот и суверенитет на заедницата. Се разбира, Заливската војна беше еден вид на превентивен удар на таквите мисли. Но секогаш постои друга шанса…

Заедничка програма за сите „збунувачи“ – прикриена антиекономска агенда – може да биде пронајдена во самите борби. Зборовите „пролетерска геометрија“ сугерираат на програма: „пролетерски“ е изведен од латинскиот *proles*, што значи „деца“; „геометрија“ ги содржи *gaia* („земја“) и *meter* („мерка“, „средина“), но исто така и „мајка“ (како во „метропола“). „Децата на мајката земја“ го бараат правото на живот – за што друго би можело да биде? Причината за неразумното однесување на работниците е (со јазикот на Машината): подобрата репродукција, повисоките „општествени трошоци“ – самиот живот?

На одреден начин, нашата прикриена програма оттаму е „матријархална“, и секако антипатријархална. Оваа програма е многу стара; таа всушност е оригиналната програма, историјата на древните борби. Новите истражувања покажуваат дека почетокот на денешната патријархална Машина не е само изгубен во митолошки магли, туку дека започнал околу 3000 п.н.е., кога очајните племиња извршиле инвазија на

тане фатаморгана, во најдобар случај единствено само награда за горните десет проценти за нивните услуги кон Машината. Капиталистичките и социјалистичките модели не успеаја, а селото повеќе не е практична алтернатива. Сè додека постои само овој избор меѓу различните видови несреќа, не постои спас за В работниците. Од друга страна, тие имаат најдобри шанси за нов начин на живот базиран на самодоволност, а многу проблеми (како енергија, засолниште, дури и храна) очигледно полесно можат да се решат локално отколку во метрополитенски области. Но доколку В работниците како класа се обидат да се вратат во своите села пред Планетарната работна машина да биде расклопена насекаде во светот, тие ќе бидат двојно измамени. Решението е глобално, или воопшто го нема.

исто така уште еден инструмент на репресија и зависност. Тоа е вистина за В работниците низ целиот свет, дури и во индустријализираните земји (особено за жените). Работната машина ги уништува семејните традиции и истовремено ги искористува. Семејството носи многу неплатена работа (особено за жените); семејството произведува евтина работа за нестабилните работни места. Семејството е работното место за В работникот.

В работниците во земјите во развој се наоѓаат себеси во состојба на исцрпеност: повикани се да се откажат од старото (семејството, селото), но новото не може да им обезбеди доволно средства за живот. Затоа доаѓаат во градовите и завршуваат во гета. Тие слушаат за нови потрошувачки добра, но не можат доволно да заработат за да ги купат. Истовремено нивните села и нивните земјоделски бази трунат, стануваат манипулирани, корумпирани и искористувани од владејачката каста. Барем В договорот има одредено олеснување од ограничувања во секојдневниот живот, и неколку одговорности: тие не се врзани за работните места или Државата, тие не се уценувани со долгорочни гаранции (пензии, итн.), тие можат да ги користат приликите на самото место. Во овој поглед, тие сè уште имаат некои од остатоците на слободата на старите ловци-собирачи. Промените лесно можат да се спроведат, а можноста за „повторно враќање дома“ во селото (или она што останало од него) е вистинска опција што А и Б работниците едноставно ја немаат. Основната слобода во исто време е и товар, бидејќи секој ден значи целосно нов предизвик, животот никогаш не е безбеден, храната е несигурна, а ризиците се секогаш високи. Криминални банди, политички групации, брзи шпекуланти го искористуваат овој факт за лесно да регрутираат проститутки, препродавачи и платеници.

И покрај сеприсутното комерцијално рекламирање и развојна пропаганда, сè повеќе и повеќе В работници сфаќаат дека предложеното потрошувачко општество секогаш ќе ос-

некогаш матријархалните цивилизации[2]. Корегирајќи ги моите несмасни забелешки за почетокот на централизираната доминација, станува јасно дека матријархатот создал урбани култури со висока разнообразност, а без тираниите на подоцнежните „азијатски модели на производство“. Палатите на Чатал Хојук (7000 п.н.е.) и Кносос (завршувајќи 1400 п.н.е.) се огромни, но не застрашувачки монументални; тие немаат знаци на утврдувања, туку изразуваат урбано богатство и радост на живот. Тие докажуваат дека непатријархалните култури нужно не мора да се глупави, рурални или „весело“ стагнантни. Тие биле во целосен технолошки и општествен развој (на друга патека на прогресот) кога се случила патријархалната „несреќа“. Централизираните системи на командување се исто така употребувани и во матријархалните општества во време на опасности или природни катастрофи, како еден вид на вонредно управување во време на кризи. Штом работите се врателе на својата нормална состојба, центарот на моќ се растурал, а регуларните процедури на „бавно“ и „заедничко“ владеење се враќале. Сега се чини дека околу 3000 п.н.е., суша во внатрешна Азија предизвикала продолжен период на стресови и миграции. За многу луѓе (подоцна познати како „Индоевропејци“), адаптацијата на новата клима не била можна, со што започнале грабеж над земјоделските општества во Месопотамија, Индија и Евроазија. Ова, за возврат, предизвикало итни решенија во тие општества и процес на заемна „патријархализација“ која не можела да биде запрена – сè до денес. Значи она со што се соочуваме во овој момент е ништо повеќе од привремена аномалија внатре нормалниот матријархален курс на човековиот живот. (Кога Маркс говори за „историска нужност“,

[2] Овие корекции се во најголема мера базирани на делата на Heide Göttner-Abendroth (*Das Matriarchat*, Stuttgart, 1991) и Carola Meier-Seethaler (*Ursprünge und Befreiungen*, Arche Verlag, 1989). Се чини дека не постои неизбежна логика во авторитарниот развојот на земјоделството.

тој само ја рационализира оваа абнормална состојба на опасност: 8000 години на матријархат против 3000 годинина патријархат).

Всушност, чувството дека сме „турнати“, „мобилизирани“ (вклучувајќи го и неговото воено значење), постојано на „штрек“, е сеприсутно во нашите секојдневни животи. Зборувајќи за матријархална програма, мораме да бидеме сигурни матријархатот (или подобро, matri-an-archy) да не го поставиме во симетрија со патријархатот. Тој не имплицира уште еден систем заснован на билошки разлики. Матријархатот значи предоминантност на „мајчинските“ вредносни структури. Сите оние кои помагаат во создавањето и репродукцијата на животот (вклучувајќи ги и мажите) ќе имаат авторитет, а општествените структури ќе бидат моделирани според потребите за одржување на животот. Природно, овој вид на авторитет ќе биде многу подостапен на жените или мајките отколку денешниот. Нема да има потреба од апарати на принуда и централизирани тела на контрола. Она што јас го нарекувам *bolo*-си (големи комунистички домаќинства, како што беа споменати од Енгелс) би биле идеално компатибилни со матријархатот. *bolo*-сите (доколку се доволни големи) го подразбираат распуштањето на надворешните општествени машини како армиите, државите или големите компании кои се столбови на патријархалната доминација. Лишени од овој корсет, мажите ќе бидат едноставно човечки суштества, слободни да учествуваат во секојдневието на животот на домаќинството. Тие ќе бидат поблиску до „нивните“ деца и ќе имаат шанса да бидат онолку „мајчински“ колку и (биолошките) мајки. Мажите ќе станат рационални, логични и надарени за математика како што се денес жените. „Природната“ сила ќе биде многу повеќе ценета отколку денес, кога само стојат згрбавени над своите компјутери. Матријархатот не значи специфичен начин на живот, можат да постојат матријархати колку што сакаш, бидејќи животот

меѓу ривалските владејачки групации, воени диктаторства, интервенции од страна на суперсилите, зависност, мачење, масакри, депортации, исчезнувања, глад.

Централниот елемент на В договорот е директно насилство. Работната машина своите механизми на контрола ги распоредува отворено и без никакви пречки. Владејачките групи ја имаат задачата да ги изградат функционирањето, централизираните држави, а од таа причина сите племенски, традиционални, автономни, „назадни“ и „реакционерни“ тенденции и движења мора да бидат уништени. Често апсурдно дефинираните територии кои тие ги наследија од колонијалните сили мора да бидат трансформирани во „модерни“ национални држави. Планетарната работна машина не може да опстои без добро дефинирани, нормализирани и стабилни делови. Ова е смислата на денешното „прилагодување“ во Третиот свет, а за таа цел милиони мораат да умрат или да бидат депортирани.

Националната независност не го донесе крајот на несреќата и експлоатацијата. Таа само го прилагоди стариот колонијален систем на новите барања на Работната машина. Колонијализмот не беше доволно ефикасен. Машината имаше потреба од национални маски, ветувања за прогрес и модернизација за да ја придобие привремената согласност на В работниците. И покрај нереалната добра волја на многуте елити (на пр. Н'Крума, Њерере, итн.) развојот само го подготви теренот за нов напад на Работната машина, ги деморализира и разочара В масите.

За повеќето В работници, семејството е во центарот на нивниот договор, евентуално кланот, селото или племето. В работниците не можат да се потпрат на паричната економија, бидејќи наемната работа е ретка и мизерно платена. Државата не е во можност да додели социјални гаранции. Оттаму семејството е единствениот облик на минимална сигурност. Сепак, семејството во себе има спротивставен карактер: обезбедува сигурност меѓу успесите и падовите, но истовремено е

не за да се изгради подобро индустриско општество и да се разбере универзалното социјалистичко потрошувачко семејство на благосостојба, туку за да се остварат директни врски и односи на материјална размена меѓу земјоделците и градските занаетчии, за да се ослободиме од големата индустрија и држава. Б работниците сами нема да биадт способни да го остварат ова.

В договорот: Развој на несреќата

Пред индустриската Работна машина да го колонизира денешниот Трет свет, постоела сиромаштија. „Сиромаштија“: која значи дека луѓето поседувале неколку материјални добра и воопшто немале пари, иако сепак имале доволно за јадење, а сè што им било потребно за нивниот начин на живот им било достапно. „Богатството“ оригинално било „софтвер“. Богатството не било одредено од стварите и квантитетот туку од формите: митови, фестивали, бајки, манири, еротицизам, јазик, музика, танц, театар, итн. (исто така е евидентно дека начинот на кој „материјалните“ задоволства се согледуваат е определен од културната традиција и сфаќања). Работната машина уништи повеќе од аспектите на богатството на оваа „сиромаштија“, и на нејзино место ја постави несреќата.

Кога паричната економија ќе ја погоди сиромаштијата, резултатот е развој на несреќа, можеби дури и само „развој“. Развојот може да биде колонијалистички, независен (управуван од домородни елити или бирократии), социјалистички (државно капиталистички), приватно капиталистички, или некој микс од овие. Сепак, резултатот е секогаш ист: губење на локалните извори на храна, (жетвата на пари го заменува егзистенцијалното земјоделство), уценување на светскиот пазар (условите на тргување, продуктивните падови, „заемите“), осиромашување, репресија, граѓанска војна

секогаш ја изразува различноста. Улогите на мажите и жените можат да бидат артикулирани на безброј начини. (На овој начин нема да има забуни со традиционалните или фашистички поими на „херојско мајчинство“ или „женска нежност“). Сите можеме да бидеме чудовишта или светци – тоа не е поентата.

Матријархалната програма (Исламски: *umma*?) е жива во антиекономските движења на „неразумните“ работници низ целата планета. Нема потреба од пишување на современ Комунистички манифест. Наспроти Новите оградувања таа се залага за заедничка употреба на земјата од страна на оние кои работат или живеат на неа – „мајката“ земја не сака огради. Сè уште има доволно земја на ова планета за да ги исхрани сите – сè што ни е потребно е директен пристап на домаќинствата до неа. Но процесот на загадување, ерозија и уништување на земјата од страна на Машината е во тек. Движењата против „новата пазарна економија“ (во Источна Европа), „развојот“ или таканареченото „еколошко индустриско општество“ го истакнува убедувањето дека постои неизмерно богатство вон економијата на скудност. Постојат огромни потенцијали на општествена продуктивност кои се задушени од капиталистичката економија, затоа што капиталот ќе ја загуби контролата доколку ѝ дозволи да тече. Оттаму, правењето скудноста да е прифатлива е една од тактиките на Машината. Милиони тони храна се уништуваат секоја година, милијарди долари се фрлаат за војската, добрата попусто се трошат преку неефективна масовна дистribuција, стотици милиони работници се држат невработени; *faux frais* на централизираните системи се поголеми отколку нивниот употреблив производ.

Главната задача на економијата во овој момент се сотои во спречување на луѓето да направат нешто корисно. Наместо економија од обем, постојат големи арчења на обемите. Постои адекватна материјална основа за сите утопи што може да ги посакаме - *bolo'bolo* е само една од скромните предјаде-

ња. Но, се разбира, движењето што ја расклопува Машината не може да биде замислено само како линеарна акумулација на *bolo* (или слични) проекти. Поединечните *bolo* проекти понекогаш се возможни во привилегирани ситуации, и би можеле да ја одиграат улогата на организациски или културни центри внатре едно поопшто движење. Би било реакционерно да се претстават како изолирани острови на иднината.

Една од непосредните практични можности за користење на *bolo*-си би можеле да бидат движењата за апропријација на напуштени индустриски области. *Rustbelt* на напуштени или занемарени индустриски локации, складишта, пристанишни објекти, железнички области, итн., денес се простира од Калифорнија до Детроит, од Нова Англија до Стара Англија, од Централна и Источна Европа до Кина, па дури и Јапонија (помеѓу 30° и 60° северно). Овие области се често близу до метрополитенски центри, поврзани со речиси планетарни железнички пруги, а благодарение на општата криза во областа на недвижниот имот (на пр., пристанишната област во Лондон) реалистично достапни. Зошто да не се обидеме да создадеме планетарен синџир на *bolo* налик проекти во *rustbelt*-от со цел да го поткопаме Северот од внатре и да ги нападнеме неговите канџи на Југ? Проектите и контактите внатре *rustbelt*-от сигурно би придонеле кон погоре споменатата пролетерска геометрија. (Потребна ни е исто така и операција на чистење пред да можеме да ја започнеме ново-старата матријархална ера).

Доколку зборуваме за *bolo*-си денес, ние имплицитно се обидуваме да ги разбереме механизмите на структурна доминација на кои сме сега подложени. Ова станува особено јасно кога ќе ја земеме предвид предложената големина на *bolo*-сите (околу 500 луѓе). Некои критичари расправаа дека ова е многу големо, и дека заедниците со 30-50 луѓе би биле попрактични, а истовремено и полесни за брза реализација. Наместо целење кон автархија, поголемата

работеност, а отпуштањето тешко се остварува, Б работникот може релативно лесно да помине. Фабриките се преполнети, саботирањето е секојдневен настан, отсуството за купување, алкохолизам, работење на црната берза и други илегални бизниси се широко распространети. Б работниците се исто така и „официјално“ охрабрувани да не претеруваат бидејќи нема доволно потрошувачки добра, а оттаму и помалку стимулирани да работат подобро. На тој начин кругот на ниската продуктивност е затворен. Мизерноста на овој договор може да се согледа во продлабочената деморализираност, во миксот на алкохолизам, досада, семејни феуди, лижење газови за успех во кариерата.

Како што социјалистичките земји стануваат сè повеќе интегрирани во светскиот пазар, ниската продуктивност води до катастрофални последици; земјите од Б договорот можат да ги продаваат своите производи спуштајќи ги под пазарните цени, со што Б работниците се всушност искористувани во индустриските колонии со ниски примања. Неколкуте корисни произведени добра одат директно на Запад; нивната постојана отсутност во сопствените земји е дополнителна причина за гневот и фрустрацијата на Б работниците.

Неодамнешните настани во Полска (1981) покажуваат дека сè повеќе и повеќе Б работници го офрлаат социјалистичкиот договор. Разбирливо, постојат големи илузии во врска со потрошувачкото општество и можноста за негово достигнување преку државно економски средства. (Лех Валенса, на пример, беше воодушевен од јапонскиот модел). Многу луѓе во социјалистичките земји (Источна Германија, на пример) почнуваат да сфаќаат дека високо продуктивното потрошувачко општество е само уште еден вид несреќа, и секако не спас. Обете западни и социјалистички илузии се пред колапс. Вистинскиот избор не е меѓу капитализмот и социјализмот, бидејќи и двете алтернативи се понудени од страна на едната и единствена Машина. Наместо тоа ќе биде потребна нова „солидарност“,

мократска. Не постои вродена причина зошто социјализмот дури и во СССР еден ден не би станал демократски. Обликот на самата држава, сепак, значи диктаторство; прашање е само на степен колку демократски е организирана нејзината легитимност.)

Се соочуваме со Државата („нашата“ држава) како немоќни индивидуи, снабдени со „гаранции“ кои се само парчиња хартија и не засноваат никаков облик на директна општествена контрола. Сами сме, а нашата зависност од државната бирократија е само израз на нашата вистинска слабост. Во периоди на криза, неколку добри пријатели се многу поважни отколку нашето социјално осигурување или нашите штедни книшки. Државата значи лажна сигурност.

Во социјалистичките земји, каде што Б договорот постои во својот најчист облик, останува истиот систем на присила преку наемнина и работа како и на Запад. Ние сè уште работиме за истите економски цели. Нешто налик „социјалистички“ начин на живот, за кој прифаќањето на одредени жртви би можело да има смисла, не изникнува никаде; такво нешто не е планирано. Социјалистичките земји сè уште ги користат истите системи на мотивација како на Запад: модерното индустриско општество, „Западното“ потрошувачко општество, автомобили, телевизори, индивидуални станови, нуклеусно семејство, викендички, диско, Кока Кола, ексклузивни кројачи, итн. Како што нивото на продуктивност на овие земји останува релативно ниско, овие цели можат само делумно да бидат остварени. Б договорот е особено фрустрирачки, бидејќи претендира да оствари конзумерските идеали кој се далеку од неговите можности.

Но, се разбира, социјализмот не значи само фрустрација. Тој има вистински предности. Неговата продуктивност е ниска бидејќи работниците таму изразуваат релативно високи нивоа на контрола врз работните ритми, работните услови и стандардите на квалитет. Бидејќи не постои ризик од нев-

коопеарација меѓу овие мини *bolo*-си и соседства би требала да биде фаворизирана. Бројката од 500 сигурно не е магична, таа само опишува големина помеѓу 300 и 1.000 луѓе зависно од локалните услови и традиции. Додека заедниците од 50 луѓе се очигледно мали, и нужно зависни од дополнителни структури, единиците од 500 луѓе, наместо тоа, се од средна големина, и можат да бидат барем тактички самодоволни. Тие не се само осмислени заедници туку и организации од средна големина. Под сегашните услови, замисливо е дека тие би можеле да бидат основани во легална форма на здруженија или дури стокови корпорации. Нивниот „производ“ тогаш би се состоел од репродукција и гаранција на животот на нивните членови („вработени“). Политиката ќе биде во голем дел присутна во таквите единици; тие не постојат само за обезбедување интимност. За таа цел *bolo*-сите можат да бидат поделени во оние мини *bolo*-си или која било друга заедница (семејство, *kana*, кланови, итн.). Големината на проширено домаќинство од 500 членови е витална за обезбедување на цели серии на економии од обем, поделби на трудот, интернализирање на инаку економските функции. Постои и квалитетивен јаз некаде помеѓу 100 и 300 луѓе. Доколку одите под, да речеме, 300 луѓе, трампата или снабдувањето по пат на размена станува крајно напорно, бидејќи количината на поединечни пратки би била премногу мала во споредба со организациската работа потребна за тие да се изведат. (Прашајте го кој било управник на супермаркет!). Поделбата на работата (миење, готвење, набавка, услуги, грижа за децата, „материјален феминизам“, итн.) е витална за исплатливоста на самоуправувањето, како и за сигурноста дека членовите на заедницата ќе имаат корист од нивните сопствени придобивки на соработката. Исто така ќе го намали општествено потребниот труд. Со цел да се одржат нехиерархиски процеси на управување, голем дел од комуникациската работа мора да се извршува во комитети,

што значи дека е потребен голем базен полн со свежи „управници“ кои ќе ги заменат истрошените администратори. Малите единици претендираат да станат „структурно“ диктаторски поради комуникациски стрес. Уште повеќе што, единиците од 50 луѓе се општествено нестабилни и не можат да ја гарантираат благосостојбата на сите нивни членови доживотно. Би ни требале државни налик структури или осигурителни компании да се грижат за ова, и би завршиле со уште повеќе анонимни бирократски структури и повеќе ризици за структурна доминација отколку сега. Истото се однесува и на градски базираните *bolo*-си и нивните земјоделски ограноци. Би било големо беспотребно трошење на работа и енергија поврзувањето на малите фарми со подеднакво малите градски заедници. Или би можеле да се одрекнеме од директната размена и да се потпираме на продавници, заговори за храна и други „анонимни“ решенија кои, сепак, не би ни овозможиле да создадеме целина од културни вредности, општествен живот и производство на храна. (Ова е, сметам, важна матријархална карактеристика на големите *bolo*-си). Практичното искуство треба да покаже која големина навистина го прави едно домаќинство комунистичко; јас само сакам уште еднаш силно да застанам на страна на *bolo*-то од 500 луѓе. Се разбира, не постои никакво ограничување за кој било вид на соработка помеѓу *bolo*-сите. Но во големите *bolo*-си структурните ризици се помали, бидејќи има повеќе базичен суверенитет.

Други читатели поставија прашања како: зошто луѓето едносатвно не се соберат и живеат во *bolo*-си? Зошто не постои *bolo* движење? Зошто луѓето се дури и уплашени да живеат во *bolo*-си? (Јас не зборувам само за терминот „*bolo*“, се разбира, кој е целосно само за една употреба). Психолошките причини се доведени во прв план: ние сме толку навикнати да бидеме под грижа на нашата голема „мајка“ држава (или економија), што би биле уплашени да сме на отворено или во наши сопли, дури и против целите на Машината, но доколку делуваат само како А работници, нивниот бунт е секогаш делумен и одбранбен. Машината учи брзо. Секторскиот отпор секогаш значи пораз.

Б договорот: Исфрустриран од социјализмот

Б договорот е класичниот индустриски/работнички/државен договор. „Позитивните“ аспекти на овој договор (од работничка гледна точка) се гарантирани работни места, гарантирани примања, социјална сигурност. Можеме овој договор да го нарекуваме „социјализам“ бидејќи во својата најчиста форма се јавува во социјалистичките или комунистичките земји. Но Б договорот исто така постои во многу различни верзии во земјите на приватен капитал (Шведска, Велика Британија, Франција, па дури и во САД).

Во центарот на Б договорот е Државата. Споредено со анонимното диктаторство на пазарот и парите, централизираната држава се чини дека е способна да ни даде повеќе сигурност. Се чини дека го претставува општеството (т.е., нас) и општиот интерес, а преку нејзиното посредување многу Б работници се сметаат за свои сопствени шефови. Бидејќи државата присвојува витални функции насекаде (пензии, здравствени услуги, социјална сигурност, полиција), изгледа неопходна, а секој напад против неа лесно изгледа како самоубиство. Но, Државата навистина е само уште едно лице на Машината, не нејзино укинување. Како и пазарот, формира својата анонимност преку средства на масификација и изолација, но во овој случај тоа е Партијата (или партиите), бирократијата, административниот апарат, кои ја исполнуваат оваа задача. (Во овој контекст, не зборуваме за демократија или диктаторство. Социјалстичката држава всушност може да биде совршено де-

ти, неоштетените урбани средини, се уништени. И покрај големата преплавеност од добра, квалитетот на животот се стрмоглавува надолу. Нашиот живот стана стандардизиран, рационализиран, анонимизиран. Тие ја следат и ја крадат од нас секоја неокупирана секунда, секој неискористен квадратен метар. Тие ни нудат – на некои од нас – брзи одмори на егзотични места илјадници километри далеку, но во нашите секојдневни животи нашиот простор за маневрирање станува сè помал и помал.

За А работниците исто така, работата останува работа: губењето на енергија, стрес, нервозни тензии, крајни рокови, хистерично натпреварување, хиерархиска контрола и искористување. Никакви конзумерски добра не можат да ги надополнат дупките предизвикани од работа. Пасивност, изолација, инертност, празнина: тие не се лечат со нова електроника во становите, побеснети патувања, ебења без страст, пирамиди на моќ или дрога. А договорот е отров: неговата освета доаѓа во вид на депресија, рак, алергии, зависност, ментални проблеми и самоубиства. Под совршената шминка, зад фасадата на „општеството на благосостојба“, постојат само нови форми на човечка несреќа.

Оттаму, многу „привилегирани“ А работници бегаат на село, се вклучуваат во секти, се обидуваат да ја мамат Машината со магија, ориентални религии и други илузии на тајна моќ. Очајно се обидуваат да доведат некаква структура, значење и смисла назад во своите животи. Но порано или подоцна Машината ги фаќа своите бегалци и ги трансформира токму нивните облици на бунт во нов импулс на сопствениот развој. „Смислата“ брзо станува бизнис смисла.

Се разбира, А договорот не значи само несреќа. А работниците навистина имаат некои неспорни привилегии. Како група имаат пристап до сите добра, сите информации, сите планови и креативни можности на Машината. А работниците ја имаат шансата да го користат ова богатство за сопствени систвени *bolo*-си. (Стравот е вистински: *bolo*-сите не се само хотели за одморање или соседски асоцијации – тие значат вистински опстанок, живот или смрт). Сè уште покажуваме склоност повеќе да им веруваме на политичарите и економските водачи кои безброј пати ја докажаа својата комплетна неодговорност, сè уште ним им веруваме повеќе отколку на нас самите и нашата сопствена способност да ги земеме работите во свои раце. Претпоставувам дека единствено развојот на движења, на самоедуцирање преку правење, ќе биде можно да ги надмине овие „инфантилни“ илузии. Кога кризата на договорите ќе стане повеќе видлива, на сè повеќе работници ќе им стане јасно дека „таму надвор“ нема друга мајка. И покрај тоа, сега постојат бројни локални иницијативи за создавање „*bolo*-си“ од многу различни видови и функции. Но како што истакнав погоре, крајот на Машината не се состои само во градење *bolo*-а туку и активно одбивање на работа. Доколку некои од практичните предлози на *bolo*' *bolo* би требало да ја зајакнат самодовербата на овие движења – имено дека постои живот надвор од економијата – тие ја исполнуваат својата цел.

Се чини дека навидум „утописките“ предлози како *bolo*'*bolo* создаваат повеќе конфузија отколку што помагаат во објаснување на нештата. (Вистинската „утопија“ е капитализмот). Една од овие е идејата дека сите би требало да живеат во *bolo*-си. Можеби е доволно 60, 50 или 30% од луѓето да живеат во такви основни заедници за да ја разбијат фундаменталната моќ на Машината. Околу ова јадро многу други „системи“ – ергени/ки, семејства, капитализми, социјализми од различни видови, мали држави, феудални, азијатски или други модели на производство, традиционални племиња, итн., можат да најдат повеќе простор за отворање отколку денес. Штом канџите на центрите на Машината – во Северна Америка, Европа и Јапонија – бидат разбиени (кога историјата навистина ќе заврши), дури и раните фази во развитокот на Машината повеќе не можат да бидат опасни. Штом се отарасиме од (при-

нудниот) прогрес, униформноста на нивоата на производство станува неупотреблива. Различни времиња и епохи можат да коегзистираат. Дури и вистински економии на слободен пазар составени од партнери со споредливи почетни позиции би можеле да изникнат на некои чудни места, и на тој начин да ја остварат старата либерална утопија за првпат во историјата. Сите овие необичности не претставуваат искушение за силните основни структури изградени на самодоволност. Она што го имаме на ум не е „следното ниво“, туку скратен пат преку трупа.

Одреден број на читатели на *bolo'bolo* беа збунети или иритарани од ироничниот или злокобен тон на некои делови. Некои од попрактичните предлози навистина не треба да се сфатат буквално (имено оние за *ibu*, *taku*, *nugo*, *yaka*). Тие повеќе се илустрации отколку инструкции. Понекогаш беше валканиот жанр на „утопија“ тој кој ме испровоцира да правам безбожнички шеги. Но, се разбира, јас сум сериозен. А и вие можете да бидете исто толку сериозни – или не – како сакате.

Додека се прават некои потребни адаптации на ова извинување, го оставам ова издание на *bolo'bolo* во неговата оригинална форма (1983) со доверба дека читателот ќе направи понатамошни ускладувања и ќе го интерпретира текстот според основните намери на писателот…

Сакам да ја искористам оваа можност на ова „извинување“ за англиското издание (навистина жалам) за да им се заблагодарам на сите разочарани *bolo*-исти и сите познати и непознати конспиратори на сите континенти за нивната помош во преведување, издавање и дистрibuирање на *bolo'bolo*. Во изминативе години се појави на најнеочекувани места и општествени кругови. Во скромни размери се чини дека *bolo' bolo* стана еден вид пасош за многуте членови на светски распространетата антиекономска лига. Оригнилано објавена во 1983 на германски, *bolo'bolo* е преведена на француски, италијански, холандски, португалски и руски. Некои делови беа објаснати

на внатрешна поделеност и заемна одбивност е во распаѓање. Одбивноста ѝ се враќа назад на Машината.

А договорот: Незадоволен со потрошувачкото општество

Што го сочинува А договорот? Стекови, добри музички системи, сурфање, Chivas Regal, Таи чи, Акапулко, Nouvelle Cuisine, Кока Кола, скијање, екслузивни диска, Алфа Ромеа. Ова најдобрата понуда на Машината?

Но што со оние утра додека се патува на работа? Изненадната наезда на бес, гадење, очај? Зошто да не се обидеме да се соочиме со чудната празнина, во слободните мигови меѓу работата и конзумирањето, додека чекаме, сфаќаме дека времето едноставно не е наше. Машината соодветно е уплашена од тие мигови. Исто и ние. Оттаму постојано сме под тензија, зафатени, гледајќи напред и барајќи нешто. Надежта по себе нè одржува во ред. Наутро мислиме на викендот, го поткрепуваме секојдневниот живот преку планирање на следниот одмор од него. На овој начин сме имунизирани од реалноста, вкочанети од губитокот на нашите енергии. Секогаш сме на друго место.

А договорот не стана горчлив (или подобро: изразито горчлив) од причина што недостига квантитет или разновидност на потрошувачки добра. Меѓутоа, масовното производство го униформира нивниот квалитет, а фасцинацијата од нивната „новост“ дефинитивно исчезна. Месото стана некако бесвкусно, зеленчукот водлест, млекото прерасна во процесуирана бела течност. Телевизијата е смртно глупава, возењето не е повеќе пријатно, населбите се или бучни и преполни и небезбедни, или напуштени и небезбедни. Истовремено, навистина добрите нешта, како природата, традициите, општествените односи, културните идентите-

вееме живот кој очигледно не го сакаме? Кои се предностите кои прават да истраеме во нашето незадоволство?

Три договори во криза

Контрадикторностите кои овозможуваат Машината да се движи се истовремено и внатрешни контрадикторности на секој работник, тие се наши контрадикторности. Се разбира, Машината „знае“ дека ние не го сакаме овој живот, и дека не е доволно само да се задушат нашите желби. Доколку беше заснована само на репресија, продуктивноста ќе беше ниска а цената на надгледување многу висока. Затоа ропството беше укинато. Во стварноста, една половина од нас го прифаќа договорот на Машината, а другата половина се бунтува против него.

Машината навистина има нешто да понуди. Ние ѝ даваме дел од нашето животно време, но не целото. За возврат, таа ни дава одредена количина добра, но не толку колку што сакаме и не токму она што го сакаме. Секој вид на работник има свој договор, и секој работник прави уште еден свој екстра договор, зависно од специфичната работа што ја има и од специфичната ситуација. Бидејќи секој смета дека е подобар од некој друг (секогаш има некој полош), секој се држи до својот договор, неверувајќи им на сите промени. Значи внатрешната инертност на Машината ја заштитува од реформи и револуции.

Единствено доколку договорот стане премногу нееднаков можат да се јават незадоволство и спремност да се промени ситуацијата. Сегашната криза, која е видлива во најголема мера на економско ниво, е предизвикана од фактот дека сите договори што Машината има да ги понуди се станати неприфатливи. А, Б и В работниците протестираа неодамна, секој на свој посебен начин, против соодветните договори. Не само сиромашните, туку и богатите, се незадоволни. Механизмот

вени на јапонски и кинески. Најголемиот дел од оваа работа беше волонтерски, а „профитабилните“ верзии (како германската, со шест изданија) помогнаа да се платат строго дефицитните потфати (како рускиот превод). Понатамошни преводи се добродојдени – само стапете во контакт со Semiotext(e)/Autonomedia.

Свежи предвидувања за крајот на привремената патријархална аномалија не се во ред. Но што велите за рандеву во 2001, танцувајќи на урнатините на Планетарната работна машина? Испратете ги само вашите предлози за датум, место и мелодии на Semiotext(e)/Autonomedia.

П. М.

Кога сонуваш сам, сонот е само сон.

Кога сонувате заедно, сонот станува стварност.

(Бразилска народна песна)

Тежок мамурлук

Животот на оваа планета не е толку пријатен колку што би можел да биде. Нешто очигледно се расипало на spaceship Земјата, но што? Можеби била фундаментална грешка кога природата (или што/кој било) произлегла со идејата „Човек“. Зошто едно животно да оди на две нозе и да мисли? Изгледа дека немаме многу избор околу тоа; мораме да се соочиме со оваа грешка на природата, со нас самите. Грешките се прават со цел да се учи од нив.

Во предисториско време се чини дека нашиот договор не бил толку лош. За време на старото камено доба (пред 50.000 години) бевме малкумина, храната (играта и растенијата) беше изобилна, а опстанокот бараше само малку работно време и скромни напори. За собирање корени, овошје или капини (не заборавајте ги печурките) и за убивање (или уште полесно, фаќање во замки) зајаци, кенгури, риби, птици или елени, трошевме околи два до три часа дневно. Во нашите кампови го делевме месото и зеленчукот а во остатокот време уживавме спиејќи, сонувајќи, капејќи се, водејќи љубов или раскажувајќи приказни. Некои од нас се посветија на сликање по ѕидовите на пештерите, резбарење коски или дрва, пронаоѓајќи нови замки или песни. Талкавме (во ритам со нашите песни) низ земјата во банди од околу 25, со што помалку багаж и сопственост. Ги претпочитавме најблагите клими, како оние во Африка, и не постоеше „цивилизација“ да не истурка во пустините, тундрите или планините. Старото камено доба мора да било добар договор доколку им веруваме на неодамнешните антрополошки пронајдоци. Тоа е причината зошто

Моќта на Машината, нејзиниот контролен механизам, е заснован на намамување на различните видови работници едни против други. Високите примања и привилегии не се доделуваат затоа што Машината има посебна склоност кон одреден вид на посебни работници. Општествената стратификација се користи за одржување на целиот систем. Трите вида на работници учат да се плашат едни од други. Тие се одржуваат поделени преку предрасуди, расизам, љубомора, политички идеологии, економски интереси. А и Б работниците се плашат да го изгубат својот висок стандард на живот, своите автомобили, своите куќи, своите работни места. Во исто време, тие постојано се жалат на стрес и вознемиреност, и им завидуваат на во споредба безделничните В работници. В работниците пак, од своја страна сонуваат за луксузни потрошувачки добра, стабилни работни места, и она што тие го сфаќаат како лесен живот. Сите овие поделби се искористуваат на различни начини од страна на Машината.

На Машината дури повеќе не и е потребна ниту владејачка класа за да ја одржи својата моќ. Приватните капиталисти, буржоазијата, аристократијата, шефовите од сите видови се ништо повеќе од остатоци, без некакво решавачко влијание врз материјалното извршување на моќта. Машината може без капиталисти и сопственици, како што покажуваат примерите на социјалистичките држави, државните организации на Запад и акционерските друштва. Овие релативно ретки дебели мачки не се вистинскиот проблем. Вистинските угнетувачки органи на Машината се контролирани единствено од други работници: цајкани, војници, бирократи. Ние секогаш сме соочени со погодни метаморфози на нашиот сопствен вид.

Планетарната работна машина е машинерија која е составена од луѓе спротивставени едни на други; сите ние го гарантираме нејзиното функционирање. Значи едно од првите прашање е: тогаш зошто ја трпиме? Зошто прифаќаме да жи-

белци, и добро платени. Добар пример би биле компјутерските инженери.

Б) Земјоделско/Индустриски работници и вработени во сè уште не „деиндустријализираните“ области, во земјите „во развој“, социјалистичките земји: умерено или лошо платени, мажи или жени, со широк спектар на квалификации. На пример, работниците на производна лента во автомобилската индустрија, работниците на производна лента во електронската индустрија (жени).

В) Непостојани работници, кои осцилираат меѓу мали земјоделски и сезонски работи, услужните работници, домаќинките, невработените, криминалците, бедните проститутки, оние со неродовни примања. Во најголема мера жени и небелци во метрополитенските дупки од Третиот свет, овие луѓе постојано живеат на работ на гладување.

Сите овие видови работници се присутни во сите делови на светот, но во различни размери. И покрај тоа, можно е да се разграничат три зони со типично високи размери на овие соодветни видови работници:

А Работници во напредните индустриски (западни) земји, во САД, Европа, Јапонија.

Б Работници во социјалситичките земји или ново индустријализираните земји, во СССР, Источна Европа, Тајван, Јужна Кореја, итн.

В Работници од Третиот свет, земјоделските и „неразвиени“ делови на Африка, Азија и Јужна Америка, и во урбаните дупки насекаде.

„Трите света“ се присутни секаде. Во Њујорк постојат населби кои можат да се сметаат за дел од Третиот свет. Во Бразил постојат главни индустриски зони. Во социјалистичките земји постојат цврсти елементи од А вид. Но сепак постои истакната разлика помеѓу САД и Боливија, Шведска и Лаос, и така натаму.

заглавивме во него неколку стотици илјади години – долг и среќен период во споредба со 200-те години на сегашниот индустриски кошмар.

Потоа некој мора да почнал да си игра со семиња и растенија и го пронашол земјоделството. Се чинеше како добра идеја: не моравме повеќе да одиме далеку за да имаме зеленчук. Но животот стана покомплициран и порестриктивен. Моравме да остануваме на истото место по неколку месеци, да го чуваме семето за следната сеидба, да ја планираме и организираме работата во полињата. Жетвата исто така мораше да биде бранета од нашите номадски братучеди ловци-собирачи, кои упорно инсистираа дека сè припаѓа на секого. Се појавија конфликтите меѓу фармерите, ловците и одгледувачите на добиток. Моравме да им објаснуваме на другите дека ние сме „работеле“ за да ги акумулираме нашите резерви храна, а тие ниту имаа збор за „работа“. Со планирањето, складирањето храна, одбраната, оградите, организацијата и нужноста од самодисциплина ги отворивме вратите на специјализирани општествени организми како свештенство, шефови и армија. Создадовме религии на плодноста со ритуали со цел да го задржиме нашето убедување за нашиот ново избран начин на живот. Искушението за враќање на слободниот живот на ловци-собирачи мора отсекогаш да претставувало закана. Дали бил патријархат или матријархат, ние бевме на патот кон државност. (спореди фуснота 2)

Со појавата на античките цивилизации во Месопотамија, Индија, Кина и Египет, рамнотежата меѓу човекот и природните ресурси беше дефинитивно уништена. Идното расипување на нашиот вселенски брод беше програмирано. Централизираните организми развија сопствена динамика; ние станавме жртви на сопствените креации. Наместо два часа дневно, работевме десет и повеќе часови на полињата и градежните терени на фараоните и царевите. Умиравме во нивните војни, бевме депортирани како робови кога им бевме потреб-

ни за тоа. Оние кои се обидоа да ја вратат својата поранешна слобода беа измачувани, осакатувани, распнувани.

Со почетокот на индустријализацијата, работите не се подобрија. За да ги задушат селанските бунтувања и зголемената независност на занаетчиите во градовите, го воведоа фабричкиот систем. Наместо аргати и камшици, користеа машини. Ни ги диктираа нашите работни ритами, автоматски нè казнуваа со несреќи, држеа под контрола во големи хали. Уште еднаш „прогресот“ значеше повеќе работа под сè пострашни услови. Од 1.440 работни часови во 1300 г. работата порасна на 3.650 во 1850 г. – во 1987 г. беше 2.152 и сè уште расте (фуснота 2). Целото општество и целата планета беа претворени во една голема Работна машина. А оваа Работна машина беше истовремено Воена машина за секого, однадвор или одвнатре, кој се осмелуваше да ѝ се спротиставі. Војната стана индустриска, исто како и работата; навистина, мирот и работата никогаш не биле компатибилни. Не можете да прифатите да бидете уништени со работа и да ја спречите машината која ја создадовте да убива други. Не можете да ја одбиете сопствената слобода а да не ја загрозите слободата на другите. Војната стана универзална колку и работата.

Раната Работна машина произведе силни илузии на „подобра иднина“. После сè, доколку сегашноста е толку несреќна, иднината мора да биде подобра. Дури и организациите на работничката класа станаа убедени дека индустријализацијата ќе ги постави основите на општество на поголема слобода, повеќе слободно време, повеќе задоволства. Утописти, социјалисти и комунисти веруваа во индустријата. Маркс сметаше дека со нејзина помош луѓето ќе можат да ловат, пишуваат поезија, и повторно уживаат во животот. (Зошто големото заобиколување?) Ленин, Сталин, Кастро и Мао, и сите останати бараа повеќе Жртвување за да се изгради новото општество. Но дури и социјализмот се покажа како уште еден трик на Работната машина, проширувајќи ја својата моќ врз области

Трите суштински елементи на Машината

Проучувајќи ја Машината одблизу, можеме да увидиме три суштински функции, три компоненти на меѓународната работна сила, и три „договори“ кои Машината ги нуди на различни фракции од нас. Овие три функции можат да бидат карактеризирани на овој начин:

А) Информации: планирање, дизајнирање, водење, управување, наука, комуникации, политика, производство на идеи, идеолошки религии, уметност, итн.; колективниот мозок и нервниот систем на Машината.

Б) Производство: индустриско и земјоделско производство на добра, изведба на плановите, фрагментирана работа, циркулација на енергија.

В) Репродукција: производство и одржување на А, Б и В работниците, правење деца, образование, домаќинска работа, услуги, забава, правда, секс, рекреација, медицинска грижа, итн.

Сите овие три функции се суштински за функционирањето на Машината. Доколку една од нив не успее да ја извршува својата задача, таа порано или подоцна ќе биде парализирана. Врз основа на овие три функции, Машината има создадено три вида на работници кои ги извршуваат. Тие се поделени според нивните примања, привилегии, образование, општествен статус, итн.

А) Технички/Интелектуални работници во напредните (западни) индустриски земји: високо квалификувани, претежно

нема индустрија, ние „произведуваме“ евтина работна сила за извоз во индустриските зони. Африка произведуваше робови за Америките, Турција произведува работници за Германија, Пакистан за Кувајт, Гана за Нигерија, Мароко за Франција, Мексико за САД. Недопрените области можат да се користат како пејзажи за меѓународниот туристички бизнис: Индијанци во резервати, Полинезијци, Балинезијци, Аборицини. Оние кои се обидуваат да излезат од Машината ја исполнуваат функцијата на питорескни „аутсајдери“ (скитници, хипици, јоги). Сè додека постои Машината, ние сме во неа. Таа ги дезинтегрира или осакати речиси сите традиционални општества или ги доведе во деморализирачки одбранбени состојби. Доколку се обидете да се повлечете во „напуштена“ долина со цел тивко да живеете преку некое егзистенцијално фармерство, можете да бидете сигурни дека ќе ве пронајде даночниот извршител, некој кој работи за локалниот регрутен центар, или од полицијата. Со своите пипки, Машината може да допре до буквално секое место на оваа планета за само неколку часа. Ниту во најдалечните делови на пустината Гоби не можете да биде сигурни од надгледувачки гомна.

каде што приватниот капитал не можел или не сакал да оди. Работната машина не се грижи дали е управувана од транснационални корпорации или државни бирократии, нејзината цел е иста насекаде: да го украде нашето време за да може да го украде времето на следната генерација.

Индустриската Работа и Воената машина дефинитивно ја уништија spaceship земјата и нејзината предвидлива иднина: мебелот (џунглите, шумите, езерата, морињата) се распарчени на парчиња; нашите другари во игра (китовите, желките, тигрите, орловите) се истребени или загрозени; воздухот (смог, кисели дождови, озон, индустриски испусни гасови) смрди и го изгубил сето чувство на баланс; оставите (фосилни горива, јаглен, метали, вода) се празнат; целосно самоуништување (нуклеарен холокауст) е она што се подготвува. Не сме способни ниту да дистрibuираме доволно харана на сите патнции на ова оскатено летало. Станати сме толку нервозни и раздразливи што сме спремни на најстрашните националистички, расни и религиозни војни. За многумина од нас, нуклеарниот холокауст повеќе не е закана, туку добредојдено избавување од стравот, досадата, угнетувањето и ринтањето.

Три илјади години цивилизација и 200 години забрзан индустриски прогрес нè оставија со тежок мамурлук. „Економијата“ стана цел самата на себе, а ние само што не сме проголтани од неа. Овој хотел ги тероризира своите гости. Дури и кога сме гости и домаќини во исто време.

Планетарната работна машина

Името на чудовиштето кое го оставивме да расте и кое ја држи планетата во своите стеги е: Планетарна работна машина. Доколку сакаме да го трансформираме нашиот вселенски брод повторно да биде пријатно место, мораме да ја расклопиме оваа Машина, да ја поправиме штетата која таа ја предизвика, и да се согласиме за некои основни работи околу новиот почеток. Значи, нашето прво прашање мора да биде: како Планетарната работна машина успева да не контролира? Како е организирана? Кои се нејзините механизми и како можат да бидат уништени?

Таа е Планетарна машина: јаде во Африка, вари во Азија, а сере во Европа. Планирана и регулирана е од меѓународни компании, банкарскиот систем, кругот на гориво, суровини и останати добра. Постојат многу илузии околу нациите, државите, блоковите, Првите, Вторите, Третите или Четврти светови, но овие се само мали поделби, делови од истата машинерија. Се разбира, постојат далечни колца и трансмисии кои употребуваат притисок, тензии, меѓусебно несогласување. Машината е изградена врз сопствените контрадикторности: работници/капитал; приватен капитал/државен капитал (капитализам/социјализам); развиеност/неразвиеност; мизерија/трошење; војна/мир; жени/мажи; итн. Машината не е хомогена структура; таа ги користи сопствените контрадикторности за да ја прошири својата контрола и за да ги подобри своите инструменти. За разлика од фашистичките или теократските системи или како во Орвеловата *1984*, Работната машина дозволува „разумен“ степен на отпор, немир, провокација и бунт. Таа ги вари синдикатите, радикалните партии, протестните движења, демонстрациите и демократските промени на режими. Доколку демократијата на функционира, таа користи диктаторство. Доколку нејзината легитимност е во криза, таа има затвори, мачења и кампови во резерва. Сите овие модалитети не се суштествени за разбирање на функционирањето на Машината.

Принципот кој владее со сите активности на Машината е економијата. Но што е економијата? Безлична индиректна размена на кристализирано животно време. Го трошиш своето време да произведеш некој дел, кој го користи некој друг кој не го познаваш, да состави некоја направа која е, пак, купена од страна на некој друг, кој не го познаваш, за цели кои се непознати за тебе. Кругот на овие парчиња од живот е регулиран во согласност со работното време инвестирано во неговите суровини, неговото производство и во тебе. Мерното средство се парите. Оние кои произведуваат и разменуваат немаат контрола над нивниот заеднички производ, па оттаму може да се случи бунтовните работници да бидат застрелани со истите пушки кои помогнале да се произведат. Секое парче стока е оружје вперено против нас, секој супермаркет арсенал, секоја фабрика бојно поле. Ова е механизмот на Работната машина: подели го општеството во изолирани индивидуи, уценувај ги засебно со плати или насилство, користи го нивното работно време според својот план. Економијата значи: експанзија на контрола од страна на Машината врз нејзините делови, правејќи ги деловите сè повеќе и повеќе зависни од самата Машина. Сите ние сме дел од Планетарната работна машина, ние сме машината. Ја претставуваме еден против друг. Без оглед дали сме развиени или не, платени или не, дали работиме самостојно или како вработени, ние им служиме на нејзините цели. Каде што

Исто така, можно е одредени *bolo*-си да трансформираат болест или „дефект“ во елемент на нивниот културен идентитет. Слепилото може да стане начин на живот за едно *bolo* каде што сè е посебно подготвено за слепи лица. Слепите *bolo*-си и хендикепираните *bolo*-си би можеле и да се комбинираат, или би можеле да постојат глувонеми *bolo*-си каде што сите комуницираат преку јазик на знаци. Можеби ќе има „луди“ *bolo*-си, дијабетес-*bolo*-си, епилептичарски-*bolo*-си, крвави-*bolo*-си, итн. Можеби и не.

Додека *bolo*-сите, што се однесува до основната здравствена помош, можат во голема мера да бидат самоодржливи, тие имаат потреба од поспецијализирани институции за посебни случаи. За итни случаи, тешки несреќи, комплицирани болести и за превенција на епидемии, ќе постои класифициран медицински систем кој ги содржи и најнапредните медицински технологии. На ниво на градовите (*fudo*) или регионите (*sumi*) *ibu*-сите ќе имаат пристап до напредна здравствена грижа. Вкупните трошоци за здравствена заштита несомнено ќе бидат многу помали отколку оние денес. Во ретките итни случаи, амбулантните коли, хеликоптерите и авионите ќе бидат многу побрзи отколку во сегашниот систем, а не постои причина зошто не би се употребувале.

Постојат добри шанси дека *ibu*-сите ќе имаат подобро здравје отколку ние денес. Но нема да постои официјална медицинска дефиниција за здравјето, а долговечноста нема да би-

нивоа на општествена размена и комуникација. Каде што сè поголемите алергии индицираат на востание против побарувачката на постојана „подготвеност“ за контакти, бунтот на преоптоварените општествени терминали, коишто се уништуваат преку претерана одбрана, СИДА-та е колапсот на останатите терминали коишто биле едноставно премногу подготвени да „учествуваат“ и коишто не можеле да ги издржат надворешните удари. И прекумерната комуникација и недоволната комуникација се деструктивни. Во одредена смисла (а земајќи ги предвид сите еколошки и економски ефекти) примарните општествени единици како *bolo*-сите се исто така одговор на алергиите и недостигот на имунитет.

ки предуслов на индустријата за оружје, сексуалноста може да биде претворена во стока за широка потрошувачка, итн. Во основа, не постои идеја или желба која не може да биде претворена во стока, но како стока таа секако станува редуцирана и осакатена, а вистинските потреби и желби се насочени кон нешто друго. Одредени потреби особено се несоодветни за масовно производство: пред сè, автентично, лично искуство. Комодификацијата само делумно е успешна, а сè повеќе и повеќе луѓе се свесни за „останатото“. Успехот на движењата за заштита на околината, на мировните движења, на етничките или регионалните движења, на одредени облици на нова „религиозност“ (прогресивни или пацифистички цркви), на хомосексуалните субкултури, веројатно се должи на овие недостатоци. Секаде каде што се откриваат или создаваат идентитетите кои се наоѓаат надвор од логиката на економијата, можат да се пронајдат АБВ врски. „Приговарачи на војната“, интелектуалци, дуќанџии, жени и мажи се сретнуваат. Хомосексуалците се здружуваат без оглед на работниот идентитет. Навахо Индијанците, Баскијците, Ерменците се борат заедно; еден вид на „нов национализам“ или регионализам, ги надминува работните и образовните бариери. Црната Мадона од Ченстохова придонесе за обединување на Полските фармери, интелектуалци и работници. Не е случајно што во последно време, речиси ексклузивно, ваквиот вид на здружување им дава сила на движењата. Оваа моќ на втемелување е заснована на размножувањето на АБВ средбите кои беа возможни во нивни рамки. Една од првите реакции на Машината секогаш била да ги изигра еден против друг елементите на овие средби, повторно етаблирајќи го стариот механизам на заемна одбивност. Горе споменатите движења единствено произведоа вештачки или краткотрајни dysco-а. Во повеќето случаи, различните видови се допреа само во неколку прилики, а потоа се повлекоа назад во својата секојдневна поделба како и порано. Тие создадоа повеќе митологии отколку реалности. Со цел

да постојат подолго и да извршат значајно влијание, тие треба да можат да ги исполнуваат секојдневните задачи надвор од Машината, како и да ја вклучат конструктивната страна на втемелувањето. Тие треба да се обидат во организирањето заемна помош, размена без пари, на услуги, конкретни културни функции во соседствата. Во овој контекст, тие би требало да станат учесници во *bolos*-и, во договори за трампа, во независни залихи на храна, итн. Идеологиите (или религиите) не се доволно силни да ги надминат бариерите како приходи, образование, позиции. АБВ видовите мора да се спогодуваат меѓусебно во секојдневниот живот. Мора да бидат достигнати одредени нивоа на самоодржливост, на независност од државата и економијата за да се стабилизираат таквите dysco врски. Не можеш да работиш 40 часа неделно и сè уште да имаш енергија за иницијативи во заедницата. АБВ врските не можат да бидат само културни декорации, тие морат да бидат способни да заменат барем мал дел од прачните примања, со цел да добијат повеќе време. Како овие АБВ врски практично ќе изгледаат, може да се открие само на практично ниво. Можеби ќе бидат маалски центри, конспирации за храна, земјоделски/занаетчиски размени, улични заедници, комуни, клубови, размена на услуги, енергетски задруги, јавни бањи, автомобилски здруженија, итн. Сите видови на точки на сретнување – здружувајќи ги сите три вида работнции врз основа на заеднички интереси – се возможни во АБВ- dyscoата.

Тоталитетот на таквите АБВ врски ја дезинтегрира Машината, произведувајќи нови сплетови, одржувајќи во движење секакви видови невидливи движења. Различност, невидливост, флексибилност, отсуство на имиња, знамиња или етикети, одбивање на гордоста или честа, избегнување на политичко однесување и обидите за „претставување“ можат да ги заштитат таквите врски од очите и рацете на Машината. Инфирмациите, искуствата и практичните инструменти мо-

Секое *bolo* ќе може само да ги лекува лесните рани и честите болести. Може да постави сопствена *bolo*-клиника и состави постојан тим од искусни *ibu*-си кои се достапни. (Вчудовидувачки, во повеќето напредни индустриски земји има еден доктор на цирка 500 лица!). Може да има посебни соби за лечење, аптека која ги има 200-те, или слично, најчести лекови, неколку кревети, прва помош и посебни средства за превоз. Во целина, здравствената заштита ќе биде побрза и подобра од денес, затоа што никој не е оставен сам и заборавен.

Во *bolo,* болните и здравите *ibu*-си не живеат одделни животи (сите *ibu*-си се повеќе или помалку болни или здрави). Неподвижните пациенти, хронично болните лица, постарите, родилките, ментално болните лица, инвалидите, хендикапираните, итн., можат да останат во своето *bolo* и нема да мора да бидат изолирани во институции. Концентрирањето и изолирањето лица неспособни за работа (што е нашата оперативна дефиниција за болест) во болници, старечки домови, психијатриски болници, поправни домови, итн., е другиот аспект на слабост на нуклеусното семејство, оној кој ја рационализира поделбата меѓу работа и домаќинство. Дури и децата стануваат проблем за него.[15]

[15] Најдраматичната последица на нашиот систем за здравствена заштита, каде што и семејствата (или нивните основи) и големите институции не успеваат, може да биде согледана во несреќата на пациентите заболени од СИДА. Непотребно е да се спомене дека *bolo*-сите би биле идеални места за згрижување на пациенти заболени од СИДА, за споделување на работата и за одржување на овие пациенти да останат интегрирани во животот. Ова не значи дека јас препорачувам да ги „чекаме“ *bolo*-сите и дотогаш нив да ги оставиме сами. Напротив. Би можело да биде од помош да се мотивираат некои луѓе да учествуваат во проектите поврзани со СИДА, знаејќи дека трудот на заедницата кон нив би можеле исто така да бидат согледани како вид на основа која ги антиципира токму *bolo* налик односите. (Всушност, една од неколкуте навистина постоечки *bolo* налик заедници за коишто досега сум слушнал, беше колонија на лепрозните во Нигерија...). Како и нејзината копија – алергиите – СИДА-та се чини дека е еден од симптомите на масифицирано општество на кое му недостасуваат урамнотежени

моралноста, вистината, итн., дефиницијата на „добросостојба“ се разликува во зависност од културниот бекграунд. Доколку некои *ibu*-си изберат ритуални осакатувања или убави лузни, никој нема да се обиде да ги спречи. Општите поделби меѓу „нормалното“ и „лудото“ ќе бидат невозможни. *bolo*-сите истоа така ќе одлучат кои лекови ги сметаат за пригодни во контекст со нивниот начин на живот.[14]

[14] Војна и лекови, насилство и болест, смрт однадвор и однатре: се чини дека ова се апсолутните граници на нашето сегашно постоење. Ние се плашиме од „другите“ како што се плашиме од своите тела. (Ксенофобијата и „егофобијата“ се едно исто). И токму затоа нашата доверба ја ставаме во рацете на соодветни експерти и науки. Бидејќи сме станале неспособни да ги разбереме знаците на своето тело (болка, болест, сите видови на „симптоми“), медицината сега е последната наука со повеќе или помалку неповредена легитимност. Практично секој технолошки скок (со најкатастрофални импликации) е оправуван со можната медицинска употреба (нуклерана енергија, компјутери, хемија, авијација, вселенски програми, итн.). Животот е претставен како апсолут, идеолошки и културно независна вредност. Дури и најбруталниот тоталитарен режим којшто е способен да го продолжи средното очекувано траење на животот на својот народ добива поени. Сè додека не сме способни да го разбереме нашето тело, да се справиме со него врз основа на нашиот сопствен културен идентитет, ќе бидеме зависни од диктатурата на медицината, од класата свештеници кои буквално можат да ги дефинираат сите детали на нашите животи. Меѓу сите институции, болниците се најтоталитарни, најхиерархиски, најзастрашувачки. Доколку животот (во биомедицинска смисла) е нашата главна вредност, би требало да градиме големи медицински комплекси, инсталираме опрема за интензивен третман во секој стан, обезбедиме банки на вештачки органи, машини за одржување на животот, итн. Овие индустриски напори би можеле да ја проголтаат целата наша енергија и време: би можеле да станеме робови на оптималниот опстанок. Културата исто така е облик за справување со смртта – градењето пирамиди наместо болници (Египќаните не биле едноставно луди). Гробишта, светилишта за предците, погреби, овие не се само трошење на енергија и материјал: тие спасуваат животи (наспроти животната индустрија). Доколку не сме способни да ја прифатиме смртта во еден или друг облик, ќе продолжиме да убиваме или да бидеме убивани. (Не можете истовремено да бидете за „живот“ и против нуклеарниот холокауст).

жат да бидат споделувани на овој начин. АБВ- dysco врските можат да бидат лаборатории за нови, чудесни и изненадувачки облици на акција, можат да ги користат сите три функции и соодветните dys-функции на Машината. Дури и мозокот на Машината нема пристап до ова богатство на информации, затоа што мора да го одржува поделено самото мислење за себе (принципот на споделена одговорност и компетентност). АБВ- dysco-ата не се ниту партија, дури ниту некој вид на движење, коалиција или заштитна организација. Тие едноставно се самите себе, кумулација на нивните поединечни ефекти. Тие можат да се пресретнуваат во јасно одредено масовно движење, тестирајчи ја својата сила и реакцијата на Машината, а потоа повторно исчезнувајќи во секојдневниот живот. Тие ги комбинираат своите сили онаму каде што се сретнуваат во практични задачи. Тие не се анти-Machine движење, но тие се содржината и материјалната основа за уништување на Машината.

Со оглед на нивната свесна неорганизираност, АБВ врските се секогаш способни да создаваат изненадувања. Изненадувањето е витално, бидејќи ние, соочени со Машината, сме во фундаментално подредена положба што не може лесно да се надмине: секогаш можеме да бидеме уценувани со постојаните закани за смрт или самоубиство изговорени од Планетарната машина. Не може да се одрече дека герилското војување како средство за субверзија може да биде неопходно во одредени услови (онаму каде што Машината е веќе ангажирана во убивање). Колку повеќе има АБВ врски, мрежи и ткива, инстинктот на смрт на Машината е сè повеќе буден. Но доколку мораме да се соочиме со Машината со херојизам и спремност на жртвување, тоа е веќе дел од нашиот пораз. На одреден начин, мораме да го прифатиме уценувањето на Машината. Секогаш кога Машината ќе започне да убива, мораме да се повлечеме. Не треба да ја плашиме; мора да умре во момент кога најмалку се сомнева. Ова звучи дефетистички, но тоа е една

од лекциите која мора да ја научиме од Чиле, од Полска, од Гренада. Кога борбата ќе може да го достигне нивото на вклучување на војската и полицијата, ние ќе бидеме пред пораз. Или, ако победиме, токму нашата полиција и војска ќе бидат тие што победиле, не ние; ќе завршиме со оние добро познати „револуционерни“ воени диктаторства. Кога Машината ќе започне со сурово убивање, ние очигледно сме направиле грешка. Не смееме никогаш да заборавиме дека ние сме исто така оние кои пукаат. Ние никогаш не се соочуваме со непријателот, ние сме непријателот. Овој факт нема никаква врска со идеологиите на ненасилство; најнасилните идеологии често се воздржуваат од убивање. Правењето штета на Машината и насилството не се нужно поврзани. Меѓутоа, немаме ниту корист од тоа да ставаме цвеќиња на реверите на униформите, или да застраниме од нашиот пат и да бидеме фини кон полицијата. Тие не можат да бидат измамени со лажен симболизам, аргументи или идеологии, тие се како нас. Сепак, можеби цајканот има добри соседи, можеби генералот е педер, можеби момчето на фронтот слушнало од сестра му за некои АБВ-dysco врски. Кога ќе има доволно dysco-а, ќе има доволно ризици и пропусти во безбедноста на Машината. Ние, се разбира, ќе мораме да бидеме внимателни, практични, дискретни.

Кога Машината убива, сè уште не постојат доволно АБВ-dysco-а. Многу делови од нејзиниот организам сè уште се во добра форма, и се обидува да се спаси себеси со превентивни хируршки зафати. Машината нема да умре од фронатлен напад, но може многу сигруно да умре од АБВ-рак, дознавајќи предоцна за да се оперира. Ова се само правила на играта; оние кои не ги почитуваат подобро веднаш да излезат (оставете ги да бидат херои).

Втемелувањето како (општа) стратегија е облик на практично посредување. Може да биде претставено преку следната

Иако вистинските причини за многу облици на општествено насилство (ограбувања, силувања, напади) не се исклучиво последици на анонимноста на денешните маала. Постојаната анимација на јавни и „приватни“ простори од локалните *ibu*-си може да биде ефикасен придонес во оневозможувањето на таквите дела. *b*olo-сите се исто така услов за еден вид спонтана општествена контрола, еден вид на „пасивна полиција“. . . „Недостатокот“ на системот кој се заснова на лични контакти се состои во познавањето практично на секој, или моментално препознавање како странец. Не можеш лесно да си дозволиш да ја уништиш твојата репутација. . . Од друга страна, секое *bolo* ќе има сопствени морални стандарди.

BETE

Строго говорејќи, невозможно е да се дефинира здравствената зештита, *bete*, како засебна задача. Болеста и здравјето не зависат само од медицинските интервенции, туку многу повеќе од општествените фактори, од начинот на живот во целина. Самото *bolo*’*bolo* е најважниот придонес кон здравјето, бидејќи елиминира многу од болестите кои се директни или индеректни последици на индустриското општество: сообраќајните несреќи, индустријализираните масовни војни, стресот и болестите предизвикани од животната средина, многу работни несреќи, психосоматски и психолошки проблеми. Работата и стресот се главната причина за многу болести, а нивното редуцирање е најдобриот лек.

Самите *bolo*-си ќе одлучат околу дефинирањето на здравјето и болеста (освен во случаи на епидемии). Како и убавината,

се уживаат вистинските задоволства и луксузу на метрополите – канцелариските згради сепак нема да ги бива за таа работа. Во секое време (дури и навечер и во неделите) – некои *bolo*-си веројатно ќе се држат до таквите перверзии како „недели“, „месеци“ или „години“ – ќе има *ibu*-си на улиците, на ќошињата, во дворовите. Со непостоењето на редовниот работен ден, општите преиоди на одмораање исто така ќе исчезнат. Не постојат продавници (освен маалскиот маркет: види *sadi*) и оттаму, нема да постојат часови на затворање или празни улици. *b*olo-сите секогаш се „отворени“.

Вгнездувањето, разновидноста, потребта од постојана трансформација и адаптација на промените на културните идентитети на градовите ќе им даде „хаотичен“, средновековен, или ориентален имиџ (ќе се потсетиме на времињата кога тие беа живи). Импровизација, провизорни структури од секаков вид, голема разноликост од материјали и стилови ќе ја карактеризира архитектурата. Шатори, колиби, сводови, надвозници, мостови, кули, урнатини, ходници, итн., сè ќе биде заедничко, бидејќи различни делови на *bolo*-сите би требало да се достапни без изложување на времето. Пешачењето ќе биде најчест облик на патување.

Во целина ќе има повеќе простор за *ibu*-сите отколку што сегашноста дозволува. Ќе бидат достапни огромни складишта и комерцијални простори, а многу простор ќе биде во заедничка употреба. Секое *ibu* ќе си најде простор за својата работилница, ателје, студио, вежбална, библиотека, лабораторија. Дистрибуцијата на просторот за живеење не може да биде регулирана со „закони“ (на пример: „секое *ibu* има право на 40 квадратни метри“), бидејќи потребите се одредени од културниот бекграунд. Одредени начини на живот изискуваат општи спални, други изискуваат индивидуални одаи, трети групни соби, капели, мрежи за спиење, кули, пештери, мензи, многу sидови, малку sидови, високи тавани, вкрстени сводови, долги куќи, скалести кровови, итн.

yantra, комбинирајќи го втемелувањето (аспектот на движењето) со *bolo* (идната основна заедница):



Trico

Работната машина има планетарен карактер, оттаму успешната *bolo'bolo* стратегија мора исто така да биде планетарна од самиот свој почеток. Исклучиво локалните, регионални па дури и национални dysco врски никогаш нема да бидат доволни да ја парализираат Работната машина како целина. Западот,

Истокот и Југот мора да започнат истовремено да ги субверзираат своите соодветни функции во Машината и да создаваат нови, конструктивни очекувања. Она што е вистинито за трите видови работници на микро ниво е исто така вистинито за трите делови на светот на макро ниво. Мора да постојат Планетарни dysco врски. Мора да постои *trico*муникација помеѓу dysco врските: trico, планетарниот trico трик. Trico е dysco помеѓу АБВ врските во секој од трите главни делови на светот: западните индустриски земји, социјалистичките земји, неразвиените земји. *Trico* врската е точката на сретнување на три локални АБВ врски на меѓународно ниво.

Очекувањата за *bolo*-сите мора да бидат градени надвор од владите, надвор од постоечките меѓународни организации или агенции за развојна помош. Контактите мора да функционират директно меѓу населбите, меѓу секојдневните иницијативи од секаков вид. Мора да постои trico помеѓу Св. Марко во Њујорк Ист Вилиџ, Североисток 7 во Гдањск, Полска и Мутум Бију во Нигерија; или можеби Цирих-Осерсил, Блок 23 А Новосибирск, и Фума, Фиџи. Таквите trico врски најпрвин би можеле да потекнуваат врз основа на случајни лични познанства (туристички патувања, итн.). потоа можат да бидат размножени преку активноста на веќе постоечките trico-а. Практичната употреба на trico врската (а мора да постои таква) на почеток може да биде многу тривијална: размена на потребни добра (лекови, плочи, зачини, облека, опрема), остварена без пари, или барем најевтино што може. Очигледно е дека условите на размена на добра се далеку од еднакви меѓу трите делови на светот; партнерот од Третиот свет во trico ќе има потреба од многу основни производи за да ја надомести експлоатацијата на светскиот пазар. Заедниците од Третиот свет ќе имаат исто така потреба од многу материјал за изградба на основните инфраструктури (чешми, телефони, генератори). И покрај тоа, ова не значи дека trico е само некаков вид на развојна помош. Партнерите

Едносемејните куќи од предградијата можат да бидат поврзани со сводови, меѓузданија, месни сали и работилници, и збиени во *bolo*-си. Други куќи ќе бидат урнати за да се направи простор за градини и да се донесе потребната градежна опрема на местото:

Бидејќи *bolo*-сите можат да го изразат својот културен идентитет преку својата архитектура, денешната монотонија на многу населби ќе исчезне. Урбаните области повторно ќе станат живи и многустрани, пред сè затоа што поделбата меѓу центарските области и предградијата ќе исчезне. Нема да постои разлика меѓу продуктивните и единствено репродуктивните соседства. Ова не ја исклучува ревитализацијата на монденските космополитски градски центри каде што можат да

Повеќекатните згради можат делумно да бидат откинати со тераси за садење и снабдени со стаклени оранжерии за редуцирање на енергетските загуби. Поладните североисточни или северозападни страни од големите згради можат да бидат затворени за време на сурова зимска клима, или да бидат искористени како магацини или работилници (греењето би изискувало прем-ногу енергија). Помеѓу катовите на соседните згради можат да бидат изградени скали со цел да се поврзат соби од поголеми домаќинства (*kana*).



ќе создаваат заеднички проект, контактот ќе биде лице в лице, помошта ќе биде усогласена со вистинските потреби и базирана на личните односи. Дури и под овие услови, размената нужно нема да биде еднострана. Работниците во dysco врската ќе даваат многу материјални добра (бидејќи имаат многу), но за возврат ќе добијат многу повеќе во културни и духовни „добра“; ќе научат многу за начинот на живот во традиционални услови, за природната средина, за митологиите, за други облици на човечки односи. Како што веќе кажавме, дури и најмизерните B договори нудат некои предности; наместо да ги заплашуваме нашите A-себства со недостатоците на другите договори, ќе ги размениме оние елементи кои се сè уште вредни и снажни.

Trico врските им дозволуваат на АБВ-dysco врските да ги разоткријат заемните илузии на нивните договори, и да асистираат во запирањето на играта на поделба на Работната машина. Западните dysco-а ќе научат за социјалистичкиот секојдневен живот, ослободувајќи се себеси од црвената замка на антикомунизмот и од бесмислената социјалистичка пропаганда. Источните партнери ќе се најдат себеси како ги отфрлаат невозможните фантазии за Златниот Запад, а истовремено ќе бидат во подобра состојба да се имунизираат себеси против официјалната индоктринација во сопствените земји. Dysco-ата од Третиот свет ќе се заштитат себеси од идеологиите на „развојот“, социјалистичката демагогија и уценувањето со несреќа. Сето ова нема да биде подменато како „образовен“ процес, туку ќе биде природна последица на tricoмуникацијата. Западната dysco врска би можела да му помогне на партнерот од Исток да набави јапонско стерео (потребите се потреби, дури и оние создадени од рекламните стратегии на Машината). Во процесот на trico-експанзија, на поблиска размена и на растечки *bolo'bolo* структури, автентичните желби ќе станат предоминантни. Танцовите и игрите од Дахоми ќе

бидат поинтересни од ТВ квизовите, острите руски народни песни ќе звучат поатрактивно од Пепси џингловите, итн.

Планетарното втемелување од почеток е предуслов за успехот на стратегијата која доведува до *bolo'bolo*. Доколку *bolo'bolo* остане само сплинка од една земја или регион, тој е изгубен; ќе стане само уште еден импулс за „развој". Врз основа на tricoмуникацијата, се остваруваат тие планетарни односи кои ќе ги дезинтегрираат националните држави и политичките блокови. Како и dysco врските, trico врските ќе формираат мрежа за втемелување која ќе ја парализира Работната машина. Од trico-ата ќе произлезат договори за размена (*fenos*), општата гостопримливост (*sila*), нови културно дефинирани региони (*sumi*), и планетарно место за состанување (*asa'dala*). Trico мрежата ќе мора исто така да ги блокира воените машини на поединечните земји од внатре, на тој начин покажувајќи дека е вистинското движење за „мир", но бидејќи имаат заеднички, позитивен проект.

Провизорен распоред

Доколку сè биде во ред, *bolo'bolo* може да биде реализиран до крајот на 1987. Самите сме одговорни за одложувањата. Следниов распоред може да биде корисен во проценувањето на нашиот прогрес:

1984 - *bolo'bolo* памфлети, налепници, постери и знаци растурени секаде низ светот на поголемите јазици. АБВ-dysco врски се развиваат во многу населби, градови и региони, создадени се контакти за самоодржување. Тие се првите trico-врски. Некои dysco-а се трансформираат во пионерски и експериментални *bolo*-си. Во некои naselbi луѓето ја учат корисноста на зградите и просторите за *bolo*-си, разменуваат центри и слично, и прават други провизорни планови. Сè повеќе и повеќе улици се блокирани за автомобилскиот сообраќај.

раат, поврзуваат, бојадисуваат, делат, сè во зависност од нивниот културен бекграунд (*nima*). Се разбира, можат да се јават проблеми, конфликти околу тоа кое *bolo* која зграда или воопшто кој простор ќе го добие. Овие проблеми можат да бидат дискутирани и разрешени во рамки на поголемите заедници (населби, градови, дури и региони), каде што секое *bolo* е претставено од сопствени делегати (види *tega*, *fudo*, *sumi*). Дури и доколку постојат сериозни несогласувања, никој не може да полага право на контрола врз некое здание што тој или таа не го користи. Спротивно на денешниот сопственички систем, ова може да ги спречи повеќето злоупотребувања. *bolo* управувањето на земјата е најдобрата алтернатива на државната или приватната сопственост кои обете, на свој начин, беа неуспешни.

*b*olo-сите примарно нема да бидат заинтересирани за градење нови структури, туку во користење на постоечките на нови начини, и во повторно користење на оние конструкциски материјали коишто изобилно биле акумулирани на многу места. *bolo*-сите ќе претпочитаат локални материјали, бидејќи транспортот изискува вредна енергија и работа. Во овој контекст, заборавените знаења можат да се покажат многу корисни и би требало да се обноват: градење со глина, плет, палмови лисја, дрва, трска, итн. Градежните методи се исто така поврзани со енергетскиот систем на дадено *bolo*, на пр., за пасивна соларна енергија, изолациони зони, стакларници, греење и ладење. Меѓународниот архитектонски стил на челик, стакло и бетон е екстремно голем потрошувач на енергија и неадекватен за повеќето клими. Истото е точно и за стандардизираните, едносемејни куќи, особено оние кои формираат расипнички предградија толку недостатни од месни и културни функции. Новото исползување на таквите зданија или соседства од страна на *bolo*-сите се проблематични, но сè уште возможни преку механизми на одредени адаптирања и модификации.

редовната работа исто така, а постои непосреден интерес за избегнување на чистењето во неговиот извор, бидејќи мора да биде изведено непосредно од оние кои го предизвикуваат.

Многу *bolo*-си ќе бидат во можност да постигнат самоодржливост во снабдувањето со вода преку собирање на дождовната вода во цистерни или користејќи извори, реки, езера, итн. За други, ќе биде попрактично да организираат водоснабдување во рамки на градови, долини, острови, итн. Многу *bolo*-си во суви региони ќе имаат потреба од помош од други *bolo*-си (на билатерално или светско ниво) за дупчење бунари или градење цистерни. Во минатото проблемот на водоснабдување беше решаван под крајно тешки услови (пустини, острови, итн.). денешната светска „криза за вода" во голема мера е последица на преголемата урбанизација, уништувањето на традиционалните земјоделски начини и несоодветно воведување нови технологии и производи. Употребата и доволната достапност на вода е поврзана со културниот бекграунд, и не е само техничко прашање.

bolo'bolo не е само начин за *ibu* да освои повеќе време, туку исто така и начин да добие повеќе простор (*gano*). Кровови на продавници, гаражи, канцеларии, магацини, многу улици и плоштади, фабрички згради, сите ќе станат достапни за нови исползувања од страна на *bolo*-сите и *ibu*-сите. Бидејќи нема да постои индивидуална недвижна сопственост, сите видови на приватни рестрикции, шпекулации, прекумерно и недоволно исползување ќе исчезнат. *bolo*-сите можат да ги користат своите згради како што сакаат, можат да ги трансформи-

Политичката Машина страда насекаде од тешките кризи на легитимност, и има проблеми во одржувањето на контролата. Државните органи ги исполнуваат своите репресивни функции неуредно и невнимателно.

1985 – Постојат dysco и trico мрежи, исполнувајќи сè повеќе и повеќе практични, секојдневни задачи: заемна помош за храна, планетарна помош, создавање на односи на размена помеѓу фармерите и селските dysco-а. Во одредени, помали, региони Машината го губи своето влијание а независни области се развиваат невоочени. Државните апарати трпат штети од нападите за втемелување.

1986 – Поголеми региони стануваат независни, помеѓу другите, во Орегон, Таџикистан, Саксонија, Велс, Швајцарија, Австралија, Гана, Бразил. Во овие области, земјоделството е моделирано според самоодржливоста, изградени се структури, зајакната е планетарната размена. При крај на годината постои планетарно шаренило од региони, автономни центри (*yudo*), поединечни *bolo*-си, остатоци од Машината, ампутирани држави, воени бази. Искрснуваат големи нереди. Машината се обидува да ги разбие bolo-сите воено, но трупите извршуваат бунт. Двете суперсили се откажуваат од својата блоковска игра и се обединуваат во ОСДР (Обединети Стабилни Држави и Републики). ОСДР изградува нова, прочистена, индустриска база во внатрешна Азија, Мономат.

1987 – Меѓународниот систем на транспорт и комуникација се распаѓа. Двесте автономни региони ја одржуваат својата прва планетарна конвенција (*asa'dala*) во Бејрут. Се согласуваат повторно да го воспостават системот на комуникација врз нови основи. ОСДР е ограничен на Мономат, а остаток од светот се оттргнува од неговата контрола. На есен, насекаде постои самоодржливост и планетарни системи за заемна итна помош. Гладта и државите се укинати. Кон крајот на годината работниците од Мономат дезертираат и пребегнуваат

во *bolo* зоната. ОСДР исчезнува без формално распуштање и без палење на своето црвено бело знаме со сина ѕвезда.

1988-2345 - *bolo'bolo*

2346 - *bolo'bolo* ја губи својата сила како што „белите“ (вид на културна епидемија) се распространуваат и ги заменуваат сите останати видови на *bolo*-си. *bolo'bolo* застранува во време на хаос и контемплација.

2746 – Почеток на Yuvuo. Сите записи од предисторијата (до 2763) се изгубени. Tawhuac става ново флопи во драјвот.



Всушност, единствено постои *ibu* и ништо друго. Но *ibu* е несигурно, парадоксално, перверзно. Постои само едно единствено *ibu*, но и покрај тоа се однесува како да има околу четири милиони. *ibu* исто така знае дека самото тоа ги измислило светот и реалноста, а сепак цврсто верува дека овие халуцинации се вистинити. *ibu* можело да измисли пријатна, непроблематична реалност, но тоа инсистирало на замислување несреќен, брутален и контрадикторен свет.[1]

[1] Соновниот карактер на мојот универзум (кој познава друг?) не е само филозофска шега, туку повеќе еден од заклучоците на современата квантна физика. Не „постои“ свет, таму надвор, кој може да ни даде „вистинска“ ориентација: реалноста е само реторичка шема. Мајкл Талбот (*Mysticism and the New Physics*, Routledge & Kegan Paul, 1981, стр. 135) го поставува тоа на следниот начин: „Во парадигмата на новата физика ние сме го сонувале светот. Сме го сонувале како истраен, мистериозен, видлив, сеприсутен во просторот и стабилен во времето, но ние сме се согласиле на штури и вечни интервали на нелогичност во неговата архитектура така што би можеле

функционалните материи) е невротично обвинуван, во голема мера заради нашето образование или од страна на дисциплинарната функција на „чистотата“. Но чистотата не е објективна туку културно детерминирана. Надворешната чистота е облик на репресија на внатрешни проблеми. Валканоста не може никогаш да биде отстранета од овој свет, единствено трансформирана или преместена. (Ова е особено вистинито за најопасните видови на нечистотија, како хемиските или радиоактивните отпади, кои синдромот на чистота успешно ги избегнува). Она што од домот се отстранува како нечистотија подоцна се појавува во водата, помешано со хемиски детергенти за да создаде дури поопасен вид на нечистотија, само помалку видлива од порано. За ова цел, се градат централи за прочистување кои изискуваат производство на големи количини бетон, челик, итн. – уште повеќе нечистотија, предизвикана од индустриското загадување. Штетата (и работата) која е предизвикана од претераното чистење не е во здрав однос со (замислената) придобивка на удобноста. Чистењето не произведува само нечистотија во облик на загадени води, туку исто и замор и фрустрација кај чистачите. (Всушност, заморувачката работа и ринтањето е најважниот облик на загадување на околината – зошто работно-загаденото тело би се грижело за заштита на „природата“?).

Бидејќи дисциплинските функции на миењето и повеќето големи индустриски процеси кои имаат потреба од вода ќе исчезнат, *bolo*-сите можат да ја редуцираат актуелната потрошувачка на вода најмалку на една третина или помалку. Малите заедници и производствени процеси се „чисти“ затоа што нивните компоненти и влијанија можат внимателно да бидат прилагодени на сите материи користени на свој специфичен начин. Бидејќи *bolo* е доволно големо за рециклирањето да биде лесно и ефикасно, повеќето „нечистотија“ или „ѓубре“ можат да бидат искористени како суровини за други процеси. Загадувањето на воздухот ќе биде ниско, загадувањето од

водата се троши најмногу за чистење и испирање (испирање на изметот или ѓубрето). Таа не се користи во својот специфичен квалитет како вода (*sufu*), туку за лесен транспорт како отпадна вода.

Повеќето од денешното миење, испирање, перење, чистење и туширање нема никаква врска со физичката благосостојба или со уживањето во елементот *sufu*. Утринското туширање не се прави од задоволство на чувствување на течната вода, туку со цел да не разбуди и да не дезинфицира, подготвувајќи ги нашите неспремни тела за работа. Масовното производство је предизвикува опасноста од масовни инфекции, и изискува хигиенска дисциплина. Тоа е дел од А-работничкото одржување на работната сила за Работната машина. Миењето, секојдневната промена на долната облека, белите јаки, сите се само ритуали на работната дисциплина, служејќи им на шефовите како средства за контрола со помош на кои ја одредуваат посветеноста на потчинетите. Не постои дури ниту директна производствена или хигиенска функција на повеќето од овие задачи, тие се само театар на доминација. Премногу честото миење и опсежното користење сапуни, шампони и дезодоранси може дури да биде опасно по здравјето – тие ја оштетуваат кожата и уништуваат корисни бактерии. Оваа дисциплинска функција на миењето се открива кога не се бричиме за време на одморите, или се миееме помалку задолжително. Валканоста и правото на валканост можат дури да бидат облик на луксуз (спореди со рекламите на Camel). Во многу делови од ова планета односот со „валканоста“ (dys-

Замислило реалност во која е постојано измачувано со конфликти, катастрофи, кризи. Растргнато е помеѓу екстазата и досадата, помеѓу ентузијазмот и илузијата, помеѓу спокојството и агитацијата. Тоа има тело кое има потреба од 2.000 калории дневно, кое се заморува, на кое му е ладно, се разболува; го отстранува отприлика секои 70 години – многу непотребни компликации.

Екстерниот свет на *ibu* е исто така постојан кошмар. Истоштувачките опасности го чуваат заробено помеѓу стравот и хероизмот. Сето време, тоа може да го прекине овој грозен театар убивајќи се себеси и исчезнувајќи засекогаш. Бидејќи постои само едно единствено *ibu* и универзум кој си го замислил за себе, не се грижи за одржување на издржаниците, оплакување на пријателите, плаќање на сметките, итн. Неговата смрт би била апсолутно без последици. Природата, историјата, просторот, логиката, сè исчезнува заедно со него. Маките на *ibu* се целосно доброволни, а сепак тоа истакнува дека е само безмоќен елемент од поголемата реалност. Зошто сета оваа самоизмама?

Очигледно, *ibu* е заљубено во сопствениот мазохистички кошмар на измачување. Дури научно го заштитува овој кошмар против ништожноста. Ги дефинира соништа како нереални, за неговиот кошмар да стане сонот на нереалноста на сонувањето. *ibu* самото се заробило во замката на реалноста.

Природните закони, логиката, математиката, научните факти и општествените одговорности ги формираат sидовите на замката на реалноста. Како што *ibu* инсистира на сонување на сопствената немоќност, моќта доаѓа од надворешни инстан-

да знаеме дека е лажна“. По Хејсенберг, Шродингер, Бел, итн., никој не може да ја присвојува реалноста за себе во име на науката. Физичарите како Fritjof Capra (*The Tao of Physics*, Berkley, 1975) го изневерија Беконовиот и Декартовиот оптимизам и се свртеа кон ориенталниот мистицизам. „Реалноста“ е вештерска формула, исто како и „Светото Тројство“. Реалистите се последните следбеници на една стара религија, шармантна, но наивна.

ци на кои *ibu* им должи покорност: Бог, Живот, Држава, Моралност, Прогрес, Благосостојба, Иднина, Продуктивност. Врз основа на овие претензии, тоа го измислува „чувството на живот“, кое, се разбира, никогаш не може да го достигне. Постојано се чувствува виновно и постојано се одржува во состојба на несреќна тензија во која заборава на себеси и својата моќ над светот.

Со цел да се спречи себеси од препознавање на себеси и пронаоѓање на соновниот карактер на сопствената реалност, *ibu* ги измислило „другите“. Како во драмата на апсурдот, тоа одржува „односи“ со нив, сакајќи или мразејќи ги, дури и прашувајќи ги за совет или филозофски објаснувања. Значи тоа бега од сопствената свест, делегирајќи ја на други со цел да се отараси од неа. Ги конкретизира „останатите“ *ibu*-си организирајќи ги во институции: парови, семејства, клубови, племиња, нации, човештво. Го измислува „општеството“ за себе и се повинува на неговите правила. Кошмарот е совршен.

Само доколку има случајни пукотини во неговиот замислен свет *ibu* се соочува со себе. Но, наместо да го прекине ова перверзно постоење, *ibu* се сожалува себеси, останува мртво преостанувајќи живо. Ова потиснато самоубиство е поместено нанадвор, кон „реалноста“, а оттаму се враќа назад во *ibu* во форма на колективна апокалипса (нуклеарен холокауст, еколошка катастрофа). Преслабо да се убие себеси, *ibu* очекува реалноста тоа да го стори за него.

ibu сака да биде измачувано, затоа замислува прекрасни утопии, раеви, хармонични светови кои се разбира никогаш не можат да бидат реализирани. Ова само служи за поправка на кошмарот, давајќи му на *ibu* секогаш нови надежи и поттикнувајќи го на секакви видови политички и економски организациски активности, революции и жртви. *ibu* секогаш се фаќа на мамката на илузии и желби. Тоа не знае што е разумност. Заборава дека сите светови, сите реалности, сите соништа и сопственото постоење се бесконечно досадни и заморни

нината, итн.). тоа значи дека има еден вид на лажен комфорт во „контролата на околината“ која предизвикува огромни издатоци на општествен напор, но не дава никакво вистинско задоволство или уживање во топлината или ладовината. (Оттаму одредени луѓе мораат да имаат место за оџак веднаш до централниот радијатор: топлината не е само одредена пресметка во целзиусови или фаренхајтови).

Производството и употребата на енергија ќе биде повеќе поврзано со природните услови. Во зима, нема да постои некој вид на вештачка вечна пролет во сите соби; можеби температурата ќе биде само околу 18 степени целзиусови во одредени соби, а само во некои навистина дневни осби или салони ќе биде потопло. *ibu*-сите можеби ќе носат повеќе пуловери, ќе живеат поблизу заедно, понекогаш ќе одат порано во кревет, ќе јадат помасни јадења – ќе живеат „зимски“, како фармерите од Минесота или оние кои одат на одмор во планините. Студот, per se, не е неугодност: прашајте некој Еским. Единствено под условите на стандардизираниот работен ден се чини таков. Зимата исто така значи дека има помалку работа (земјоделството мирува), а повеќе време за печките за леб, системите за греење, прегрнувањето книги или едни со други, итн.

Некои *ibu*-си или *bolo*-си можат да ги избегнат зимските проблеми мигрирајќи во поумерени зони, исто како некои птици. Бидејќи ќе бидат отсутни со месеци, тоа би можело да биде енергетски ефикасно и покрај енергијата потрошена за патување. *b*olo -сите можат да имаат некакви договори за хибернација меѓу себе, и vice versa за реме на летото. Можат да постојат размени помеѓу скандинавски и шпански *bolo*-си, помеѓу канадски и мексикански, помеѓу Сибир и Јужна Кина, помеѓу Полска и Грција, помеѓу Чикаго и Феникс, итн.

Покрај храната и енергијата, водата е основен елемент за опстанок на *ibu* (доколку тоа го посакува). Додека во многу делови од планетата водата е нерешен проблем, во други делови

ни заеднички (на пр., бањи, кади, соби за цртање, библиотеки, сауни, „ресторани“). Изметот и ѓубрето можат да бидат трансформирани во биогас (метан) наместо да ги загадуваат водите. Големината на *bolo*-сите (тие се доволно големи за оваа цел) овозможува ефикасна употреба и дистрibуција на енергија, бидејќи инсталациите, па дури и електронските контролни системи се во разумен однос со потребниот аутпут. (Што едноставно не е случај со поединечните згради или семејните домаќинства: повеќето нови „алтернативни“ технологии кои всушност се употребуваат во поединечни домови се само апарати).

Во топлите клими, едно *bolo* може да биде до 90% енергетски независно, во умерените и ладни зони помеѓу 50 и 80%. *b*olo-сите соработуваат меѓу себе а остатокот е во одговорност на поголемите заедници како општините и помалите региони (*tega* и *fudo*). На повисоко ниво, автономните региони (*sumi*) склучуваат договори за увоз/извоз на енергија (електрицитет, јаглен, нафта). Згора на тоа, ќе постои и координација на светско ниво за дистрибуција на фосилни гориво (види *asa'dala*).

Високата потрошувачка на енергија се чини дека е поврзана со комфорот, високиот стандард на живот, мобилноста – па оттаму, дали ќе има „тешки времиња“ кога таа ќе биде драстично редуцирана? Воопшто не. Повеќето енергија денес се користи како гаранција за нормалниот индустриски работен ден, а не за индивидуални задоволства. Ритамот на овој работен ден (9 до 5 или поинаку) го одредува врвот на потрошувачката, нужноста од брза и стандардизирана климатизација (21 степен целзиусов и 55% влажност). Бидејќи работата е центар на сè, нема време за директен однос со „енергетските елементи“ на огнот, ветрот и горивата. Климата, дневниот и сезонскиот ритам кој би можел да донесе многу разновидност и задоволство, се гледа единствено како извор на неволји, затоа што ја попречува работата (снегот во зима, дождот, температурата и дека единственото решение се состои во итно повлекување во комфорна ништожност.

BOLO

ibu сè уште е тука, одбивајќи ја ништожноста, надевајќи се на нов, подобар кошмар. Сè уште е осамено, но верува дека може да ја надмине својата осаменост преку некакви договори со „останатите“ четири милијарди *ibu*-си. Дали се тие таму некаде? Никогаш не можете да бидете сигурни…

Значи, заедно со 300 до 500 *ibu*-си, *ibu* создава *bolo*. *bolo* е основниот договор со останатите *ibu*-си, непосреден, личен котекст на живеење, произведување, умирање.[2] *bolo* го заменува стариот „договор“ наречен пари. Во и околу *bolo ibu*-сите можат да ги добијат своите 2.000 калории, животен простор, здравствена заштита, основите за опстанок и се разбира многу повеќе.

ibu се раѓа во *bolo*, го минува своето детство таму, згрижено е кога е болно, учи одредени работи, се плетка наоколу, прегрнувано и милувано е кога е тажно, се грижи за другите *ibu*-си

[2] *bolo* не е само традиционално соседство, ниту пак мрежа за самопомагање, ниту племе. Вистина е дека бројот на неговите жители (500) кореспондира со минималниот број на членови на традиционалното племе. Околу 500 индивидуи го формираат најмалиот можен генетски фонд на видот *homo sapiens*. Се чини дека овој вид на општествена единица бил типичен за сите ловечко-собирачки општества во текот на милиони години (т.е., многу пред појавата на *homo sapiens*). (Richard E. Leakey и Roger Lewin, *People of the Lake: Mankind and its Beginnings*, Avon, 1979, стр. 111). Значи веројатно е дека би можеле да се чувствуваме удобно во заедници со таква големина. Сепак, *bolo* има многу други предности во полето на земјоделството, енергијата, медицината, културниот идентитет, итн.

кои висат наоколу, исчезнува. Ниту едно *ibu* не може да биде ибркано од *bolo*. Но секогаш е слободно да замине и да се врати. *bolo* е домот на *ibu* на нашиот вселенски брод.

ibu не е обврзано да се приклучи кон *bolo*. Може да остане сосем ссамо, да формира помали групи, склучува посебни договори со *bolo*-си. Доколку значаен дел од сите *ibu*-сите се обединат во *bolo*-си, паричната економија изумира и никогаш не може да биде повратена. Речиси комплетната самоодржливост на *bolo* ја гарантира неговата независност. *bolo*-сите се јадро новиот, личен, непосреден начин на општествена размена. Без *bolo*-сите, паричната економија мора да се врати, а *ibu* ќе биде повторно само со својата работа, своите пари, зависно од пензии, Држава, полиција. Самоодржливоста на *bolo* е заснована на два елементи: на зданијата и опремата за вдомување и занаети (*sibi*), и од парче земја за производство на најголем дел од својата храна (*kodu*). Земјоделската основа може исто така да се состои од пасишта, планини, терени за рибарење и ловење, шумички од палми, алги, области за собирање, итн., во зависност од географските услови. *bolo* во голема мера е самоодржливо што се однесува до дневните залихи на основна харана. Може самото да ги поправа и одржува своите зданија и алатки. Со цел да гарантира гостољубивост (*sila*), мора да биде во можност да прехрани додатни 30-50 гости или патници кои немаат свои извори.[3]

[3] Зависи од локалните услови и од користените методите колку земја ќе биде потребна да исхранува едно *bolo*. Според податоците на Food and Agriculture Organization (F.A.O.), 100 квадратни метри по личност, т.е. 12,5 акри за *bolo* се доволни (Yona Friedman, *alternatives energétiques*, editions dangles, 1982, стр. 63). Доколку ги земеме бројките на John Seymour (*The Complete Book of Self-Sufficiency*, Dorling Kinderslay, 1976), би не требале 4 акри за едно „големо семејство" (10 личности?), т.е., 200 акри за нашето *bolo* (во умерена или студена клима). Приближните бројки на Seymour се чини дека се пореалистични, но тие се пресметани врз основа на многу мала, екстремно разнообразна фарма, па оттаму се многу високи. Но дури и со овие бројки, самоодржливоста може да биде постигната под ненаклонети услови,

живот, секој со поинакви енергетски потреби. Локалната самоодржливост, заедничкиот живот во *bolo*-сите, времето наместо брзината, сите тие ќе го намалат сообраќајот, потрошувачката на гориво за греење, и сите видови механички апарати. Голем дел од енергијата денес е потребен за да се зближат стварите или луѓето кои се разделени со функциите на централизираниот систем: дома и работно место, произвидство и потрошувачка, забава и живеење, работа и рекреација, град и село. Потрошувачката на енергија расте во пропорција со изолацијата на поединечните личности и нуклеусните семејства. Големината и структурата на *bolo*-сите дозволува повеќе достигнувања со помала енергетска потрошувачка, затоа што различните апарати ќе се надополнуваат и поддржуваат едни со други. *b*olo-сите можат да ги употребат различните видови енергија, секој на најдобар начин. Електрицитетот ќе биде искористен за осветлување, електронска опрема, механичка енергија и некои средства за превоз (железници, трамваи). Основната залиха енергија може да биде произведена во самото *bolo* (особено осветлувањето) со ветерници, соларнии ќелии, мали речни централи, генератори на биогас, итн. Пасивната соларна енергија, колекторите, геотермичките системи, можат да бидат користени за греење и топла вода. Горивата единствено ќе се користат за постигнување високи темпаратури: за готвење (биогас, дрва, јаглен, гас), за парни мотори (камиони, чамци, генератори), и за некои мотори на согорување (бензин, нафта, керозин за амбулантни коли, авиони за спасување, пожарникарни возила, возила за итни случаи од секаков вид).

*b*olo е интегриран енергетски систем, каде што локалните и надворешните извори можат да бидат комбинирани. Вишокот неупотребена енергија од печките или машините во работилниците може да се употреби за греење, бидејќи местото на живеење и работното место се идентични во околу 80% од случаите. Многу греани соби можат исто така да бидат користе-

е потребна за земјоделство (трактори), за транспорт, за греење и ладење, за готвење, за механички апарати и за производство на самата енергија. *bolo'bolo* нужно не е нискоенергетска цивилизација, т.е., ниската енергетска потрошувачка не е мотивирана од „еколошките“ напори, туку обична последица на културната разноликост, маленкост, избегнување на работно-интензивни процеси, недостиг на контрола и дисциплина. Високоенергетските системи изискуваат постојано внимание, контрола на контролорите и доверливост, бидејќи ризикот од расипување е голем. *bolo'bolo* ќе има потреба од многу помалку енергија, бидејќи тоа е само поинаков начин на живот – или што е подобро, разновидност од начини на

зирани фармери“). Така редуцираната енергија може да биде произведена од хидроелектрицитет, сончева и геотермичка енергија, соларни батерии, топлината на езерата и мориња (користејќи пумпи), метан од биогас, водород од алги, ветерници, дрво, нешто јаглен и нафта. Иако јагленот е достапен во големи количества и би бил доволен за неколку векови, постојат сериозни аргументи против неговата проширена употреба: проблемот на јаглерод диоксид, опасностите од копањето, уништувањето на околината, транспортните трошоци, итн. Нема да има „доба на јаглен“ или „соларно доба“, но мрежа од внимателно прилагодени, мали, разновидни, локално адаптирани кола кои го редуцираат енергетскиот доток во целина. Дури и производството на сончева енергија во големи размери изискува значително индустриско инвестирање (метали, цевководни системи, колектори, опрема за складирање, електрични и електронски инсталации, итн.) кои од своја страна можат да бидат произведени единствено со високоенергетски издатоци и кои вклучуваат постојана контролна работа. „Децентрализацијата“ не значи нужно независност од големите индустриски произведувачи – како што покажува примерот на „децентрализираниот“ автомобил од „централизираната“ железница. Алтернативните енергетски системи самите по себе ризикуваат воведување на нов вид на децентрализирана индустриска домашна работа, како што беше случај во деветнаесетиот век. Дури и алтернативниот енергетски доток (без многу штета по околината) би можел да нѐ примора да одржуваме постојано бдеење и дисциплина, водејќи кон селекција на контролори и хиерархии. Би можел да ја зачува природата, но и да ги уништи нашите нерви. Нема друго решение освен апсолутното редуцирање и диверсификација на енергетскиот доток преку нови општествени комбинации и начини на живот.

Самоодржливоста нужно не значи изолација или самопотиснување. *bolo*-сите можат да склучуваат договори за размена со други *bolo*-си и да добиваат поголема разновидност на храна или услуги (види *feno*). Оваа соработка е би- или мултилатерална, а не планирана од некоја централизирана организација; целосно е доброволна. Самото *bolo* може да го избере својот степен на автархија или меѓузависност, во зависност од својот културен идентитет (*nima*).

Големината и бројот на жителите на *bolo*-сите може да биде отприлика идентитчен во сите делови на светот. Неговите основни функции и обврски (*sila*) се секаде исти. Но неговите територијални, архитектонски, организациски, културни и останати облици на вредности (доколку ги има) можат да бидат различни. Ниту едно *bolo* не личи на друго, исто како што ниту едно *ibu* не идентично со кое било друго. Секое *ibu* и *bolo* има свој идентитет. А *bolo'bolo* не претставува систем, туку збир на микро-системи.

bolo-сите не мора да бидат изградени во празни простори. Тие многу повеќе се исползување на постоечките структури. Во поголеми градови, *bolo* може да се состои од два блока, од помало маало, од комплекс на соседни згради. Треба само да се изградат поврзани ходници, премини, користејќи ги први-

т.е., во мала земја како Швајцарија со малку обработлива земја. (Денес оваа земја постигнува само 56% самоодржливост во производството на храна.) Во подобри услови, како во Кина, Јужна Кореја, или Тајван, потребна е помалку обработлива површина по глава на жител (односно 0,32 акри, 0,17 акри, 0,14 акри). Во оптимални услови и методи (како во случај со Тајван) доволни се 74 акри per *bolo*. Под претпоставка дека 39 грама протеини (животински и растителни) дневно и 130 килограми жито годишно за една личност гарантираат адекватна исхрана, сите постоечки земји освен Либерија и Заир денес се способни да произведуваат доволно храна за своите жители. (Frances Moore Lappe, Joseph Collins, *Food First: Beyond the Myth of Scarcity*, New York, 1977). Оттаму, самоодржливоста не е проблем на недостиг на земја или пренаселеност, туку на организација, методи и локална контрола врз земјоделските ресурси.

те катови како заеднички простори, отворајќи одредени *si*-дови, итн. Значи, едно типично старо маало би можело да се трансформира во *bolo* како ова:



Поголемите и повисоките проекти за вдомување можат да бидат искористени како вертикални *bolo*-си. На село, *bolo* се совпаѓа со мал град, со група на фармерски куќи, со долина.

bolo не мора да биде архитектонски унифициран. На Јужниот Пацифик, *bolo* е коорален остров, или дури група на помали атоли. Во пустината, *bolo* може дури и да нема точна локација; наместо тоа, тоа е рутата на номадите кои припаѓаат на него (можеби сите членови на *bolo* се сретнуваат само еднаш или два пати годишно). На реките или езерата, *bolo*-сите можат да бидат формирани со бродови. Можат да постојат *bolo*-си во поранешни фабрички згради, палати, пештери, воени бродови, манастири, под краевите на Бруклинскиот мост, во музеите, зоолошките градини, на Нотс Бери фармата или Форт Бенинг, во Ајова Стејтхаус, трговските центри, фудбалскиот стадион на Универзитетот Мичиген, затворот Фолсом. *bolo*-сите ќе ги изградат своите гнезда насекаде, единствените општи карактеристики

луѓето, *sibi* нискостепена енергија за второстепена употреба. Прашањето за реализацијата на *bolo'bolo* може да биде редуцирано на енергетскиот проблем. Теориите, концептите и технологиите за алтернативен извор на енергија беа обилно развиени во последните десет или петнаесет години (Ловинс, Комонер, Одум, Илич, итн.). Повеќето теоретичари на алтернативната енергија исто така инсистираат на фактот дека енергетското снабдување не е само технички проблем туку дека ја засега целината на начинот на живот. Но од реално-политички причини таквите контексти често се прикривани и минимизирани. Ова е, на пр., случај со студијата на Стобог (Stobaugh and Yergin, eds., *Energy Future: Report of the Energy Project at the Harvard Business School*, New York, 1979). Со помош на конзервација и подобрување на моторите и генераторите (когенератори на топлина и електрицитет) авторите ветуваат заштеда на енергија од околу 40%, без никакви измени во стандардот на живеење или економските структури. Иако основните енергетски потреби не се критикувани, различни технички и организациски мерки се предложени за решавање на проблемот. До одреден степен ова е исто така вистинито за Комонеровата стратегија на метан гасот (комбиниран со сончева енергија): приодот е главно технички (политички единствено во смисла дека значи спротивставување на нафтените мултинационали), а енергетскиот систем сè уште се сфаќа независно од општествените промени. (Комонер сакаше да биде избран за претседател во 1980). Индивидуалниот автомобил, големата индустрија, индивидуалните домаќинства на нуклеусните семејства, итн., не се нападнати. Во САД, 58% од енергијата се користи за греење и ладење, 34% за гориво (автомобили и камиони), и само 8% за онаа посебна употреба кадее што електрицитетот е специфично потребен. (Fritjof Capra, *The Turning Point*, 1982). Најголемиот дел од енергијата се користи за сообраќај и за двојно или тројно греење (последица на одвоеноста на домашниот и работниот простор). Во *bolo'bolo* услови би требало да биде можно целокупните енергетски потреби да се редуцираат на околу 30% од денешните. (Friedman, цитиран во петтата забелешка, ја истакнува отприлика истатат бројка за неговата цивилизација на „модерни-

Соработката во одредени полиња е исто така погодна од аспект на енергијата. Одредени алатки, машини или опрема едноставно не можат да се употребат во поединечно *bolo*. Зошто секое поединечно *bolo* да има мелница, градежна машинерија, медицински лаборатории, големи камиони? Дупликатите овде би чинеле многу и би изискувале многу непотребна работа. Заедничката употреба на таквата опрема може да биде организирана билатерално или преку градски собранија и други организми (види *tega*, *fudo*, *sumi*) со машински паркови, мали фабрики, залихи на материјали, специјализирани работилници. Истото решение е можно и за производството на потребни добра кои не се, или не можат да бидат произведени во едно *bolo* (затоа што се случило да нема чевларско *bolo* во гратчето). Затоа *ibu*-сите од различни *bolo*-си можат да комбинираат, според сопствените склоности, во соседство или градска работилница. Доколку нема *ibu*-си склони да го работат тоа, и ако истовремено дадената заедница инсистира на нејзината нужност, последното решение е задолжителната работа (*kene*): секое *bolo* е обврзано да изврши одредена количина работа за извршување на таквите задачи. Ова може да биде случај за суштествените, но несакани работи како: чувањето на затворени нуклеарни централи, чистење на канализацискиот систем, одржување на патиштата, рушење или отстратнување на бескорисни автопати и бетонски градби, искршени автомобили итн. Бидејќи задолжителната работа ќе биде исклучок и ќе се заснова на ротирачки смени, таа нема силно да влијае на индивидуалните склоности на *ibu*.

Независноста на едно *bolo* всушност е одредена од степенот на неговата самоодржливост на снабдувањето со енергија. Земјоделството и фабрикултурата можат да се сметаат за два методи кои го решаваат овој проблем.[13] Енергијата (*pali*)

[13] Всушност, земјоделството и фабрикултурата (*kodu* и *sibi*) се само два вида на енергетски извор (*pali*): *kodu* обезбедува високостепена енергија за

ристики се нивната големина и функции. Некои можни облици на *bolo*-си:



Од гледна точка на *ibu*, функцијата на *bolo* е да го гарантира неговиот опстанок, да го направи неговиот живот пријатен, да му обезбеди престој или гостољубивост кога патува. Договорот помеѓу целината на *bolo*-си (*bolo'bolo*) и поединечното *ibu* се нарекува *sila*. Бидејќи *ibu* нема пари (ниту работа!), ни-



на кон специфични апликации (рачно изработени прототипови), независност од големи системи (меѓузаменливост, „малост“), нискоенергетска потрошувачка, лесна поправливост, итн.[12]

Бидејќи полето на производство и употреба на ствари е повеќестрано и помалку подложно на „природни“ ограничувања отколку земјоделството, *bolo*-сите повеќе ќе зависат од размена и соработка во овој сектор. Помислете на водата, енергијата, суровините, транспортот, високата технологија, здравството, итн. На овие полиња, *bolo*-сите се заинтересирани за координирање и соработка на повисоки општествени нивоа: гратчиња, долини, градови, региони, континенти – за суровините дури и на светско ниво. Оваа зависност е неизбежна, затоа што нашата планета е пренаселена, а таквите интеракции се потребни. Но во овој сектор, *bolo* може да биде уценувано само индиректно, на среднорочно ниво (има тактичка автархија). Згора на тоа, ја има можноста за директно влијание врз поголемите заедници преку средствата на своите делегати (види *dala*). Индустриската демократија – како што овој систем може да се нарече – мора да биде заснована врз волјата на корисниците, кадешто произведувачите ги одредуваат условите на работа.

[12] Алтернативната или мека технологија е бесмислица доколку се разгледува независно од специфичните општествени структури. Една куќа полна со сончеви колектори, ветерници и други направи е само еден вид на ново и многу скапо хоби. Меката технологија без „меко општество“ значи само отворање на нов пазар за големите индустрии (како што веќе е случај со домашните компјутери) и раѓање на нов вид на домашна индустрија. *bolo'bolo* нема да биде високотехнолошки, електронски, хемиски и нуклеарен, затоа што овие технологии не се вклопуваат во фрагментиран, „неодговорен“ систем. Доколку има фабрики, тие ретко ќе бројата повеќе од 500 работници. Но сигурно е можно дека за одредени селектирани производи ќе останат една или две големи фабрики по регион или континент: за електронски суровини, гориво, основни хемиски супстанции, итн.

тричарите или водоводциите нема да треба да патуваат низ целиот град). *bolo* е доволно големо за да дозволи одреден степен на специјализација меѓу своите членови.

Основната содрчина на *sibi* ќе биде изразување на типичните пасии на едно *bolo*. Производствените пасии се директно поврзани со културниот идентитет на *bolo*. Можат да постојат сликарски *bolo*-си, кожарски *bolo*-си, електроничарски *bolo*-си, танцувачки *bolo*-си, дрвосечачки *bolo*-си, механичарски *bolo*-си, авијатичарски *bolo*-си, книжарски *bolo*-си, фотографски *bolo*-си, итн. Одредени *bolo*-си нема да се специјализираат и ќе извршуваат многу различни работи, други ќе го рдуцираат производството и употребата на многу нешта на минимум (Тао-*bolo*). Бидејќи луѓето не работат за пазар, и само второстепено за размена, повеќе не постои разлика меѓу занает/уметност, занимање/работа, работно време/слободно време, склоност/еконоска нужност (со исклучок на одредени работи за одржување). Се разбира, ќе постои размена на овие типични производи и изведби меѓу *bolo*-сите, како што е случај со земјоделските особености. Преку подароци, трајни договори, заеднички фондови на ресурси (*mafa*) и на локалните пазари тие ќе циркулираат и ќе бидат споредувани едни со други на посебни саеми.

Во контекст на *bolo* или дури *tega* (поголемите населби, гратчиња), занаетчиското или малото индустриско производство ќе биде под директна контрола на произведувачите, а тие ќе бидат во можност да го познаваат и да влијаат на целиот процес на производство. Добрата ќе имаат личен карактер, корисникот ќе го знае произведувачот. На тој начин дефектните добра можат да бидат вратени назад, а ќе постои фидбек меѓу апликациите и дизајнот, овозможувајќи ја можноста на подобрување и рафинирање. Директниот однос помеѓу производителот и потрошувачот ќе донесе различни видови технологија, нужно не помалку софистицирана отколку денешната технологија на масовната индустрија, туку ориентира-



SILA

ту каква било обврска да живее во *bolo*, сите *bolo*-си мораат да им гарантираат гостопримство на сите поединечни *ibu*-си кои ќе пристигнат. Секое *bolo* е виртуелен хотел, секое *ibu* виртуелен гостин кој не плаќа. (Сепак, ние сме само гости на оваа планета).

Парите се општествен договор чие одржување го спроведува полицијата, судството, затворите, психијатраските болници. Тој не е природен. Штом овие институции се распаднат или лошо функционират, парите ја губат својата „вредност" – никој не може да го фати „крадецот", а секој што не краде е будала.[4]

Бидејќи паричниот договор не функционира добро, всушност тој ја уништува планетата и нејзините жители, постои

[4] Идејата за парите како „едноставно и практично" средство за мерење на размената е многу вообичаено меѓу утопистичките и алтернативните теоретичари. Некои од нив се жалат на ексцесите како инфлација, создавање големи богатства, нивната „злоупотреба" за капиталистички цели, а тие сонуваат за повторното воведување на парите како цврста мерка за работа. Типично е што Американскиот утопист Каленбах (Callenbach) се чини дека не е свесен за фактот дека доларите продолжуваат да циркулираат во неговата Екотопија исто како и порано. Апсурдно е да се предлага систем на директна, лична и еколошка размена а во исто време да се инсталира средството на анонимна, индиректна, централизирана циркулација (пари). Парите како општо средство за мерење претпоставуваат масовно производство (единствено во овој случај добрата се мерливи и споредливи), централизиран банкарски систем, масовна дистрibуција, итн. Токму оваа основна анонимност и неодговорност на секого за сè, е она што ги предизвикува и дозволува сите тие механизми на уништување на природата и луѓето. Како што Каленбах ги истакнува овие механизми како морален проблем (почит кон природата, итн.), тој има потреба од (многу наклонета, многу демократска, дури феминизирана) централна Држава (Големата Сестра) за поправање на штетите предизвикани од системот, преку контрола на цените, регулации, закони и затвори. Она што тој економски го дозволува мора политички да го забрани: (садо-мазохистичкиот) простор на моралност е отворен. (Не смееш…) Што се однесува до ограничената употреба на локални валути во *bolo'bolo*, види *sadi*.

нувани меѓу нив. (Како во Средниот век, кога секој манастир имал свој специјалитет).

Богатството на задоволства кои беа уништени и задушени со масовното производство можат да бидат повратени, а мрежи на лични односи на познаници ќе бидат раширени низ целата планета.

SIBI

На *bolo* не му е потребна само храна, потребни му се и ствари. Она што се однесува на производството, употребата или дистрибуцијата на ствари се нарекува *sibi*. Оттаму *sibi* вклучува: зданија, залихи гориво, електрицитет и вода, производство на алатки и машини (главно за земјоделието), облека, мебел, суровини, апарати од секаков вид, транспорт, занаети, уметност, електронски хардвер, улици, канализација, итн.

Како и земјоделството (*kodu*), така и фабрикултурата (*sibi*) зависи од културниот идентитет на дадено *bolo*. Основниот дел на *sibi* ќе биде ист во сите *bolo*-си: одржување на зданијата, едноставна поправка на машини, мебел, облека, водовод, патишта, итн. Едно *bolo* ќе биде многу понезависно отколку едно семејство или цела населба. Бидејќи нема интерес за произведување дефектни, еднократни и нискоквалитетни производи, ќе има и помалку поправки. Поради солидниот и едноставен дизајн на стварите, поправките исто така ќе бидат полесни, дефектите ќе имаат помалку штетни последици. Способноста да се извршуваат основните занаетчиски работи во самото *bolo* е исто така гаранција на неговата независност и го редуцира непотребното трошење енергија и време (елек-

ibu-сите ќе имаат доволно време да собираат храна во шумите и другите некултивирани области. Печурки, малини, ракови, школки, мали морски риби, јастози, полжави, ореви, див аспарагус, инсекти од сите видови, дивеч, копривиі и други диви растенија, лешници, желади, жирови, итн., можат да се користат за готвење чудесни јадења. Онаму кадешто основната исхрана можа да биде (во зависност од културниот бекграунд на *bolo*) монотона, (пченка, компири, просо, соја), може да се развесели со безбројни сосови и додатни јадења. (доколку дури и замислиме за миг чистокрвен „еколошки" став со минимум труд).

Друго збогатување на *bolo*-кујната се остварува преку патувачките *ibu*-си, гости или номади. Тие претставуваат нови зачини, сосови, состојки и рецепти од далечни земји. Бидејќи овој вид на егзотични производи е потребен само во мали количини, не постои проблем за транспортирање а тие ќе бидат достапни во поголема разновидност од денес. Друга можност за секое *ibu* да запознае интересни кујни е патувањето; бидејќи *ibu*-сите можат да ја искористат гостољубивоста насекаде, тие можат да ги вкусат оригиналните јадења бесплатно. Наместо транспортирање на егзотични производи и специјалитети на масовен начин, и со последица на расипување на амбиентот, поразумно е од време на време да се направи гастрономска светска турнеја. Бидејќи *ibu* има време колку што сака, самиот свет сега е вистински „супермаркет".

Зачувувањето, ставањето туршија, садењето во саксии, сушењето, пушењето, киселењето и замрзнувањето (кои се енергетски погодни за цела *kana* или *bolo*) можат да придонесат за разновидноста на храната преку целата година. Шпајзовите на *bolo*-сите ќе бидат многу поинтересни отколку што тоа денес се нашите фрижидери. Различните сорти вино, пиво, ракија, виски, сирење, тутун, колбаси и дроги ќе се развијат во многу специјалитети на одредени *bolo*-си и ќе бидат разме-

некаков интерес за негово заменување со нов договор, *sila*, правилата на гостољубивоста.[5]

sila ги содржи следните договори:

taku - Секое *ibu* добива сандак од своето *bolo* во големина 50x50x100 см, и чија содржина може да ја распоредува според своја желба.

yalu - Секое *ibu* може да добие од кое било *bolo* барем една дневна проција од 2.000 калории од локалната храна.

gano - Секое *ibu* може да биде вдомено барем за еден ден во кое било *bolo*.

bete - Секое *ibu* има право на соодветна медицинска заштита во кое било *bolo*.

fasi - Секое *ibu* може да патува каде било кога било – нема граници.

nima - Секое *ibu* може да избере, практикува или пропагира сопствен начин на живот, облекување, јазик, сексуални склоности, религија, филозофија, идеологија, мислења, итн., каде што сака и како што сака.

[5] *sila* не е ништо ново, туку повеќе враќање кон старите „закони" на племенска гостољубивост кои функционирале илјадници години, многу подолго од American Express, Visa или Master Card. Во најнапредните индустријализирани земји гостољубивоста е во криза, затоа што нуклеусното семејство е премногу слабо за да ја гарантира на долгорочна основа. Во своите корени, гостољубивоста никогаш не се сметала како некој вид на филантропија, туку повеќе се јавила како страв од непознатиот: тој морал да биде третиран во пријателски манир за да се спречи несреќа врз кланот или племето. Доколку бројот на гости премине одредено ниво во подолг временски период, пријателството се прекинува и одреден број на патници автоматски се урамнотежуваат (на околу 10%). *Sila* е саморегулирачки, feed-back процес на размена.

yaka - Секое *ibu* може да предизвика друго *ibu* или поголема заедница на дуел, во согласност со тие правила.

nugo - Секое *ibu* добива капсула со смртоносен отров, и може да изврши самоубиство кога сака. Исто така, може да побара и помош за оваа цел.

Вистинската основа на *sila* се *bolo*-сите, бидејќи поединечните *ibu*-си не би можеле да ги гарантираат овие договори на постојана база. *Sila* е минималната гаранција за опстанок која ја нудат *bolo*-сите на сопствените членови и на соодветен дел од сопствените гости. *bolo* може да одбие *sila* доколку има повеќе од 10% гости. *bolo* мора да произведува 10% повеќе храна, станбен простор, лекови, итн., отколку што е потребата на неговите постојани членови. Поголемите заедници (како *tega* или *vudo*) ракуваат со повеќе извори, одредени *bolo*-си би требало да имаат поголеми залихи, доколку се појаваат повеќе од 10% гости.

Зошто *bolo*-сите треба да ги почитуваат правилата за гостољубивост? Зошто би работеле за други, за странци? *bolo*-сите се состојат од *ibu*-си а овие *ibu*-си се исто така потенцијални гости или патници; секој може да ја користи гостопримливоста. Ризикот за искористување или злоупотребување на домашните *ibu*-си од патувачките *ibu*-си е многу низок. Прво, номадскиот начин на живот има свои сопствени недостатоци, бидејќи на тој начин никогаш не можеш да учествуваш во богатиот внатрешен живот на *bolo*. Патувачкиот *ibu* мора да се прилагоди кон нова кујна и култура, не може да земе учество во долгорочни организирања, и секогаш може да биде ставен на минимум порција. Од друга страна, патувачите можат да ѝ бидат од корист на посетената заедница; патувањето дури може да се смета и за облик на „работа“. Патувачите се потребни за циркулацијата на вести, мода, идеи, знаења, приказни, производи, итн. Гостите се заинтересирани во исполнување

Можната разновидност на културни идентитети во *bolo*-сите на одреден град ја произведува истата разновидност на кујни. Во еден град има толку типични *bolo*-ресторани колку што има *bolo*-си, а пристапот до сите видови на етнички или други кујни ќе биде многу полесен. Гостољубивоста и другите облици на размена дозволуваат интензивна меѓуразмена на јадачи и готвачи меѓу *bolo*-сите. Не постои причина зошто квалитетот на овие *bolo*-ресторани (тие можат да имаат различни облици и амбиенти) не би бил повисок од сегашните, особено затоа што стресот ќе биде редуциран, нема да има потреба од пресметка на трошоците, нема време за ручек или вечера (времето на оброците исто така ќе биде во зависност од културниот бекграунд на даденото *bolo*). Во целина ќе има повеќе време за производство и приготвување храна, бидејќи тоа е дел од суштественото самодефинирање на *bolo*. Нема да има мултинационалки за храна, супермаркети, нервозни келнери, преморени домаќинки, готвачи вечно на смена…

Бидејќи свежината на состојките е основа за добра кујна, градините во близина на *bolo* се многу практични (во зона 1). Готвачите можат да земаат многу состојки непосредно близу до кујната, или да ги земат за пет минути од блиската градина. Ќе има многу време и простор за такви малоразмерни култивирања. Многу улици ќе бидат конвертирани или ограничени, гаражи, рамни кровови, тераси, украсни тревници, чисто репрезентативни паркови, фабрички области, дворови, подруми, мостови на автопатишта, празни простори, сите тие ќе обезбедат многу место за бавчи, кокошарници, кочини, рибарници, зајачарници, капини, печурки, голубарници, пчеларници (подобриот квалитет на воздухот ќе помогне на многу од нив), овошни дрвца, плантажи на канабис, лозја, зелени куќи (преку зима можат да служат како изолација), култури на алги, итн. *ibu*-сите ќе бидат опкружени со секакви видови на молекуларно производство на храна. (А се разбира, и кучињата исто така се јадат).

бесвкусни, гнили, бледи и водести производи од области каде што работната сила е евтина. Тоа е лажна разновидност, и токму заради оваа причина поновата висока француска кујна се претвори во *cusine du marché*, т.е., користење на храна која е свежа и локално произведена. Масовното производство на храна не е само нонсенс и причина за постојаната криза на глад во светот, туку таа исто така не ни дава ниту добра храна.

Вистинската гастрономија и квалитетот на исхраната не зависат од егзотични увози и расположивоста на стекови. Грижливото одгледување и култивирање, времето, рафинирањето и изумувањето се многу поважни. Домаќинството на нуклеусното семејството не е адаптирано на овие барања: времето за оброци е премногу кратко, а опремата премногу сиромашна (дури и ако е високо механизирана). Ја принудува „домаќинката“ или останатите членови на семејството да користат малку време за готвење и едноставна подготовка. Во голема *kana* или *bolo* кујни, би можело да има одличен (бесплатен) ресторан во секој блок, а истовремено и редуцирање на работата, отпадокот и енергијата. Неефикасното нискоквалитетно мало домаќинство е само копија на агроиндустријализацијата.

Во најголемиот број случаи готвењето е суштествен елемент на културниот идентитет на *bolo*, а во овој контекст тоа не е вистинска работа туку дел од продуктивните, уметнички пасии на неговите членови. Токму културниот идентитет (*nima*) е тој што истакнува разновидност во готвењето, а не вредноста на состојките. Затоа многу едноставни (и често безмесни) јадења на една земја или регион се специјалитет на друго место. Шпагети, пица, мусака, чили, тортиљи, тако, фејжоада, наси-горенг, кари, ѓувеч, кисела зелка, гулаш, пилав, боршч, кускус, паеља, итн., се релативно евтини народни јадења во земјите од каде што потекнуваат.

на овие „функции“ бидејќи можат да очекуваат подобра гостопримливост. Гостопримливоста и патувањето се степен на општествена размена.

Одреден притисок за почитување на гостољубивоста од страна на *bolo*-сите се врши преку *munu*, чест или репутација. Искуствата на патувачите во некое *bolo* се многу важни, бидејќи *ibu*-сите можат да патуваат многу далеку и зборуваат за нив насекаде. Репутацијата е суштествена, затоа што можните заемни договори помеѓу *bolo*-сите се под нејзино влијание. Никој не би сакал да соработува со несигурни, непријатлески *bolo*-си. Бидејќи повеќе нема анонимно посредување преку циркулирањето на парите, личните импресии и репутацијата повторно се од суштинско значење. Во овој поглед, *bolo*-сите се како аристократски лози, а сликата за нив се изградува преку честа.



Првата и најзначајна компонента на *sila* е *taku*, сандак направен од цврст метал и дрво, кој изгледа вака:

Според обичаите на секое *bolo*, секое *ibu* добива *taku*. Она што се наоѓа во *taku* е ексклузивна сопственост на *ibu* – остатокот од планетата е навикнат и се воздржува. Единствено *ibu* има пристап до нештата чувани во своето *taku* – никој друг. Може во него да стави што сака. Може да го носи *taku* со себе, а ниту едно *ibu* нема право под ниту едни услови да ја проверува содржината или да прашува за неа (ниту во случај на убиство или кражба).



taku е апсолутно неоспорив, свет, табу, неприкосновен, приватен, ексклузивен, личен. Но, единствено *taku. ibu* може во него да чува валкани алишта или автоматски пушки, дрога или љубовни писма, змии или препариран глушец, дијаманти или лешници, аудио касети или колекција поштенски марки. Можеме само да нагаѓаме. Сè додека не смрди или предизвикува бучава (т.е., влијае и на други освен на себе) сè може да биде во него.

Бидејќи *ibu* може да биде многу своеглаво (злогласно настрано и перверзно), тоа има потреба од некаква сопственост. Можеби идејата за сопственост е само привремена дегенерација предизвикана од цивилизацијата, но којзнае? *taku* е чистата, апсолутна и рафиниран облик на сопственост, но исто и нејзино ограничување. (Сите *ibu*-си заедно би можеле да замислуваат дека ја „поседуваат" целата планета, доколку тоа ги прави среќни). *taku* би можело да биде важно за *ibu*, помагајќи му да запомни, на пример, дека не е *abu*, *ubu*, *gagu* или нешто подеднакво нејасно, несигурно или недефинирано. Всушност, поединечното *ibu* има многу други можности

ва за прехранување.[11] Животинското производство (кое троши огромни количини од токму гореспоменатите култури) ќе мора да се редуцира и децентрализира, како што на понизок степен ќе биде случај и со млечното производство. Ќе има доволно месо, но свињите, кокошките, зајаците и овците ќе бидат околу *bolo*-сите, во дворовите, трчајќи низ поранешните улици. На тој начин остатоците од секаков вид ќе можат да се користат на „капиларен" начин за производство на месо.

Дали *bolo'bolo* кујната ќе биде помонотона? Дали гастрономијата ќе се распадне бидејќи егзотичните увози и масовното производство на стекови, пилешко, телешко, филети, итн., ќе бидат драстично намалени? Дали ќе има ново Мрачно доба за гурманите? Вистина е дека можете да најдете голем избор на храна во А-работничките супермаркети – кокосови ореви на Аљаска, манго во Цирих, зеленчук во зима, сите видови на конзервирано овошје и месо. Но, истовремено, домородната храна е често запоставена и покрај нејзината свежина и квалитет. Онаму кадешто разновидноста на локално произведена храна е редуцирана (поради ниски приноси, или затоа што култивирањето е премногу интензивно под одредени економски услови), постојат скапи увози на нискоквалитетни,

[11] Сојата, пченката, просото и компирите можат да гарантираат минимална исхрана, но самите по себе не претставуваат здрав вид на исхрана. Тие мораат да бидат комбинирани со месо, зеленчук, јајца, масти, масла, сирење, тревки и зачини. Сојата обезбедува 33% повеќе протеини по површина од која било друга земјоделска земјена култура. Во комбинација со жито или пченка, употребата на протеините е 13-42% поефикасна. Сојата може да се користи за широк спектар на дериватни производи: тофу, соја млеко, соја урда, тофу прав, соја бамји, јуба, соја сос, соја брашно, итн. Во Африка, *niébé* растението е речиси исто толку практично колку и сојата. (Albert Tevoédjré, *La Pauvreté – Riches des Peuples*, Les Editions Ouvrière, Париз, 1978, стр. 85). Еден од почетните проблеми на локалното потпирање на сопствени средства засновано на овие земјоделски култури ќе биде повторното воведување на регионалните генетски семиња коишто биле заменети со индустриски хибридни производи коишто се многу нестабилни и ранливи.

товремено секој „земјоделец“ би имал и градска *bolo* куќа. Со *kodu*-системот, изолацијата и културното омаловажување на руралните региони може да биде компензирана, на тој начин руралниот егзодус кој денес ја одржува рамнотежата во голем дел од светот би можел да биде запрен и пренасочен. Позитивните аспекти на земјоделскиот живот можат да бидат комбинирани со интензивниот урбан начин на живот. Градовите би станеле повеќе градски, попогодни за живот, а природата би била заштитена од нејзино уништување со автопатишта, земјоделски индустрии, итн. Ниту еден земјоделец нема да мора да остане на својата земја и да биде заробен од сопствените крави. Секој градски занаетчија би имал „колиба“ на село, без да мора да биде ограничен на кампови или монотони мотели.

*b*olo-сите се стремат да ја произведуваат својата храна што е можно поблизу до нивните централни зданија со цел да ги избегнат долгите растојанија за патување и транспорт, кои се разбира значат губење време и енергија. Од слични причини ќе има и многу помалку увоз на нафта, сточна храна и ѓубриво. Соодветни методи на култивирање, внимателен избор на почва, заменување и комбинирање на различни култури се потребни под овие услови. Напуштањето на индустријализираното масовно земјоделство нужно не резултира со редукција на приносите, затоа што може да биде интензивирано со поинтензивни методи (бидејќи има поголема земјоделска работна сила) и со преферирето на калории и протеини од зеленчук. Пченката, компирите, сојата и останатите мешунки можат со своето комбинирање да гарантираат сигурна осно-

за минимална сигурност во врска со неговиот идентитет: огледала, пријатели, психијатри, облека, касети, дневници, лузни, белези, фотографии, сувенири, писма, молитви, кучиња, компјутери, „wanted“ летоци, итн. *ibu* нема потреба од предмети со цел да не го загуби својот идентитет во општата екстаза. Сепак загубата на интини нешта би можела да биде многу непријатна, и оттаму би требала да се заштити. Можеби *ibu* има потреба од тајни односи со непознати урни, колекции, фетиши, книги, амајлии, накит, трофеи или реликвии за да верува дека е нешто посебно. Му треба нешто за да може да го покаже на другите *ibu*-си кога треба да ја докаже својата доверба. Само она што е тајно или табу, може вистински да биде покажано. Сè друго е очигледно, еднолично, без шарм или гламур.

Како и неограничената сопственост, *taku* исто така носи ризици, иако овие се поконкретни и директни. *taku* може да содржи оружја, отрови, магични предмети, динамит, можеби и непознати дроги. Но *taku* никогаш не може да влијае на несвесната, некотролирана општествена доминација како што тоа денес го прават парите и капиталот. Постои (ограничена) опасност; оттаму, довербата, репутацијата и личните односи сè уште ќе треба да ја докажуваат својата моќ.

kana можеби е најчестата и практична поделба на *bolo*, бидејќи *bolo* веројатно е премногу големо за непосредно заед-

ничко живеење.[6] *kana* се состои од 15-30 *ibu*-си, а *bolo* содржи околу 20 kana. *kana* опфаќа поголема градска куќа, или неколку куќи споени во едно домаќинство. Соодветствува со селце, ловечка група, родбинска група, заедница. *kana* е организирана околу внатрешниот домашен (или колиба, шатор, бротче) живот, а сепак е целосно дефинирана од начинот на живот и културниот идентитет на своето *bolo*. Не може да биде независна во своето снабдување со храна и добра затоа што е премногу мала и оттаму несигурна (како што покажуваат искуствата во алтернативните заедници на 60-те).

Според *bolo* начинот на живот, можат да постојат повеќе уредувања покрај *kana*: парови, тријаголници, нуклеусни семејства, родителства, домаќинства, тимови, итн. *bolo* исто така може да се состои од 500 поединечни *ibu*-си кои живеат заедно, како во хотел или манастир, секој сам, соработувајчи само на минимално ниво, за да имаат сигурност за опстанок и гостољубивост. Степенот на колективност или индивидуалита, компири, соја, млечни производи, месо, итн. Транспортот би бил на ниво на тони (со кочии, камиони, бротчиња, итн.). За *kodu* на поголеми градови, би можел да биде практичен систем од три зони:[10]

[6] *kana* соодветствува на дружина на ловци-собирачи којашто, според Лики (Leakey), била секојдневната заедница на човештвото (дури и пред *homo sapiens*) во текот на милиони години (види забелшка 4). Земајќи го предвид фактот дека ние (вклучувајќи секого, од метрополитенскиот-неонзен-кокаин интелектуалец до австралискиот аборицин) сме лутале низ земјата (помеѓу стихови) во групи од 25 луѓе во текот на милиони години и дека единствено во последните неколку илјади години живееме живот во семејства, села, градови практикувајќи агро- и фабри-култура, можеме да претпоставиме дека *kana* е нешто што сè уште ни е заедничко. (Во секој случај, таа е повеќе „природна“ отколку нуклеусното семејство, пронајдок на 1920-те). Како и *bolo*, *kana* е универзален општествен облик кој обезбедува заедничка основа преку сите културни бариери. Патријархализираната *kana* сè уште е жива во различни метаморфози; училишни одделенија, пешадиски водови, клубови, партсики единици, кругови на интимни пријатели, итн., и оттаму го пренела нејзиниот палеолитски шарм врз работното општество. Со *bolo* и *kana*, одиме многу далеку назад (50.000 години) за да добиеме сила за следниот голем скок. Свесно искористените традиции се основа за идните богатства. (Традиционалните општества обично дури и не знаат дека ги поседуваат овие традиции, уште помалку за што се тие корисни).



За лесно функционирање на *kodu*, вистинската депопулација на големите градови со повеќе од 200.000 жители би требала да продолжи или да биде охрабрувана од страна на *bolo*-сите. Во одредени области, ова би можело да резултира со повторно населување на напуштени села. Може да постојат чисток-рвни Agro-*bolo*-си, но, општо земено, *ibu* нема да треба да избира меѓу градскиот или селскиот живот. *bolo*-фармите или селца исто така можат да функционираат и како вили, а ис-

[10] Овој модел на три зони е заснован на идеите на германската урбана екологистка Мерет Матерн (Merete Mattern). Земјоделска зона со големина од 15 километри би можела да исхранува голем град како Минхен (1 милион жители). За оваа цел, таа предлага две шумски зони (за добра микро клима) и зајакнат систем на ѓубрење. Ова значи дека земјоделското потпирање на сопствени средства е исто така можно во густо населени области. Но ова би имплицирало дека секој квадратен метар е искористен, и дека не би имало место за отпад, експериментирање или паркови. Пофлексибилен ситем на три зони со дополнителни фарми би бил попрактичен, бидејќи оддалеченоста, бараната свежина и жетвите би биле оптимално комбинирани. (Нема да одгледувате жито во вашиот двор и садите магдонос надвор од градот...).

bolo-сите можат да влезат во мрежа на размена без да бидат експлоатирани.

Бидејќи секое *bolo* има своја земја, поделбата меѓу руралното и урбаното не е толку истакната. Конфликтот на интереси меѓу земјоделците кои се борат за повискои цени и потрошувачите кои бараат евтина храна повеќе не постои. Згора на тоа, никој не може да биде заинтересиран за ѓубре, вештачки кусоци, детериорација, неправедна дистр*ibu*ција или планирано застарување на земјоделските производи. Секој е директно заинтересиран за производство на квалитативно добра и здрава храна, затоа што тие самите ја произведуваат и јадат, а истовремено се и одговорни за сопствената здравствена заштита (види *bete*). Грижливиот третман на почвата, животните и на самите себе станува очигледен, бидејќи секое *bolo* е заинтересирано за долгорочна родност и зачувување на ресурсите.

Употребата на земјата или другите ресурси и нивната дистрibuција меѓу *bolo*-сите мора да биде внимателно дискутирана и адаптирана. Има многу можни решенија, во зависност од ситуацијата. За чистокрвните селски *bolo*-си (Agro-*bolo*) постијат малку проблеми, бидејќи можат да го користат околното земјиште. Што се однесува до *bolo*-сите во поголемите градови, корисно би било да имаат мали градини околу куќите, на покривите, во дворовите, итн. Околу градот би постоела градинарска зона, каде што секое *bolo* би имало поголемо парче земја за зеленчук, овошје, рибници, итн., т.е., за произведување на она што е потребно свежо речиси секој ден. До овие градини би можело да се патува пеш или со велосипед за неколку минути, а квантитетот на нужен посебен транспорт би бил релативно низок. Вистинската земјоделска зона, поголеми фарми од 80 хектари (200 ари) или неколку помали фарми, би можела да биде околу 15 км одалечена од градското *bolo*. (Особено во случај на одредени култури кои користат езера, врвови, лозја, терени за лов, итн.). овие *bolo*-фарми би се специјализирале за производство на големо на трајни добра: жи-

зам единствено е ограничен од овие основни потреби. Секое *ibu* може да го најде *bolo* или *kana* кои ги сака, или да пронајде нови.

bolo-сите не можат да бидат само населби или практични уредувања. Тоа е само нивниот технички, надворешен аспект. Вистинската мотивација за *ibu*-сите да живеат заедно е заедничкиот културен бекграунд, *nima*. Секое *ibu* има свое сопствено убедување и визија за тоа каков треба да биде животот, но одредени *nima* можат да бидат реализирани единствено доколку можат да се најдат *ibu*-си со исти идеи. Во *bolo*, тие можат да живеат, целосно да ја трансформираат својата *nima*. Од друга страна, оние *ibu*-си чијашто *nima* исклучува социјални облици (испосници, скитници, мизантропи, јоги, будали, анархисти индивидуалисти, волшебници, маченици, мудреци или вештерки) можат да останат сами и да живеат насекаде во меѓупросторите на *bolo*-сите, се разбира без присила.

nima содржи навики, начин на живот, филозофија, вредности, интереси, стил на облекување, кујна, манири, сексуално однесување, едукација, религија, архитектура, занаетчиство, уметност, бои, ритуали, музика, танц, митологија, боење тела: сè што припаѓа на културниот идентитет или традицијата.

nima го дефинира животот, како што *ibu* го замислува, во неговиот практичен секојдневен облик.

Изворите на *nima* се многубројни. Тие можат да бидат народни традиции (постоечки или повторно откриени),

филозофски струи, секти, историски искуства, заеднички борби или катастрофи, измешани облици на новоизмислени. *nima* може да биде општа или специфична (како што е случај со сектите или народните традиции). Може да биде крајно оригинална или само варијанта на друга *nima*. Може да биде многу отворена на иновации или затворена и конзервативна, *nima* може да се појавуви како мода, или да се шири како епидемија, и да изумира. Може да биде нежна или брутална, пасивно-контемплативна или активно-екстровертна.[7] *nima* с вистинското богатство на *bolo*-сите („богатство“ = бројни духовни и материјални можности).

Бидејќи може да се појави секаков вид на *nima*, можно е исто така брутални, патријалхални, репресивни, глупави, фанатични страшни групи да се етаблираат себеси во одредени *bolo*-си. Не постојат хуманистички, либерални или демократски закони или правила околу содржината на *nima*е и не постои Држава да ги спроведува. Никој не можа да спречи *bolo* да изврши масовно самоубиство, да умре од експериментирање со дроги, да се доведе себеси до лудило или да биде несреќно под насилен режим. *Bolo*-сите со бандитска *nima* би можеле да тероризираат цели региони или континенти, како што правеле Хуните или Викинзите. Слободата и авантурата,

[7] *bolo*-сите не се првенствено еколошки системи за преживување, бидејќи доколку сакате само да преживеете - турете му к…т. *bolo*-сите се рамка за оживување на секакви видови начини наживот, филозофии, традиции и страсти. *bolo'bolo* самото по себе не е начин на живот, туку само флексибилен систем на ограничувања (биолошки, технички, енергетски, итн.). Што се однесува до знаењето за таквите ограничувања, еколошките и алтернативистичките материјали можат да бидат прилично корисни, но никогаш не би требало да служат како детерминанти на содржината на различните начини на живот. (Фашизмот имал свои биолошки идеолошки елементи…). Во јадрото на *bolo'bolo* постои *nima* (културен идентитет), а не опстанок. Од истата оваа причина, *nima* не може да биде дефинирана од *bolo'bolo*, таа може единствено да биде живеана практично. Не се предлага ниту еден посебен „алтернативистички“ идентитет (здрава храна, земни обувки, волнена облека, митологија за Мајката Земја, итн.).

за храна, ниту супермаркети, ниту (неправедно) етини увози од економски уценувани земји. Нема да има ниту каква било централизирана дистрibуција од страна на државниот апарат (на пр., во облик на следување). *bolo*-сите навистина ќе треба да се потпрат на себеси.[9]

kodu ја укинува поделбата на производители и потрошувачи во најважниот домен на животот: производството на храна. Но *kodu* не е само ова, тоа ја претставува целината на односот помеѓу *ibu* и „природата“ - т.е., земјоделството и „природата“ не можат да се сфатат како два различни поими. Поимот „природа“ се појавува во моментот кога сме го изгубиле директниот контакт со неа, станувајќи зависни од земјоделството, економијата и државата. Без земјоделска основа за самоодржливост, *ibu* и *bolo* во основа се изложени на уценување – тие можат да имат колку што сакаат „гаранции“, „права“, или „договори“, но сето тоа е запишано на ветар. Моќта на државата, во крајна линија, е заснована на нејзината контрола врз залихите храна. Само врз основа на одреден степен на автархија

[9] Денешната и постојана катастрофа на планетарна глад е предизвикана од фактот дека производството и дистрibуцијата на храна не се под контрола на локалното население. Гладта не е проблем на локалното производство, туку е предизвикана од меѓународниот економски систем. Дури и под сегашните услови, достапни се 3.000 житни калории дневно за секого, а дополнително иста количина во месо, риба, зеленчук, мешунки, млеко, итн. Проблемот е што големи, сиромашни маси на луѓе едноставно не можат да ја купат својата храна (откако биле уништени нивните темели на самоодржливост). Сиот муабет за пренаселеноста и контрола на населението е само стратегија на одвлекување од вистинскиот, политички проблем. Доколку 100% од светската популација живее на ниво на оние 85% коишто сега се сиромашни, оваа планета би можела да нахрани и одржи 40 милијарди луѓе. Еколошките руини на планетата главно се предизвикани од оние 20% од светската популација коишто користат 80% од енергијата и останатите природни богатства. Добриот совет за Југот да прави помалку бебиња не е во ред и е само уште еден доказ за западната ароганција и цинизам. (Едно бебе родено во САД конзумира 120 пати повеќе енергија отколку она од Уганда, затоа подобро да научиме од Угандците како тие се справуваат…).

⋿ KODU

култури и методи е под влијание на културниот бекграунд на секое *bolo*. Vege-*bolo* би се специјализирало за зеленчук, овошје, итн., наместо одгледување добиток. Islam-bolo никогаш не би имало работа со свињи. Frank-*bolo* би имало потреба од голема градина кокошки, свежи тревки и многу сирење. Hash-*bolo* би садело канабис, Booze-*bolo* слад и хмељ (со дестилерија во плевната), Italo-*bolo* има потреба од домати, лук и оригано. Одредени *bolo*-си би биле повеќе зависни од размена, бидејќи нивната исхрана е поразновидна. Други, со помонотона кујна, би можеле речиси целосно да се потпрат на себе.

Земјоделството е дел од општата култура на *bolo*. Тоа го дефинира начинот на однесување со природата и храната. Неговото организирање, оттаму, не може да биде опишано на општо ниво. Може да постојат *bolo*-си каде што земјоделството се јавува како некаква „работа“, затоа што другите занимања таму се сметаат за поважни. Дури и во овој случај, земјоделската култура не би ставила сериозни ограничувања на слободата на секое *ibu*: работата би била поделена на сите членови на *bolo*. Ова можеби би значело еден месец земјоделска работа годишно, или 10% од расположивото „активно“ време. Доколку земјоделството е централен елемент на културниот идентитет на *bolo*, не постои никаков проблем: би претставувало задоволство. Во секој случај, секој би требало да се здобие со некакво земјоделско знаење, дури и оние кои не го сметаат за суштествено во нивниот културен идентитет, затоа што е услов за независност на секое *bolo*. Нема да постојат продавници

генерализираниот тероризам, законот на групата, нападите, племенските војни, одмаздите, пљачкањето – сè се случува.

Од друга страна, логиката на *bolo'bolo* поставува граница на изводливоста и експанзијата на овој вид на однесување и традиции. Арамилакот и бандитството имаат своја економија. Понатаму, апсурдно е да се пренесуваат мотивациите на денешниот паричен систем и сопственост во *bolo'bolo*. Бандитското *bolo* мора да биде релативно силно и добро организирано, и има потреба од структура на внатрешна дисциплина и репресија. За владејачката група во такво *bolo*, ова ќе мора да значи постојано бдеење и многу репресивна работа. Нивните *ibu*-си би можеле да го напуштат *bolo* во секој момент, би можеле да се појават други *ibu*-си, а околните *bolo*-си би биле во можност да ги набљудуваат чудните еволуции во таквото *bolo* уште од почеток. Би можеле да испратат гости, ограничат својата размена, уништат *munu* на бандитското *bolo*, да им помогнат на угнетените од тоа *bolo* против владејачката група. Снабдувањето со храна и други добра, набавката на оружје и опрема би претставувале исклучителни проблеми. *ibu*-сите на бандитското *bolo* би морале најпрвин да работат за да изградат основа за нивните напади: оттука можноста од бунт против шефовите. Без државен апарат на релативно големо ниво, репресијата би изискувала многу работа и не би била лесно профитабилна за угнетувачите. Нападите и експлоатацијата исто така не би биле многу профитабилни, бидејќи не постојат средства за зачувување на украдените добра во лесно преносли облик (нема пари). Никој не би се впуштил во размена со такво *bolo*. Тоа значи дека ќе трба да ги краде добрата во својот природен облик, што значи многу работа околу транспортирањето и потреба од повторни напади. Бидејќи постојат малку улици, малку автомобили, скудни средства за индивидуален транспорт, бандитското *bolo* би можело да ги напаѓа само своите соседи со што набргу би ги истрошило нивните извори. Додајте го отпорот на другите *bolo*-си, мож-

ната интервенција на милиции од поголемите заедници (*tega*, *vudo*, *sumi*: види *yaka*) и бандитството станува многу непрофитабилно, маргинално однесување.

Историски, освојувањето, пљачкосувањето и угнетувањето помеѓу нациите секогаш биле одраз на внатрешната репресија и недостигот и неможноста од комуникација. Обете причини не можат да постојат во *bolo'bolo*: *bolo*-сите се премногу мали за ефективна репресија, а истовремено средствата за комуникација се добро развиени (телефонски мрежи, компјутерски мрежи, плесното патување, итн.). Во поедничните *bolo*-си доминацијата не се исплати, а независноста е можна единствено со земјоделска основа. Грабливите *bolo*-си се сè уште возможни, но само како еден вид на *l'art pour l'art*, и за кратки периоди. Сепак, зошто би го почнале сето тоа повторно, имајќи ги на наше располагање искуствата на историјата? И кои би требало да се светските контролори доколку не сме способни да ги разбереме овие лекции?

Во поголем град, би можеле да ги пронајдеме следните *bolo*-си:

Alco-*bolo*, Sym-*bolo*, Maso-*bolo*, Vegi-*bolo*, Les-*bolo*, Frank-*bolo*, Italo-*bolo*, Play-*bolo*, No-*bolo*, Retro-*bolo*, Thai-*bolo*, Sun-*bolo*, Blue-*bolo*, Paleo-*bolo*, Dia-*bolo*, Punk-*bolo*, Krishna-*bolo*, Taro-*bolo*, Jesu-*bolo*, Tao-*bolo*, Marl-*bolo*, Necro-*bolo*, Pussy-*bolo*, Para-*bolo*, Basket-*bolo*, Coca-*bolo*, Incapa-*bolo*, HighTech-*bolo*, Indio-*bolo*, Alp-*bolo*, Mono-*bolo*, Metro-*bolo*, Acro-*bolo*, Soho-*bolo*, Proto-*bolo*, Herb-*bolo*, Macho-*bolo*, Hebro-*bolo*, Ara-*bolo*, Freak-*bolo*, Straight-*bolo*, Pyramido-*bolo*, Bala-*bolo*, Gam-*bolo*, Tri-*bolo*, Logo-*bolo*, Mago-*bolo*, Anarcho-*bolo*, Eco-*bolo*, Dada-*bolo*, Digito-*bolo*, Subur-*bolo*, Bom-*bolo*, Hyper-*bolo*, Rasle-*bolo*, итн. Понатаму, исто така има добри стари регуларни *bolo*-си, каде што луѓето живеат нормални, разумни и здрави животи (какви и да се).

Разновидноста на културни идентитети ја уништува модерната масовна култура и комерцијализираните моди, но исто и стандардизираните национални јазици. Бидејќи

нема централизиран училишен систем, секое *bolo* може да го говори својот јазик или дијалект. Овие можат да бидат постоечки јазици, сленгови или вештачки јазици. На тој начин официјалните јазици, со нивната функција како средства за контрола и доминација, се распаѓаат, а оттаму произлегува еден вид на вавилонски хаос, т.е., безвластие преку дезинформации. Бидејќи овој лингвистички неред би можел да предизвика проблеми на патниците, или во итните случаи, постои *asa'pili* – вештачки речник на некои основни термини кои лесно може секој да ги научи. asa'pili не е вистински јазик, бидејќи се состои само од неколку зборови (како: *ibu*, *bolo*, *sila*, *nima*, итн.), и нивните соодветни знаци (за оние кои одбиваат или се неспобни за вербален говор). Со помош на *asa'pili*, секое *ibu* може каде било да ги добие основните потреби како храна, засолниште, здравствена заштита, итн. Доколку сака подобро да разбере *bolo* кое зборува друг јазик, *ibu* ќе мора да го научи. Бидејќи *ibu* сега има доволно време, тоа не би требало да биде проблем. Природната јазична бариера е исто така и заштита од културната колонизација. Културните идентитети не можат да бидат конзумирани на вештачки начин – навистина треба да се запознаеш со сите елементи, поминеш некое време со луѓето.[8]

kodu е земјоделската основа на самоодржливоста на *bolo* и неговата независност. Видот на земјоделството, изборот на

[8] Зошто да не се одбере постоечки меѓународен јазик како англискиот или шпанскиот? Овие јазици беа инструменти на културниот империјализам и се стремат кон разложување на локалните традиции и дијалекти. Институцијата на стандардизирани „национални" јазици во 16 и 17 век беше еден од првите чекори на младата буржоазија за дисциплинирање на новиот фабрички пролетаријат: можете да применувате закони, фабрички регулативи итн., единствено доколку се разбрани. Неразбирањата и „глупоста" всушност беа едни од најраните облици на одбивање на индустриската дисциплина. Истите „национални" јазици подоцна станаа инструменти на дисциплина на империјалистичко ниво. Како и да било, *bolo'bolo* смета дека сите повторно „стануваат глупави"...

Анархистичка библиотека

П.М.
bolo'bolo

bolo'bolo, P.M., Semiotext(e) and P.M., New York, 1995
Превод: Фидан Безделник, 2003. Првпат објавено на
македонски од Плоштад Слобода, Скопје, 2004.

www.anarhisticka-biblioteka.org

де општа вредност. Доколку таа е вредност за тебе, приклучи се кон долговечно-*bolo*. (Денес, долговечноста е официјална вредност едноставно затоа што значи способност за работа и долгорочна употреба од страна на Работната машина). Постојат племиња кадешто живот е релативно краток, но многу интересен во други аспекти и други култури каде што долгиот живот е важна културна вредност. Едноставно постојат различни концепти на живот, различни пресметки меѓу авантурата и должината. Некои се повеќе заинтересирани за ризик, други за спокојство. Може да постојат *bolo*-си за секој од нив.

NUGO

nugo е метална капсула долга три сантиметри во дијаметар, затворена со кружен затворач чиј седумцифрен број е познат единствено на оној што ја носи (и неговиот најдобар пријател):



Овој метален сад содржи пилула со супстанција која предизвикува моментална смрта. Секое *ibu* ја добива својата *nugo* од своето *bolo*, исто како и *taku*. *ibu* може да ја носи својата *nugo* заедно со клучевите од неговиот сандак на ланец околу вра-

тот, за секогаш да биде при рака. Доколку *ibu* е неспособно да ја отвори капсулата и да ја проголта смртоносната пилула (заради парализа, повреда, итн.), останатите *ibu*-си се обврзани да му помогнат (види *sila*).

Доколку на *ibu* му е преку глава од *bolo'bolo*, од него самиот, од *taku*, *sila*, *nima*, *yaka*, *fasi*, итн., секогаш може да се чувствува слободно дефинитивно да ја прекине играта и да побегне од неговиот (подобрен, реформиран) кошмар. Животот не би требало да биде предуслов за оправдување на неговата одговорност кон *bolo'bolo*, општеството, иднината, или други илузии.

nugo го потсетува *ibu* дека *bolo'bolo* конечно нема никаква смисла, дека никој и ниту еден облик на општествена организација не може да му помогне на *ibu* во неговата осаменост и очај. Доколку животот се сфати премногу сериозно, тој станува пекол. Секое *ibu* се опремува со повратен билет.

Доколку *ibu* одлучи да се вртка наоколу, тоа ќе стапи во разновидни облици на комуникација и размена со неговите другари-*ibu*-си. Ќе им намигнува, ќе зборува со нив, допира, води љубов, работи со нив, кажува за неговите искуства и знаење. Сите овие се облици на *pili*, комуникација, едукација, размена на информации, изразување мисли, чувства, желби.

Пренесувањето и развојот на знаењето и културните идентитети се самите дел од таквиот културен бакграунд (*nima*). Секоја култура истовремено е и своја „педагогија". Функцијата на културното пренесување е узурпирана од специјализираните државни институции како училиштата, универзитетервенции, дезинфекции, хирушки зафати. И паралелизмот во хиерархијата).

Но доколку под терминот „војна" се подразбира колективно, страствено, директно насилство, *yaka* е начин тоа повторно да се направи можно. Можно, затоа што нема да биде потребно и оттаму никогаш не може да има катастрофални димензии. Можеби од слични причини Каленбах воведува еден вид на воен ритуал во неолитски стил во неговата *Ecotopia* (стр. 91). Но ова се случува надвор од секојдневниот живот и е еден вид на официјално надгледуван експеримент. „Вистинските" војни, како што се можни со *yaka*, не се компатибилни со Екотопија: од што се плашат? И, се разбира, жените се исклучени од неговите воени игри, бидејќи тие по природа се ненасилни. Уште еден типично машки мит…

Се разбира, можни се компликации. Примената на правилата може да направи да бидат нужни повремени милиции, на пр., доколку некоја страна продолжува да ги прекршува. Таквите милиции би можеле да развијат внатрешна динамика и да станат еден вид на армија, која од своја страна би изискувала посилни милиции кои би ги контролирале. Но таквата ескалација претпоставува централизиран економски систем со адекватни ресурси и општествено „празни" простори каде што може да се развива. Обата услови ќе недостасуваат.

Исто така е замисливо дека изолиран страствен мајстор може да направи атомска бомба во напуштен подрум на некоја фабрика и дека ќе сака да го уништи целиот град или област оствaрувајќи ја неговата сакросантска *nima* (културен идентитет). Тој би имал проблем да ги добие потребните материјали без да стане сомнителен на другите луѓе околу него. Спонтаната општествена контрола би го спречила најлошото. Но дури и луд мајстор би бил помалку опасен отколку денешните научници и политичари…

сѐ додека не се обиделе да се организираат во држави. Се разбира, не е грешка на Евреите да ја испробаат идејата за сопствена држава, затоа што нивните заедници во Германија, Полска, Русија, итн. биле нападнати од држави, а тие „немале избор“ освен да се организираат на ист начин. Етатизмот е како заразна болест. По создавањето на државата Израел, Палестинците сега го имаат истиот проблем што Евреите го имале во Германија. Не е ничија грешка – но проблемот останува. Ниту едно решение не се наоѓа во прашањето кој почна; ниту еверејска ниту палестинска држава тоа не може да го реши, а ниту еден реалполитички инструмент не се гледа на повидок. Некои автономни региони (*sumi*) со области или *bolo*-си од Евреи, Арапи, Друзи и други би можеле да го решат проблемот, но само доколку е решен на ист начин во целиот свет. Она што се случува на Блискиот исток сега може да се случи секаде во секој момент. Бејрут е само проба на костумите за Њујорк, Рио, Париз, Москва…

Чиста демагогија е да се објаснува феноменот на модерните војни преку постоењето на меѓуличното насилство. Ништо не е помирно, ненасилно и нежно отколку внатрешноста на една армија; војниците си помагаат едни со други, ја делат храната, се поддржуваат едни со други емоционално, се „добри другари“. Сето нивно насилство е манипулирано, фокусирано на непријателот. Дури и во овој случај ,чувствата не се толку значајни. Војната е станата бирократска, индустријализирана, анонимна процедура за масовна дезинфекција. Омразата и агресивноста само би ги вознемириле техничарите на модерната војна, дури би можеле да ги спречат да прават војна. војната не е заснована на логиката на насилството, на чувството, туку на логиката на државноста, економиите, хиерархиската организација. Во нејзината актуелна форма таа подобро би можела да биде споредена со медицината: неемоционалното справување со дисфункционални тела. (Споредета ја заедничката терминологија: операции, сали за операции, интите, затворите, итн. Во *bolo*-сите нема да постојат такви институции; учењето и пренесувањето на знаење ќе бидат интегрални елементи на самиот живот. Сите истовремено ќе бидат ученици и наставници. Бидејќи младите *ibu*-си постојано ќе бидат до постарите во *bolo*-работилниците, кујните, фармите, библиотеките, лабораториите, итн., тие можат непосредно да учат во практични ситуации. Пренесувањето мудрост, знаење, теории, стилови секогаш ќе ги придружува сите продуктивни или рефлективни процеси. Сѐ може да биде „вознемирено“ преку учењето.

Со исклучок на основните *bolo'bolo* услови (*asa'pili*), нема да постои задолжителна писменост. *bolo*-сите секако можат да ги учат читање, пишување и аритметика своите млади *ibu*-си доколку тоа го сметаат нужно за својата култура. Може да се случи одредени *bolo*-си да развијат посебни педагошки пасии и вештини така што младите *ibu*-си од другите *bolo*-си можат да одат таму и да учат одредени нешта. Или, доколку постои доволен консензус во населбата или градот (*tega, fudo)*, може да биде организиран некој вид на училишен ситем. Но сето ова ќе биде целосно доброволно и ќе се разликува од место до место. Нема да постои стандардизација на училишните системи, нема да има официјални програми.

На ниво на поспецијализираните и поголеми организации (регионални болници, железници, електрани, фабрики, лаборатории, компјутерски центри, итн.), може да биде барано знаење за работата. Секој инженер, доктор или специјалист ќе има некои помошници, а со нив ќе работи на лично ниво. Се разбира, можат да подготват посебни курсеви за нив и да ги испратат на други „мајстори“ или специјализирани *bolo*-си. Знаењето ќе циркулира слободно и на практична, лична, доброволна основа. Нема да има стандардизирани селекции, оцени, дипломи, титули, итн. (Секој може да се нарекува себеси „доктор“ или„професор“ доколку така сака).

Со цел да се овозможи циркулација на знаење, населбите или големите заедници можат да организираат центри за културна размена, пазари на знаење. Во таквите „реципрочни академии“ секој може да понуди часови или курсеви и да посетува други. Поранешните училишни згради или тавани би можеле да се искористат за такви цели и да бидат адаптирани преку додавање сводови, колонади, бањи, барови, итн. Во зградите би можело да има театри, кина, кафеа, библиотеки, итн. „Менито“ на таквите академии би можело исто така да биде дел од локалниот фонд на компјутерска мрежа, за секое *ibu* исто така да може да пронајде каде може и каков вид на тренинг и инструкции да добие.

Бидејќи *ibu*-сите имаат многу време на располагање, научните, магиските, практичните и игривите трансмисии на способности значително ќе се прошират. Проширувањето на своите културни хоризонти веројатно ќе биде главната активност на *ibu*, но нема да има никаков формален карактер. Исчезнувањето на централизирани, високоенергетски, високотехнолошки системи ќе ја направи исто така одвишна и централизираната, бирократизирана, формална наука. Но не постои опасност од ново „Мрачно доба“. Ќе има повеќе можности за информации и истражување; науката ќе биде на дофат на секого, а традиционалните аналитички методи ќе бидат возможни, помеѓу другите, без да го имаат привилегираниот статус кој го имаат денес. *ibu*-сите внимателно ќе ја избегнуваат зависноста од специјалисти, и ќе преферираат процеси со кои самите управуваат.

Како што е случај и со другите специјализации, ќе постојат одредени *bolo*-си или „академии“ (*nima'sadi*) кои ќе станат познати по знаењето кое таму може да се стекне, и кои ќе бидат посетувани од *ibu*-си од целиот свет. Мастери, гуруа, вештерки, магионичари, мудреци, учители од сите видови со високи репутации (*munu*) во своите полиња ќе собираат ученици околу нив. Светските правила на гостољубивост (*sila*) го охрабруваат

ријали (cf. Friedman, забелешка 13). Добар пример како голема метрополитенска област може ефикасно да биде поврзана со околниот регион би можел да биде Шангај, каде што свежиот зеленчук е секојдневно достапен секаде.

послаби ќе стануваат, а поцентрални ќе останат суперсилите.

Многу грешки се направени во врска со проблемот на такананеречението прашање за „нациите“. Социјалистите веруваа во надминување на национализмот преку развој на интернационализирани модерни индустриски цивилизации, а културната автономија ја сметаа како изговор за назадност. Но соочени со социјалистичката „утопија“, повеќето национални работнички класи попрвин го избраа реакционерниот национализам. Фашисти, буржоаски партии, националистички режими беа во можност да ги експлоатираат стравовите на работничките класи дека социјалистичката светска држава би ги земала дури и нивните мали простори на етничка традиција. Работничките класи исто така сфатија дека овој социјалистички „модернизам“ е само уште едно име за посовршена планетарна Работна машина.

Проблемот не е национализмот, туку етатизмот. Нема ништо погрешно во говорењето на сопствениот јазик, инсистирањето на традиции, историја, кујна, итн. Но штом овие потреби се поврзат со хиерархиски, вооружен, централизиран државен организам, тие стануваат опасни мотивации за шовинизам, презирање на разликите, предрасуди – тие се елементи на психолошка војна. Да се повика државата со цел да се заштити сопствениот културен идентитет никогаш не бил добар потег: трошоците се високи а истите културни традиции се искривоколчени од нејзиното влијание. Етничките култури речиси секогаш биле способни мирно да живеат заедно сè додека ги држеле државите на растојание. Еврејските и Арапските заедници живееле заедно без поголеми проблеми во Палестина, Маре, дури и во Бруклин,

делното слободно време во САД од 26 часа падна на 17. Schor, стр. 22, фуснота 1.). Енергијата го јаде времето што е потребно за нејзино производство, нејзина употреба, нејзина доминација и контрола. Помалку (надворешна) енергија значи повеќе време и внатрешна енергија за (стари и нови) задоволства, повеќе љубов во попладнињата, повеќе savoir-vivre, повеќе префинетост и човечки контакти. Се разбира ви треба „софтвер“ за да можете да уживате – за среќа овој софтвер постои, околу нас е илјадници години. По 1492 повторното откривање на континенот Куртополија ќе биде следниот голем чекор на човештвото. Профетите на жртвувањето ќе бидат измамени: ние нема да бидеме казнети за нашите „гревови“; ќе влеземе во нискоенергетскиот рај со катран црни (еколошки) души.

Бидејќи целосната енергетска потрошувачка за механичка употреба ќе биде многу ниска, секогаш ќе има доволно енергија за тешка работа, за земјоделство, за машини. Земјоделството сега користи само 1-3% од енергетското снабдување (т.е., сегашниот, индустријализиран механизиран облик на земјоделство). Нема да има доба на ринтање.

Проблемот е потежок за решавање во метрополитенските агломерации на Третиот свет, како Мексико Сити, Лагос, Бомбај, итн. Овие области се екстремно густо населени со гета, а селата во сегашниот момент се неспособни да ги примат масите кои се враќаат. Деурбанизацијата во овие области мора да започне со ревитализација на селата за тие да станат атрактивни од културолошка гледна точка, како и способни да ги исхранат жителите. Централизираните, од државата наметнати „решенија“ лесно можат да резултираат со катастрофи, како во случајот со Кампучија. Еден од условите за воскреснување на селата е подобрување на комуникациските системи. Од друга страна, голем дел од технологијата на гетата може да послужи како основа за независност, особено во полето на рециклирање и ефикасна повторна употреба на отпадните мате-

ват овој вид на „научен“ туризам многу повеќе отколку што тоа може да биде сторено во денешни услови. Универзитетот ќе стане универзален.

Комуникацијата сама по себе ќе има поинаков карактер во услови на *bolo'bolo*. Денес таа е функционална и централизирана, едвај ориентирана кон заемно разбирање, хоризонатлни контакти или размени. Центрите на информации (ТВ, радио, издавачки куќи, електронски бази на податоци) одлучуваат што ни треба со цел да го прилагодат нашето однесување на функциите на Работната Машина. Бидејќи денешниот систем е базиран на специјализација, изолација и централизација, информациите се потребни со цел да го спречат од колапс. Вестите потекнуваат од фактот дека никој нема време да се грижи за случувањата во неговото соседство. Мора да слушаш радио за да знаеш што се случува во соседното маало. Што помалку време имаме да се грижиме за работите, имаме потреба од повеќе информации. Бидејќи губиме допир со вистинскиот свет, зависиме од лажната, сурогатна реалност која ја произведуваат масовните медиуми. Истовремено ја губиме способноста да ја перципираме нашата непосредна околина.

Преку своите интензивни внатрешни интеракции и заемни размени, *bolo'bolo* ја редуцира бројката на неискусени настани и оттаму потребата од информации. Локалните вести не мораат да бидат емитувани преку весници или електронски медиуми, бидејќи *ibu*-сите имаат доволно време и можности да ги разменуваат орално. Муабетењето и оговарањето по тротоарите, на пазарите, во работилниците, итн., е исто толку добро колку и локален весник. Видот на вести секако ќе се разменува: без политика, без политички скандали, без војни, без корупција, без активности од страна на држави или големи компании. Бидејќи повеќе нема да има „централни“ настани, нема да има ниту многу вести за нив. Неколку нешта ќе се „случуваат“, т.е., секојдневниот медиумски театар се преместува од апстрактната медиумска машина во *bolo*-кујната.

Првата жртва на оваа нова ситуација ќе биде масовниот печат. Не само што овој медиум дозволува малку двонасочна комуникација (писмата до уредништвото се само алибија), причинува и големо трошење дрва, вода и енергија. Весникарските информации ќе бидат ограничени на билтени од секаков вид, записници од маалски или градски собранија (*dala*) и рецензии.

„Слободата на печатот" ќе биде вратена на неговите корисници. Може да има повеќе рецензии издавани нередовно од секаков вид организми, *bolo*-си, колективи на писатели, поединци, итн.

Улогата и употребата на книги исто така ќе се промени. Масовното производство на книги драстично ќе биде намалено, бидејќи помалку и подобри примероци ќе бидат потребни за пополнување на *bolo*-библиотеките. Дури и да постои тираж од сто примероци, пристапот до наслови од страна на индивидуалните *ibu*-си би можел да биде подобар. Со *bolo*-библиотеките можат да бидат избегнати огромни трошоци на дрво, мастило и време. Поединечната книга ќе биде со подобар квалитет а нејзината вредност ќе биде повеќе почитувана. Ќе биде повеќе од само извор на информации за еднократна употреба, какви што често се книгите со мек повез. Чисто техничките или научни информации коишто би требало да се достапни секаде, моментно би можеле да се складираат во електронски бази на податоци и да се консултираат или печатат по потреба. Книгата како предмет повторно ќе стане уметничко дело, како во средниот век. Во одредени *bolo*-си ќе постојат калиграфски студии и ќе бидат пишувани просветителски ракописи. Како и другите уникатности, тие би можеле да се разменуваат на пазарите како подароци.

bolo'bolo нема да биде електорнска цивилизација – компјутерите се типични за централизирани, деперсонализирани системи. *bolo*-сите можат да бидат целосно независни од електроника, бидејќи нивната автархија во повеќето полиња не

Би било перверзно редукцијата на снабдувањето со енергија да се смета за некој вид на одрекување. (Ова го прави Џереми Рифлкин - Jeremy Riflkin, *Entropy*, New York, 1980). Користењето на енергија секогаш значи работа. Високата употреба на енергија ја нема намалено работата, единствено ги рационализира работните процеси и ги пренесе напорите во полето на психо-сетилната работа. Само многу мал дел од енергијата се користи за замена на физичките напори. (А дури и овие последниве не се штетни per se, туку само кога стануваат монотони и еднострани. Во спортот, тие се сметаат за еден вид задоволство). Со исклучок на транспортот, само неколку задоволства се изведени од високото нечовечко трошење на енергијата. Од оваа причина, средствата за транспорт на луѓе ќе бидат ориентирани кон уживателни цели (види *fasi*). Многу еколози имаат потешкотии да замислат цивилизација на неенергетско задоволство, а редукцијата на енергијата ја сметаат за еден вид искупување (кон природата), дури и како облик на аскетизам, казна за нашиот „хедонизам". Се разбира, ова би било случај доколку политиките на заштеда на енергија ги прифатевме без инсистирање на нови, малку работа/многу задоволство начини на живот. Дали заборавиле дека најважните задоволства речиси немаат потреба од дополнителна не-човечка енергија: љубов, танцување, пеење, дрога, јадење, транс, медитирање, лежење на плажа, сонување, муабетење, играње, масажа, капење… Можеби се фасцинирани од културата на масовна потрошувачка, проповедајќи доба на одрекување со цел да доминираат над нивните внатрешни демони? Навистина, заштедата на енергија е морален проблем доколку општествените услови не се истовремено нападнати. (Моралноста е сè она што сте наведени да правите, а не би требало да го правите).

Индустрискиот доток на енергија ги уништува нашите најдобри задоволства затоа што го исцицува нашето време – времето стана најголемиот луксуз на моментот. (Уште од 1973 не-

asa'pili е составена од банда на 18 звуци (вклучувајќи и пауза) пронајдени во многу јазици во различни варијанти.

asa'pili зборовите можат да бидат напишани со знаци (види ја листата во оваа книга); не е потребна азбука. Во англиското издание на оваа книга, латинските букви се користени од практични причини – останатите азбуки (хебрејска, арапска, кирилица, грчка, итн.) исто така би можеле да се користат.

Повторувањето на збор значи органска множина: *bolo'bolo* = сите *bolo*-си, мрежа од *bolo*-си. Со апострофот (') можат да бидат формирани сложенки по волја. Првиот збор го определува вториот (како во англискиот): *asa'pili* („светски јазик"), *fasi'ibu* („патник"), *yalu'gano* („ресторан"), итн.

Покрај малиот *asa'pili* (којшто содржи само околу 30 зборови) би можел да биде создаден и поголем *asa'pili* за научна размена, меѓународни конвенции, итн. Задача на планетарното собрание ќе биде да состави речник и граматика. Да се надеваме дека ќе биде лесна.

Монокултурните, големи агроиндустрии и механизираното животинско производство изгледаат многу ефикасни и продуктивни, но долгорочно гледано тие доведуваат до ерозија на почвата и прекумерно трошење енергија, а за производство на животински протеини користат многу зеленчук што е потребен за исхрана на луѓето. Локалното потпирање на сопствени средства (со модерирана самоодредена размена) можно е практично секаде, а дури е и побезбедно поради погрижливото користење на земјата. (Оттаму, методите на Амишите во Пенсилванија ветуваат повеќе за иднината на САД отколку актуелните методи). Очигледно е дека ова не имплицира просто враќање кон традиционалните методи коишто не успеале во многу региони. Новите знаења во полето на биодинамичните методи и засилената комбинација на различни фактори (земјоделски култури + животни, животни + производство на метан, наизменични земјоделски култури, итн.) се неопходни за нов почеток.

изискува голема размена на информации. Од друга страна, постоечкиот материјал и хардвер исто така би можел да биде искористен од страна на *bolo*-сите за одредени цели. Радиото, телевизијата, компјутерските бази на податоци и мрежи се енергетски успешни и дозволуваат добар хоризонтален контакт меѓу корисниците отколку останатите медиуми. Локални кабловски ТВ мрежи, радио станици, видео библиотеки, итн., можат да бидат инсталирани од страна на локални организми (види *tega*, *fudo*) и да останат под контрола на колективните корисници.

Кога електрониката се користи од страна на *bolo*-сите, потребен е многу малку материјал; ќе има неколку паралели со случајот на недоволно искористени куќни комјутери денес. Неколку фабрики (една или две за континент) би можеле да ја произведуваат потребната опрема и да управуваат со размената на делови. Веќе во овој момент постои компјутерски терминал за секое *bolo* на оваа планета – нема потреба од понатамошно производство. Телефонската мрежа исто така би можела да биде завршена на таков начин за секое *bolo* да има барем една станица. Ова значи дека тоа би можело да биде поврзано со регионален или планетарен процесор или бази на податоци. Се разбира, секое *bolo* ќе мора да одлучи врз основа на сопствениот културен бекграунд дали има или нема потреба од такви средства за комуникација.

Бидејќи физичкиот транспорт често ќе биде поспор, поредок и со помал капацитет отколку денес (види *fasi*) електронската комуникациска мрежа би можела да биде прилично корисна. Доколку сакате да контактирате одредено *bolo* би можеле едноставно да се јавите – значи секое *ibu* би можело реално да стапи во контакт со секое друго *ibu*. Таквата мрежа на хоризонтална комуникација би можела да биде идеален додаток на самоодржливоста. Независноста не мора да стане синоним на изолација. За *bolo*-сите постои мал ризик за станување зависни од технологија и специјалисти – во секое време можат

да се потпрат на нивната сопствена експертиза и лични контакти. (Без *bolo*-си и релативна автархија, компјутерската технологија е само средство на контрола од страна на централизираната машина.)

Брзите и оширни информации можат да значат додатно богатство за *bolo*-сите, т.е., пристап до поголема разновидност на можности. Поединечните *bolo*-си можат да да повикаат различни „менија“ од базата на податоци – што значи, ќе знаат како да добијат одредени добра, услуги или знаења на разумна оддалеченост и со бараниот квалитет. Оттука подароците, постојаните договори за размена, патувањата, итн., сите ќе можат лесно да бидат уредувани без никаква потреба од пари.

Во контактите со другите *ibu*-си и *bolo*-си, можат да израснат одредени договори за заеднички иницијативи. Секое *bolo* ќе може доброволно да се приклучи кон таквите иницијативи, но се рабира *bolo*-сите кои ќе одлучат да не соработуваат нема да имаат право автоматски да ги користат. Општествената организација е замка, во *bolo'bolo*, цената на фаќањето во таква замка може да биде *kene*, надворешна, принудна работа. (Стариот душман. . .)

Заедничките иницијативи како болници, енергетски извори (елекрицитет), високи технологии, медицина, заштита на околината, средства за комуникација, водоснабдување, рударство, масовно производство на одредени добра, големи технологии (рафинерии, железарници, централи за прочистување, бродоградба, изградба на авиони, итн.) изискуваат одреден број на *ibu*-си спремни да извршуваат таков вид работа. Веро-

20-часовна седмица, Андре Горц (*Les chemins du Paradis – l'agonie du Capital*, Galilée, 1983) предлага 20.000 часовен работен живот. По Маршал Салинсовото истражување за *Економијата на каменото доба* (*Stone Age Economics*, 1972), два-три часовниот работен ден е пред победа. (Иронично, произлегува дека американскиот стандард на живот од 1948 денес би можел да се репродуцира во 4 часа дневно… утопијата е зад нас. Cf. Schor, фуснота 1). Проблемот е во тоа кој ќе го воведе ова работно време и зошто. Таквите регулативи имплицираат централна држава или некој сличен организам за наградување или казнување. Но бидејќи нема држава во *bolo'bolo*, не може да има никакви (дури и многу наклонети) регулативи на ова поле. Соодветниот културен контекст е оној којшто дефинира што ќе се смета за „работа“ (=мачење) во одредено *bolo* и она што ќе биде сфатено како „слободно време“ (=задоволство), или дали таквите дистинкции воопшто имаат смисла. Готвењето би можело да биде многу значаен ритуал во едно *bolo*, страст, додека во друго *bolo* тоа е здодевна нужност. Можеби музиката е многу поважна во ова второто, додека во друго би била сметана за бучава. Никој не знае дали ќе има 70 часовна работна недела или 15 часовна работна недела во едно *bolo*. Не постои обврзувачки начин на живот, општ буџет за работа и слободно време, туку повеќе или помалку слободен ток на страсти, перверзии, абнормалности, итн.

Дури и таканаречените меѓународни јазици како есперанто се моделирани врз основа на европските „национални“ јазици и се поврзани со империјалистичките култури.

Единственото решение е сосема случаен, неповрзан, вештачки „јазик“ без никакви културни врски.

Значи *asa'pili* била сонувана од *ibu*, и ниту едно етимолошко или поинакво истражување нема да биде способно да објасни зошто *ibu* е *ibu*, *bolo* е *bolo*, *yaka* е *yaka*, итн.

загарантиран минимален доход. Вистина е дека овие мотиви се манипулирани од страна на политички групи, но таков е случајот и со „разумните“ економски борби. Поентата е, тие постојат.

Од каде треба да произлегува *nima*? Засигурно е погрешно да се бараат културни идентитети ексклузивно во старите етнички традиции. Знаењето и повторното откривање на таквите традиции е многу корисно и може да биде многу инспиративно, но „традицијата“ исто така може да биде родена и денес. Зошто да не создаваме нови митови, јазици, нови облици на заеднички живот, домување, облекување, итн.? Традициите на едни луѓе можат да станат утопија за други. Создавањето на културни идентитети е комерцијализирано и неутрализирано во облиците на мода, култови, секти, „бранови“ и стилови. Распространувањето на култови покажува дека многу луѓе чувствуваат потреба за живот воден од добро дефинирана идеолошка позадина. Желбата којашто е искривоколчена во култовите е онаа на единство на идеите и животот – нов „тоталитаризам“ („Ora et labora“). Доколку *bolo'bolo* се нарече еден вид на плуралистички „тоталитаризам“, тоа не е лоша дефиниција. Може да се каже дека од 1960-те започнат е период на културно создавање во многу, особено индустријализирани, земји: обновени се ориентални, египетски, народни, магични, алехемиски и други традиции. Експериментирањето со традиционални и утописки начини на живот е започнато. По разочарувањето од материјалните богатства на индустриските општества, многу луѓе се пренасочија кон културното богатство.

Бидејќи *nima* е јадрото на *bolo*, не може да има никакви закони, правила или контроли над неа. Од истите причини, општите регулативи за работните услови внатре *bolo*-сите се невозможни. Регулираното работно време отсекогаш било изложбениот примерок на утописките планери. Томас Мор во 1516 гарантирал шестчасовен работен ден, Каленбах

јатно е дека мнозинството *ibu*-си можат да бидат пронајдени на доброволна основа, т.е., тие дури и можат да ги остварат своите производствени пасии во такви иницијативи. Од друга страна, овој сектор ќе биде драстично редимензиониран и целосно детерминиран од волјата на заедниците кои партицираат. (Не мора да се изградат бродови; темпото и квалитетот на работа ќе биде дефиниран од оние што работат; не постојат наемнини или шефови; нема итаници или профитабилност.) Индустриските потфати на *bolo*-сите, градовите или регионите ќе бидат релативно аљкави, безопасни, нископродуктивни зделки, и повеќе не толку одвратни за *ibu*-сите кои ќе работат на нив. И покрај тоа, разумно е да се организираат неколку индустриски централи или централизирани институции на повисоко ниво: грижливо планираната, еколошки опремена фабрика за челик од средна големина е многу помал загадувач отколку топилница во секој *bolo*-двор. Малото не секогаш е убаво.

Значи, доколку одреден број на *bolo*-си или други заедници се одлучат да покренат такви средноголеми иницијативи, и доколку не е возможно да се пронајде доволно голем број на *ibu*-си да ја извршуваат таа работа, што може да се стори? Моќе да постои „остаток“, а оваа преостаната работа (*kene*) би можела да биде дистрибуирана меѓу заедниците кои партицираат и да се прогласи за „задолжителна“. За возврат, добрата и услугите кои ги произведуваат ќе ги добијат „бесплатно“. Количеството *kene* (општествена или надворешна работа) зависи од ситуацијата. Повеќето традиционални општества се запознаени со овој систем, и во време на кризи или економски колапс тие спонатно се враќаат на него доколку не се попречени со државна интервенција или ограничување на сопственоста. Замисливо е дека едно *bolo* би можело да одвои 10% од своето активно време (т.е., 50 *ibu*-си дневно по неколку часа) за заедничка работа во заедницата. Оваа заедница (*tega*) би можела да пренесе 10% од својата работа на градот (*fudo*) и

така натаму сè до планетарните институции. Внатре *bolo* би можел да постои систем на ротација или други методи, зависно од обичаите и структурата. Веројатно *kene* ќе се состои од главно неквалификувани, глупави, но на некој начин потребни задачи, оние кои веројатно не исполнуваат ничие занимање. Но којзнае – копањето јама може исто така да биде забавно. За *ibu* како индивидуа, дури и работата на која се согласил може да биде принудна; секогаш може да се премисли и да замине, или да се обиде да го извлече своето *bolo* надвор од такви договори. Ова ќе биде прашање на репутација – *munu*. (Мислам, извршувањето принудна работа би можело да уништи нечија репутација.)

TEGA

Врз основа на комуникацијата (*pili*) и заедничката активност (*kene*), возможни се поголеми заедници од *bolo*. Облиците на таквите конфедерации, координации или останати *bolo*-кластери ќе се разликуваат од регион до регион и од континент до континент. *bolo*-сите исто така можат да опстојуваат и сами (во џунгла) или во групи од два или три. Можат да имаат лабави договори, можат тесно да соработуваат, речиси како на „државно“ ниво. Можат да постојат прекрстувања, привремени договори, енклави и ексклави, итн.

Една основна можност за десет или дваесет *bolo*-си е да формираат *tega*, село, мало гратче, поголема населба, долина, помала околија, итн. *tega* може да биде детерминирана од географската погодност, урбаната организација, културните или историски фактори или едноставно склоноста. *tega* (да ја наречеме „општина“) ќе извршува одредени практични задачи за

Суштинската функција на културниот идентитет најдобро е илустрирана од судбината на колонизираните народи. Нивната вистинска несреќа не започнала со материјалното експлоатирање, туку со повеќе или помалку планираното уништување на нивните традиции и религии од страна на христијанските мисионери. Дури и под сегашните услови на многу од овие нации би им било подобро – но тие едноставно повеќе не знаат зошто би им било подобро. Деморализирањето допира подлабоко од економската експлоатација. (Се разбира, индустријализираните нации биле деморализирани на ист начин – тоа само се случило поодамна и станало дел од нивните стандардни култури). На Западна Самоа нема глад и речиси никакви болести, а интензитетот на работа е многу низок. (Ова најмногу заради климата и прилично монотоната исхрана од таро, овошје и свинско). Западна Самоа е една од 33-те најсиромашни земји во светот. Има еден од највиските проценти на самоубиства во светот. Најмногу оние што се убиваат се млади луѓе. Овие самоубиства не се заради потполната мизерија (иако не може да се одрекне дека не постои мизерија), туку заради деморализирањето и недостатокот на перспективи. Христијанските мисионери ги уништиле старите религии, традиции, танци, фестивали, итн. Островите се полни со цркви и алкохоличари. Рајот бил уништен долго пред доаѓањето на Маргарет Мид. Покрај некои вулгарно марксистички концепти, „културата“ е поважна од „материјалниот опстанок“, а хиерархијата на основни или други потреби не е толку очигледна како што изгледа, туку повеќе е „етноцентрична“. Храната не е само калории, начините на готвење се од суштинско значење, куќите не се само засолништа, облеката е многу повеќе од заштитување на телото. Не постои причина зошто некој би требало да е збунет доколку луѓе на кои им се заканува глад се борат за својата религија, својата гордост, својот јазик и останатите „суперструктурни“ „склоности“, пред да бараат

помагање на различни начини. Личната општествена контрола е „цената“ која ја плаќаме за укинување на парите. Речиси никој нема да можа да се изолира себеси и да исчезне во анонимните меѓупростори на масовното општество како денес, освен во оние *bolo*-си засновани на свесна анонимност. Општеството секогаш значи полиција, политика, репресија, закана, опортунизам, дволичност. За многу од нас, општеството никогаш нема да биде подносливо, а „добро општество“ е името на нашиот кошмар. Од оваа причина *bolo'bolo* не може да биде хомоген систем за секого – ќе има преостанати простори за мали групи, поединци, скитници, испосници, итн. Не секој може да живее во општество. (Овој аспект исто така недостига во повеќето утопии или политички идеологии – освен во старата добра либерална филозофија. *bolo'bolo* е поблиску до либерализмот отколку до социјализмот… но либерализмот сам по себе е исто толку тоталитарен колку и социјализмот: идеологијата на доминантниот). Се плашам од *bolo'bolo*…

За идните *bolo*-градители следните бројки (дадени од вистински земјоделци кои произведуваат во умерените клими на Швајцарија) можат да бидат од корист:

За зеленчук (2 кг за личност неделно) одвоени 2,5 ha

За млеко, јогурт, сирење, путер: 60 крави на 30 ha

За јајца (4 за личност неделно): 500 легла на 5 ha

За леб и тестенини: 15 ha

За компири (1 кг за личност неделно): 1 ha

За овошје, зрнести плодови, сок и ракија: 8 ha

За месо: (31 кг годишно, половина од денешната потрошувачка): 22,5 ha

За да се нахранат 50 лица со урамнотежена невегетаријанска исхрана: 85 ha (210 акри). Во Швајцарија (најлошо сценарио споредено со САД) всушност има 89 ha по *bolo*, плус пасишта, шуми итн. Во САД апсолутно не постои никаков проблем за употреблива земја. (P.M. and friends, *Olten-alles aussteigen*, Zurich, 1991, стр. 64)

нејзините членови: улици, канали, вода, енергетски централи, мали фабрики и работилници, јавен транспорт, болница, шуми и води, магацини на материјали од секаков вид, градење, пожарникари, пазарни регулации (*sadi*), општа помош, резерви за итни случаи. Повеќе или помалку, *bolo*-сите организираат еден вид на самоадминистрирање или самоуправување на локално ниво. Големата разлика меѓу нив и облиците во денешните општества (маалските совети, општинските комитети, „советите“, месните заедници, итн.) е што тие се детерминирани „одоздола“ (не се административни канали на централизиран режим) и дека самите *bolo*-си со својата изразита независност ја ограничуваат моќта и можностите за такви „влади“,

Општината исто така може да претпоставува (доколку *bolo*-сите сакаат) општествени функции. Може да има органи кои ќе се справуваат со конфликти меѓу *bolo*-сите, да надгледуваат дуели (види:*yaka*), да пронаожаат или распуштаат ненаселени *bolo*-си, организираат општински *bolo*-си (за *ibu*-си кои не можат да пронајдат заеднички начин на живот, а сепак сакаат да живеат во *bolo*…). Во рамки на општината, јавниот живот би требало да биде конституиран на таков начин што различни начини на живот би можеле да коегзистираат, а конфликтите би останале возможни, но не претерано истоштувачки. Во општината, поинакви облици на живот надвор од *bolo*-сите би требало да најдат свој простор за живот: испосници, гнезда на нуклеусни семејства, номади, скитници, заедници, самци. Општината ќе има задача да го обезбеди опстанокот на тие луѓе, помагајќи им во склучувањето договори со *bolo*-сите кои се однесуваат на храна, работа, социјални активности, извори итн. Општината ќе организира онолку заеднички институции колку што *bolo*-сите кои пратиципираат сакаат: базени, лизгалишта, мини-оперски куќи, театри, пристаништа, ресторани, фестивали, забави, трки, панаѓури, кланици, итн. исто така би можеле да постојат и општински фарми засновани

на заедничка работа (*kene*) кои ќе обезбедуват леб или млеко за целата *tega*. Во сето ова, *bolo*-сите ќе се грижат да не загубат многу од својата самоодржливост на општината – првиот чекор кон централна држава секогаш е најбезопасниот и најнеупадливиот.

шематски приказ на гратче (tega):

Еден од проблемите на општествените институции – дури и кога ги извршуваат најдобрите и најневините функции – е дека се стремат кон развивање сопствена динамика кон централизација и независност од нивните избирачи. Општеството секогаш го носи ризикот за враќање на Државата, на моќта и политиката. Најдоброто ограничување на таквите тенденции е самоодржливоста на *bolo*-сите. Без ова, сите останати формални демократски методи мора да пропаднат, дури и

Од многу причини, *bolo*-сите не се едноставно племиња – нивното време е неповратно заминато. Слоганот „Единствено племињата ќе преживеат“ звучи убаво и романтично, но нашата несреќна историја ни покажува дека племињата не преживеале во повеќето делови од светот, а оние што останале сè уште исчезнуваат. Она што денес го знаеме како племиња во најголема мера се патријархални, осакатени, изолирани, одбранбени и ослабени структури, и повеќе не можат да служат како практични модели. Вистина е дека повеќето карактеристики на „идеалното племе“ можат да бидат применти на *bolo* (културниот идентитет + самоодржливоста + големината + гостољубивоста), но „вистинските“ племиња не оставија во кашата што ја имаме денес. Племињата (сите ние) не беа способни да ја запрат појавата на Работната машина. Многу одамна сите бевме добри дивјаци, сепак еве го ова чудовиште цивилизацијата. Нема причина да претпоставуваме дека денешните преживеани племиња ќе стореле подобро – тие се само поштедени преку условите. Единствено денес можеме да се грижиме за спречување истата „грешка“ (секоја грешка мора да биде направена еднаш во историјата... можеби двапати...) да се случи повторно. Индустриското работно-општество не беше чиста хазардна игра; мора да се соочиме со него, да научиме од него, а ниту еден лет во племенскиот мит нема да ни помогне. Вистинското „племенско доба“ започнува токму сега.

Општествената организација секогаш значи општествена контрола дури и во случај на флексибилни, слободно дефинирани *bolo*-си. Кога парите ќе исчезнат како средство за анонимна општествена контрола, дел од оваа општествена контрола ќе се појави повторно во облик на лично, непосредно надгледување, мешање, ограничување. Всушност секој облик на солидарност или помош исто така може да се смета како облик на општествено ограничување. Секое *bolo* ќе мора да се справи со оваа неизбежна дијалектика на ограничување и

„човекот не може да биде човек кога живее во заедница која брои повеќе од 3.000 лица“. Скинеровиот *Walden Two* (Macmillan, 1948) е населен од 2.000 лица, а најголемата група во неговиот систем е од 200 лица.

Повеќето утопии се полни со општи рецепти кои се задолжителни во сите свои основни димензии (облекување, работни распореди, образование, сексуалност, итн.), и претпоставуваат одредени принципи на внатрешно организирање (демократија, сифогранти, итн.). Разумноста, практичноста, хармонијата, ненасилството, екологијата, економската ефикасност, моралноста, се вредности кои мораат да бидат спроведени. Но во *bolo,* културно дефинираните луѓе живеат заедно а нивните мотивации не се одредени од задолжителен сет на морални закони. Доколку постои „етика“, таа е содржана во одредени структури и размери и функционира без вредности или идеали. Секое *bolo* е различно. Дури ниту совршено демократска структура не може да го гарантира изразувањето и остварувањето на желбите на лицата кои земаат учество. Ова е основен недостаток на многу предлози за самоуправување (маалски совети, соседски комитети за одбрана, совети, грасрут демократии, итн.), особено доколку грасрут организациите се основани или контролирани од државата или партиските организми. Единствено културниот идентитет и диверзитет можат да гарантираат одреден степен на независност и „демократија“. Ова не е прашање на политика.

Бидејќи *bolo*-сите се релативно големи, ќе постојат подподелби и дополнителни структури и организми во повеќето од нив. Проблемите како имањето (или немањето) деца, образование, (или подобро: никакво образование воопшто), полигамија, егзогамија, односи, итн. не можат да бидат обработени во таква голема рамка. Овие структури ќе бидат различни во секое *bolo* (*kana*, семејство, големо домаќинство, банда, единечни ќелии, интернати или не, тотеми, итн.).

принципот на делегирање одоздола, системите на ротација на места, контроли и урамнотежувања, публицитет, право на целосна информираност, делегирање од мнозинство, итн. Ниту еден демократски систем не може да биде повеќе демократски отколку материјалната, егзистенцијална независност на неговите членови. Не постои демократија за експлоатираните, уценуваните, економски слаби луѓе.[16]

Земајќи ја автархијата на *bolo*-сите, можат да се дадат одредени предлози кои би можеле да го минимизираат ризикот од државност. Внатре *bolo*-сите, не може да постојат правила, бидејќи нивната интерна организација е одредена од нивниот начин на живот и културен идентитет. Но на ниво на општината (и сите „повисоки“ нивоа) следните процедури би можеле да бидат разумни (се разбира, *bolo*-сите од секоја оптина ќе изнајдат свој сопствен систем).

[16] Всушност, грчкиот термин *demokratia* го означува владеењето на *demes*, што не значи населението, туку клановите на граѓани, оригинално племенски единици поседувајќи ја земјата за автархија во храната (многу налик *bolo* вид, со исклучок дека постоело ропство, се разбира). Надвор од *deme* не постоело граѓанство, а *autarkeia* била состојбата на политички суверенитет. Оттогаш, сите системи на *laiokratia*, „владеење на масите“ се докажале или лажни, или екстремно нестабилни и подложни на манипулација од навистина суверените класи. Најпосле, Хитлер беше изгласан…

Општинските работи се дискутираат и применуваат од страна на општинско собрание (*dala*) во кое секое *bolo* испраќа двајца делегати. Дополнително ќе има уште двајца надворешни делегати (*dudi*) од други собранија (види подоле). *bolo*-делегатите се назначувани од страна на мнозинството, а половина од делегатите мора да биде од машки пол (за да нема преголема претставеност на жените, кои го формираат „природното“ мнозинство). Секој учествува во ова делегирање, дури и децата. Се разбира, никој не би можел да го надгледува или присилува таквиот систем; би можел да постои единствено како договор меѓу *bolo*-сите.

Општинското собрание (*dala*) избира двајца *dudi* од своите членови, исто така преку мнозинство. Овие надворешни делегати ќе бидат испратени во друг систем во други собранија (други општини, области, региони) од друго ниво и друга област. Значи општината во Долен Менхетен би ги испратила своите набљудувачи во собранието на регионот (види: *sumi*) Ајдахо, собранието на округот Дачес би испратило набљудувачи во општинското собрание во Денвер, регионот Чивава (Мексико) би испратил набљудувачи во собранието на покраината Тексас, итн. овие набљудувачи или делегати имаат полно право на глас и не се подложни на дискреција – всушност нивната задача е недискреција и мешање во „надворешните“ работи.

Таквите набљудувачи би можеле да ја оневозможат локалната корупција и воведат потполно надворешни мислења и ставови – тие би ги вознемирувале сесиите. Би можеле да ги спречат собранијата да развиваат изолационистички тенденции и регионален егоизам.

Дополнително, собранијата од сите нивоа би можеле да бидат ограничени во време (избор за само една година), преку принципот на јавен собир, преку ТВ емитување, преку правото секој да биде слушнат за време на сесијата, итн.

групи (1-9, 10-19, итн.) би содржеле помеѓу 20 и 40 лица (освен над 80 години, се разбира). Во областите од Третиот свет, овие бројки отпрвин би биле поинакви (300 млади, 150 средновечни, 50 стари), но подоцна ќе се прилагодат на горните бројки.

Типично е за повеќето алтернативни и утопистички теоретичари да ги зачнуваат своите основни заедници од административна или чисто еколошко/техничка гледна точка. Ова е исто така случај и со анархистичките или синдикалистички теории како и за повеќето утопии. Томас Мор, во 1516, комбинира 30 големи домаќинства во единици со околу 500 лица („Триесет домаќинства, петнаесет од секоја страна, се задолжени за секоја хала а таму и се хранат“. *Utopia*, Washington Square Press, 1971, стр. 59). Основните заедници на утопистите од 19 век (Фурие, Сен Симон, Вајтлинг, Кабе, Овен, итн.) се често поголеми, затоа што се ориентирани кон чиста автархија. Фаланстериите на Фурие се мали универзуми кои ги содржат сите човечки страсти и занимања. Повеќето модерни утопии всушност се тоталитаристички, монокултурни модели организирани околу работа и образование. Иронично, некои утопистички елементи се искористени во заснованието на затвори, болници, фабрики и во тоталитарните режими (фашизам, социјализам, итн.).

Во *Blueprint for Survival* (The Ecologist, Volume 2, No. 1, 1972, цитирано во Дејвид Диксоновиот, *Alternative Technology*, Fontana, 1974, стр. 140), основните единици се „соседства“ од околу 500 лица кои формираат „заедници“ од 5.000 лица и „регии“ од 500.000 лица, кои од друга страна се основа за „нации“. Callenbach (*Ecotopia*, Bantam New Age Books, 1975) предлага „миниградови“ од околу 10.000 лица и заедници од 20-30 лица. Во една Швајцарска студија (Binswanger, Geissberger, Ginsburg, *Wege aus der Wohlstandsfalle*, fischer alternativ, 1979, стр. 233), општествените единици со повеќе од 100 лица се сметаат за „нетранспарентни“, додека Хопите велат дека

бидат обврзани потоа да живеат заедно. Повеќето мотиви за дуели оттаму ќе бидат во полето на емоционалните, културните или личните контрадикции. Тие можат да служат за намалување или зголемување на нечија репутација (*munu*). (Во случај на преовладувачки ненасилни идеологии, за намалување.)

Невозможно е да се предвиди колку честа, колку насилна и колку широка ќе биде *yaka*. Таа е културен феномен, начин на комуникација и интеракција. Бидејќи вклучува многу материјални и општествени непогодности (рани, оштетувања, уништена репутација), таа може да се покаже како исклучок. Но дуелите и борбите не се игри, и не можат едноставно да означуваат играње или „сублимација“ на агресивност – тие не можат да бидат сметани за некаков вид на терапија; тие се сериозни, и вистински ризици. Возможно е дури некои културни идентитети да мораат да исчезнат без постојани или периодични борби. Насилството продолжува, но не нужно и историјата.

Бројот од 500 лица се чини дека е еден вид на горна граница за „спонтаното“ функционирање на поголеми општествени организми. Соодветствува со жителите на типипичните стари урбани соседства (маала) во многу земји, со пешадиски баталјон, со капицитетот на поголема хала, со средноголема организација, со средноголемо училиште, итн. Причините не се чисто генетски или традиционални. Бројот од 500 лица дозволува минимална разновидност на години, пол, интереси, основна поделба на трудот. Истовремено, самоорганизаирањето е возможно без посебни организми, анонимноста нужно не е последица (сè уште можете лично да ги познавате сите членови на заедницата, но без нужно да бидете блиски пријатели). Старосните групи се доволно големи за социјална интеракција, а возможна е дури и ендогамија. Во развиена индустриска земја ќе има околу 200 млади лица (1-30 години), 200 средновечни лица (30-60), и 100 стари лица. Старосните

Делегатите од *bolo*-сите би имале различни статуси и би биле повеќе или помалку зависни од инструкциите на нивните *bolo*-си. Нивниот мандат повеќе или помалку би бил императив – зависно од тоа какво *bolo* претставуваат, дали е „полиберално“ или повеќе „социјалистичко“. Тие се исто така одговорни и за извршување на нивните одлуки (ова е уште едно ограничување на нивните бирократски тенеденции), а нивната активност може да се смета како еден вид на задолжителна работа (*kene*).

dala-сите од сите нивоа не можат да се споредуваат со парламенти, влади или дури органи на самоуправување. Тие само управуваат со некои социјални меѓупростори и договори меѓу *bolo*-сите. Нивната легитимност е слаба, нивната независност исто така, нивните задачи локално ограничени и чисто практични. Тие подобро би биле споредени со „сенати“ или „горни домови“, т.е., состаноци на претставници на независни единици, еден вид на феудална демократија. Тие не се дури ниту „конфедерации“. *bolo*-сите секогаш можат да ги бојкотираат нивните одлуки или да свикуваат народни собранија…

VUDO

bolo-сите повеќето од своите проблеми ќе ги решаваат самостојно или во своите општини (*tega*). Но во исто време повеќето *bolo*-си ќе имаат фарми и други ресурси надвор од општинските-„граници“. За да се уредат таквите нешта, во многу случаи би била погодна поголема координација меѓу општините. Десет до дваесет општини би можеле да организираат одредени задачи во рамки на *fudo* (мал регион, град, покраина, кантон, долина).

Големината на таквата покраина би морала да биде многу флексибилна, зависно од географските услови и постоечките структури. Ќе претставува функционална животна покраина (биорегион?) за околу 200.000 *ibu*-си, или 400 *bolo*-си. Ќе има многу малку транспорт кој ќе се одвива надвор од *fudo*. Земјоделството и фабрикултурата би требало да се географски обединети на ова ниво, самоодржливи до 90% или повеќе. Внатре покраината би требало да биде возможно за секое *ibu* да патува некаде и да се врати истиот ден (и сè уште да има време да направи нешто). Во густо населените покраини, ова би можело да биде површина од 50x50 км, за секое *ibu* да може да се движи наоколу со велосипед.

Областа би можела да има ист вид на задачи како и општината, само на повисоко ниво: енергија, транспортни средства, висока технологија, болница за итни случаи, организација на пазарите и саемите, фабрики, итн. посебна задача на покраините би грижата за шумите, реките, планинските области, мочуриштата, пустините – области кои не припаѓаат ниту на едно *bolo*, кои се користат заеднички, и кои треба да се заштитат од секаков вид на загадување. Покраината би имала повеќе задачи на полето на земјоделството, особено во справувањето со поврзаните конфликти меѓу *bolo*-сите (кој која земја ќе ја добие?).

Покраината може да биде организирана околу покраинско собрание (*fudo'dala*). Секое општинско собрание би можело да испрати двајца делегати (1 од машки пол, 1 од женски) избрани од мнозинството (види: *dala;dudi*).

Некои покраини ќе мораат да бидат поголеми, да се справуваат со градови од неколку милиони жители. Овие мегалополиси претставува посебен проблем, бидејќи нивните урбани *bolo*-си (лесно оформени) ќе имаат потешкотии во станување-

- Штом една од страните се прогласи себеси за поразена, борбата мора да се запре;
- Оружјата чиј дострел е поголем од можноста да се види белката на непријателските очи се забранети (околу 100 јарди);

Единствено „механичките" оружја (телото, стапови, боздогани, мечеви, чатали, копја, секири, самострели, камења) се дозволени: не се дозволени пиштоли, отрови, гранати, оган, итн.[22]

Комитетите за дуел ги набавуваат оружјата, го подготвуваат местото за борба, обезбедуваат судии (вооружени, доколку е потребно), се грижат за превозот и лекувањето на ранетите, ги заштитуваат посматрачите, животните, растенијата, итн.

Доколку големите заедници (покраини, *bolo*-си, општини, итн.) започнат борби, компетентните комитети за дуел можат да бидат принудени на значителни напори. Штетата предизвикана од борбите може да биде поправена од страна на предизвикувачите, дури и во случај на победа. Дуелите речиси никогаш нема да бидат поврзани со добивање материјални предности, бидејќи тие се премногу скапи, а страните ќе

[22] Но, дали таков сет на воени правила ќе биде почитуван? Нема ли насилството едноставно да ги збрише сите забрани и правила? Овој страв е типичен за цивилизација каде што директното насилство е отфрлено со векови со цел да се зачува бирократизираното насилство на државата. Кога насилството ќе биде секојдневно искуство, луѓето ќе научат да се справуваат со него на рационален начин. (Истото важи и за сексуалноста, гладта, музиката, итн.). Рационалноста е поврзана со изобилието: настани коишто ретко се јавуваат водат до катастрофални реакции. Воените правила биле ефективни во времето на античките Грци или Римјани, во средниот век, меѓу Американските Индијанци, во многу други цивилизации. Единствено под влијание на лошите комуникации меѓу луѓето можат да се јават катастрофи како Цезар, Џингис Кан, Кортез итн. *bolo'bolo* ќе ги отфрли таквите историски несреќи: комуникацијата ќе биде универзална (телефон, компјутерски мрежи, итн.) и правилата (оттаму!) ќе бидат познати.

bolo и *tega*

bolo и *fudo*

ibu и *sumi*

fudo и *sumi*

итн.

Како и другите облици на размена (во овој случај, на физичко насилство), *yaka* (тепачките) можат да бидат регулирани со заеднички договори, со цел да се ограничи опасноста и ризикот. Една од задачите на општинските собранија и покраинските комитети ќе биде да им помогнат на *ibu*-сите и *bolo*-сите да го одржат *yaka* кодот:

- Формален предзивик може да се случи само во присуство на најмалку двајца сведоци;
- Предизвикувањето може секогаш да биде одбиено;
- Соодветните собранија (*yaka*-комитетите на *bolo*-сите, општините, покраините, итн.) мора да бидат поканети да се обидат да возвратат;
- Изборот на оружје и време на дуелот му припаѓаат на предизвиканиот
- Видот на заштита е дел од оружјето;
- Дуелот мора да се одржи во присуство на делегација на соодветните комитети;
- Односниот *yaka* комитет ги обезбедува оружјата за двете страни;

то самоодржливи во полето на храната.[17] Приодите кон овој проблем ќе бидат разновидни. Најпрвин, големите градови би требало да се намалат, преку формирање единици не поголеми од 500.000 луѓе. Во одредени случаи, и за историски интересните градови (Њујорк, Лондон, Рим, Париз, итн.), ова не може да биде сторено без да се оштети нивниот типичен имиџ. Во овој случај овие суперпокраини мораат да склучат посебни договори со околните покраини или региони кои се однесуваат на размената на храна наспроти одредени „културни“ услуги (театар, кино, галерии, музеи, итн.) за неколку региони. Од друга страна, приградските општини на таквите градови би можеле да достигнат целосна самоодржливост, а смалените подрачја би можеле да гарантираат барем делумно снабдување со храна за централните подрачја.

SUMI

Автономниот регион (*sumi*) е најголемата практична единица на *bolo*-сите и *ibu*-сите. Таквиот регион би можел да

[17] Конверзијата на некои американски градови-чудовишта како Лос Анџелес (L.A. is a lovely city!) од автомобилски во велосипедски области и од масовно производство кон независност, се чини дека е невозможна задача. Но таа е помалку проблематична отколку конверзијата на многу европски градови; L.A. барем не е толку густо населен: постојат многу поединечни семејни куќи, големи дворишта, многу улици (коишто можат да бидат употребени за други цели). За Лос Анџелес веќе постојат планови коишто ја предвидуваат кондензацијата на населбите, отворањето центри за снабдување, користење на слободниот простор за земјоделство, итн. Деурбанизацијата не е процес којшто мора да биде наметнат – тој ионака се случува во повеќето индустријализирани земји, а главно е оневозможен само од сегашните работни и станбени состојби.

вклучува бесконечен број на *bolo*-си, општини и покраини, можеби околу 20 или 30 покраини, или неколку милиони луѓе. Во посебни случаи овие бројки можат да бидат и поголеми, или дури само неколку илјади – како што е случај со изолираните заедници на островите, планините, на мразот или пустината. Постојат неколку стотици региони на оваа планета; повеќето од нив ќе бидат познати на самиот континент.

Регионот во принцип е географска единица: планинска област, област меѓу две големи реки или планински масиви, голем остров или полуостров, крајбрежје, рамница, џунгла, архипелаг, итн. Тој е единствен главно што се однесува до транспортот и движењето околу, и би требало да има доволно ресурси за да биде самоодржлив. Повеќето размени и поголемиот дел од комуникацијата на *bolo*-сите ќе биде во границите на таквиот регион. Тој не е административна, туку секојдневна, практична единица. Во одредени случаи кореспондира со денешните „држави“ (САД) или „републики“ (СССР), војводии, провинции, званични региони (Италија, Франција), покраини (Германија) итн. но во многу од овие случаи, овие подрачја се чисто административни и непрактични. Во многу слуачи тие се дури создадени да разделат или уништат постечки региони засновани на културни, историски или други идентитети.

Регионите всушност не се само географски подрачја (во некои случаи ова може да биде доволно), тие се културни единици, како *bolo*-сите. Може да постои заеднички јазик или дијалект, историја на заеднички борби, порази или победи, слични начини на живот, градежни форми (во однос со климата или топографијата), религии, институции, садови, итн. Сето ова, заедно со некои несреќи, може да формира еден вид на регионален идентитет. Врз основа на таквите идентите, се случиле многу борби во сите делови од светот во овој и минатите векови: Ирците, Американските Индијанци, Баскијците, Кор-

Дали *ibu* по природа е добро, желно за љубов и фино суштество, или по природа е кавгаџиско, резервирано и насилно? Дали е агресивно единствено затоа што кошмарот на работа и угнетување го направило зависно, фрустрирано и нервозно? Ова може да е вистина. А сепак може да постои и љубомора, повредена гордост, деструктивност, антипатија, похота и убиство, мегаломанија, тврдоглавост, агресивност, застрашувачки гнев, безглавост. Барем таквите желби не можат да бидат исклучени од почеток. Токму затоа *yaka* ќе биде нужна за *bolo'bolo*.

yaka ги прави возможни кавгите, расправиите, борбите и војните.[21] Досадата, несреќните во љубовните приказни, лудилото, мизантропијата, измамата, конфликтите околу гордоста и начинот на живот, дури и екстазата може да доведе до *yaka*. Тие можат да земат место меѓу:

ibu и *ibu*

ibu и *bolo*

bolo и *ibu*

tega и *ibu*

[21] Бидејќи се појави *ibu*, се отарасивме од „човекот“, и, за среќа, истовремено се отарасивме и од сите оние прашања како: дали „човекот“ е насилен или ненасилен, дали е „добар“ или „лош“ по „природа“ (се отарасивме и од „природата“ исто така). Сите овие дефиниции на тоа чудно суштество наречено „човек“ – особено оние хуманистичките, позитивните – секогаш имале катастрофални последици. Доколку „човекот“ е добар, што ќе правиме со оние кои (со исклучок, се разбира) се лоши? Историското решение беше да се стават во кампови и да се „реедуцираат“. Доколку тоа се покажело неуспешно – сепак ја добиле својата шанса – тие беа ставани во психијатриски болници, стрелани, задушувани или спалувани. Томас Мор го знаеше „човекот“, но сакаше да ја казни прељубата со смртна казна во неговата човечка утопија. Ние преферираме да не го знаеме. Оттаму, *ibu* може да биде насилно, дури може и да се задоволува преку директни, лични напади врз други *ibu*-си. Не постојат нормални *ibu*-си.

итен транспорт (амбуланти, лекови, резервни делови, погреби, итн.)



Бидејќи сите *ibu*-си ќе бидат во можност да патуваат (а не само богатите, како денес), ќе се развијат тесни лични врски помеѓу оддалечените *bolo*-си; новите идеи ќе се шират брзо, пријателства, љубовни врски, забременувања, проекти, вкусови и културни идентити ќе ги поврзуват. И покрај релативнат бавност на сообраќајот, планетарната размена ќе биде поинтензивна и поопшта отколку денес. *ibu*-сите од различни континенти ќе се справуваат едни со други на исто ниво; „туризмот“ ќе биде превртен наопаку: Бантуа во Берлин, Киче Индијанци во Пекинг, Монголи во Париз, Тамилци во Детроит, итн. Планетата ќе стане заемен антропошки музеј.

зиканците, Палестинците, Курдите, Ерменците, итн. културниот идентитет на целиот регион може да биде поразновиден и помалку типичен отколку оној на *bolo*, а сè уште доволно јак да зацврсти заедница. Се разбира, регионалниот идентитет никогаш не може да биде предуслов за задушување на *bolo*-сите и нивниот идентитет. Ниту еден регион не би смеел да исклучи *bolo*, а секое соседно *bolo* би било слободно да си избере свој регион.

Историјата покажува дека автономните региони не ја одрекувале нивната независна култура и дека биле исто така многу толератни кон другите културни идентитети. Всушност, самоодржливоста на *bolo*-сите е вистинската сила на автономниот регион. Преку „ослободување“ *bolo*-си или општини и „придобивајќи“ други, регионот може постојано да се прилагодува на променливите ситуации; не постојат „цврсти“ граници кои секогаш предизвикуваат непотребни конфликти и војни. Регионот не е територија, туку животно подрачје кое се менува со животот. Во облик на типичните *bolo*-си, секој регион има многу „амбасади“ во друиг региони (ирски *bolo*-си во Њујорк, Бронкс *bolo*-си во Париз, сицилијански *bolo*-си во Бургундија, баскијски *bolo*-си во Андалузија, итн. и vice versa).

Таквите флексибилни региони се исто така и можност за решавање на сите оние проблеми кои се предизвикани од апсурдните национални граници: постоечките нации обликувани за цел на контрола и доминација ќе бидат растворени во масата на меки региони.[18]

[18] Во овие времиња на пораст на национализмот, се чини речиси самоубиствено да се зборува за укинување на нациите. Бидејќи од страна на „марксистичките“ теоретичари на ослободувањето ни е кажано дека национализмот е нужен чекор во борбата за независност и против империјализмот, овој предлог се чини дека прикрива нова империјалистичка стратегија. Ова навистина би било вистинито доколку единствено малите нации се откажат од нивното постоење, додека големите империјалистички супернации продолжат во применувањето на својата моќ. Укинувањето на нациите на прво место значи субверзија и распуштање на САД и Советскиот

океанските парни линии (Владивосток до Сан Франциско, Лисабон до Њујорк, итн.) Што се однесува до поморксиот превоз, важни се енергетските проблеми; јаглен, петролеј, итн., можат лесно да се превезуваат на самите бродови, а дополнително можат да се користат и едра.



Планетарното собрание или регионалните коалиции исто така ќе управуваат со интернационалните авиолинии. Тие се важни за далечните острови, за пустините, џунглите, во поларните области, итн. Ќе има многу помалку потреба од летови отколку денес, а летовите после сè, во многу случаи се прескапи во однос на горивото и инфрастуктурата. Недостигот на многу од нив нема да биде вистински недостаток, бидејќи патувањето нема да биде начин за брзо пристигање до целта, туку забава самото по себе. Ќе има доволно авиони за

те да изберете брз спортски автомобил. Без никакви ограничувања на брзината, возачите би можеле да возат од едниот до другиот крај на пистата. На тој начин оние *ibu*-си кои сакаат брзо возење и кои го користат автомобилот како средство за забава и ризик сè уште би можеле да го прават тоа. Таквата писта би била помалку скапа отколку денешниот автомобилски сообраќај, и покрај трошоците за гориво, амбуланти, медицинска заштита, одржување на автомобилите, итн.

Доколку *ibu* сака, може со велосипед да патува од Каиро до Луанда, од Њујорк до Мексико Сити, од Њу Делхи до Шангај. Но исто така може да ги користи и локалните и регионалните превозни средства управувани од покраините и регионите (*sumi).* Во многу случаи овие ќе бидат спори – железниците (парни, електрични, или на јаглен) кои не се толку многу фреквентни и кои запираат на секоја станица. Ќе постои исто така и навигација на каналите, крајбрежјето. Ќе има автобуси. Какви видови на врски ќе постојат ќе зависи во целост од регионалните заедници и од географските услови (пустини, планини, мочуришта). Во просечен регион, веројатно ќе пронајдете не повеќе од две линии на јавен превоз:

Кога *ibu* сака да патува далеку, ќе отиде до најблиската станица на интерконтиненталната железница, кои се водени од комисија на планетарното собрание (*asa'dala*) и кои формираат еден вид скелет на континенталниот транспорт. Железничкиот систем ќе биде нешто налик на ова:

Трансконтиненталната железничка мрежа може да биде заснована на веќе постоечките линии, со само неколку дополнувања и адаптации. За патувањето да се направи поудобно, може да биде воведена руската поширока пруга. Со трансконтиненталната железница, патниците можат во основа да патуваат од Исток на Запад и од Север на Југ, од Хелсинки до Кејптаун, од Лисабон до Владивосток, од Анкориџ до Рио Галегос и од Њујорк до Сан Франциско. Онаму каде што пругата завршува, патниците можат да се качат на

Посебни практични задачи на регионалните собранија би можеле да бидат: чување на затворени нуклеарни инсталации или отпади (мински полиња, бодликава жица, ротирачки чувари, итн. за неколку десетици илјади години), одржување на некои железници, бротски линии, авионски линии, компјутерски центри, лаборатории, извоз и увоз на енергија, итна помош, помош за *bolo*-сите или општините, справување со конфликти, учество во континентални и планетарни активности и институции. Ресурси и персонал потребен за такви цели можат да бидат испорачани во вид на заедничка работа од страна на покраините, *bolo*-сите или општините (*kene*).

Регионалните собранија можат да имаат различни облици. Поволно решение би било следното: двајца делегати од секоја покраина, 40 делегати од 20 *bolo*-си избрани од мнозинството – околу 60 членови. Овој систем би ја спречил дискриминацијата на малцинските култури (како и културите „нетипични" за регионот кои би биле претставени). Дополнително ќе има двајца набљудувачи-делегати (*dudi*) од други собранија, и двајца делегати од секој соседен регион. Оттаму, во регионалното собрание на Њујорк Сити ќе има полноправни делегати од Њу Џерси, Конектикат, итн. (и vice versa). Преку средства на такво хоризонтално претставување, соработката и заедничката размена на информации за регионите би била охрабрена, а тие ќе бидат помалку зависни на повисоки нивоа. Неколку региони исто така би можеле да формираат групи за соработка или сојузи, особено во полето на транспорт и суровини. Во Европа (во слободна географска смисла) би можело да има околу

Сојуз, укинување на двата блока; без ова, сè друго би било чиста *art pour l'art*. Постојат центрифугални тенденции во обете суперсили, а ова распаѓање би требало да биде поддржано со сите можни средства. Главниот елемент на антинационализмот не е некаков вид на нејасен интернационализам, туку зајакнувањето на регионалната автономија и културениот идентитет. Ова исто така важи за малите нации: колку повеќе ги задушуваат културните малцинства за сметка на „националното единство", толку

томобилски сообраќај ќе биде бавен и неважен. Сè уште ќе има неколку камиони (кои ќе користат погон на биогас, пара, дрво, нафта), автобуси, амбулантни коли, пожарникарни коли, посебни превози.



Некои улици можат да бидат користени за забавни трки. Еден автопат од 200 км може да биде зачуван за такви цели. На обата краја постојат автомобилски паркови, кадешто може-

Споредено со велосипедот, дури и таквите средства на јавен транспорт како тролејбусите, трамваиите или метроата се релативно скапи, бидејќи изискуват усовршна инфраструктура (шини, кабли, вагони). Но сè уште би можело да биде разумно за урбаната област да управува со редуцирана мрежа, особено кога електрицитетот локално или регионално е достапен. Во градовите со средна големина, три трнасверзални линии би биле доволни за достигнување на сите *bolo*-си за еден час користејќи велосипед од станиците на трамвааите или автобуските мрежи:



улици кои не се користат за сообраќај

Системот на улици, чие одржување е работно многу интензивно (ставањето асфалт или бетон, поправка на дупки, итн.), може да биде редуцирано на тој начин што ќе има само еден пат до едно *bolo* или фарма. Повеќето патишта во градовите ќе бидат одвишни, а повеќето магистрали и автопати можат да бидат стеснети на една или две ленти. Преостанатиот ав-

10 региони, во Америките 150, во Африка 100, во Азија 300, и во остатокот од светот 100, сè на сè 700 региони.

asa е името на вселенскиот брод „Земја“. Автономните региони можат да се сметаат за различни одаи во овој вселенски брод, а повеќето од нив може да бидат заинтересирани за приклучување кон планетарното собрание, *asa'dala.* Секој регион за оваа цел би испратил двајца делегати (1 од машки пол, 1 од женски) на неговите состаноци, кои ќе се одржуваат наизменично секоја година во Кито и Бејрут. Планетарното собрание е форум за регионите да остварат контакти, муабети, средби, размена на дарови и навреди, склучување нови договори, учење јазици, забави и фестивали, танцување, карање, итн. Таквото планетарно собрание или посебните комитети би можеле да се грижат за некои планетарни хобија, како што е користењето на морињата, дистribuцијата на фосилни ресурси, истражувањето на вселената, телекомуникациите, чувањето опасни отпади, интерконтинентални железници, авиолинии, навигација, истражувачки програми, контрола на епидемии, поштенски услуги, метереологија, речник на помошен планетарен јазик (*asa'pili*), итн. Случувањата во собранието ќе бидат емитувани ширум светот за сите региони да знаат што нивните делегати или другите зборуваат во Бејрут или Кито. (Се разбира, некој би требало да ги праша овие два града дали би сакале да бидат домаќини на таква толпа.)

Планетарното собрание и неговите органи можат да делуваат само онака како што регионите учесници ќе им дозволат. Дали ќе земат учество зависи од нивните сопствени интере-

си. Секој регион може да се повлече од планетарните органи и нивните услуги. Единствената основа во функционирањето на планетарните организации се интересите и пасиите на регионите. Кога договорите не се возможни, се јавуваат проблеми. Но како резултат на многубројните мрежи на самоодржливост, ситуацијата никогаш не би требало да стане опасна за некој регион. Во овој поглед, факторите како репутацијата на регионот, неговите историски врски, неговиот културен идентитет, личните односи ќе бидат исто толку важни колку и „практичните“ промисленості. (Никој не знае што „практично“ навистина значи.)

Планетарните институции ќе имаат многу мало влијание врз секојдневниот живот на *bolo*-сите или регионите. Тие ќе се справуваат со одредена количина на остатоци кои не можат да бидат решени од локалните заедници или кои немаат воопшто никакво влијание на кој било регион (морења, поларни области, атмосферата, итн.). Без цврсто востановена самоодржливост на регионите таквата светска конфедерација би била ризичен експеримент, и би можела да прерасне во нов облик на доминација, нова Машина на Работа и Моќ.

Најопштиот и најчест облик на размена на нешта меѓу *ibu*-сите или заедниците се подароците – *buni*. Нештата или времето (за заемна помош, услуги) не се нужно скудни, а најдобриот начин да се искористи ова изобилство е трошењето во облик на подароци. Бидејќи секојдневните контакти ќе бидат интензивни, ќе има многу прилики за подарување.

вите можат да организираат велосипедски паркови. Во комбинација со *ibu*, велосипедот е енергестки најпогодното средство за превоз (горивото се доставува до *ibu* во облик на храна). Сепак ова изискува одржување на добро организиран систем на (мали) патишта. Во планинските области, за време на лоши временски услови и во зима, тоа е непрактично. Кога има доволно снег *ibu* може да се движи на скии.

Во планинските предели и во природа, животните се многу ефикасни, особено кога нивната храна расте веднаш покрај патот: коњи, мазги, магарења, јакови, понија, камили, волови, кучиња, слонови, итн. Исто така и во градовите коњите и мазгите (помалку избирливи што се однесува до исхраната, но со поголема потреба од искуство во ракување) можат да бидат корисни во одредени услови. (Особено за транспорт помеѓу градските згради и земјоделските делови на *bolo*, кога и храната исто така не мора да им се носи во градот.) Но во самиот град *ibu* (+ велосипед, + скии, + санка, + ролерки, + итн.) е идеалното средство за превоз - автономобилот.

Велосипедот исто така може да се користи за превоз на помали добра, особено во форма на рикша или приколки. Пентадемот може да превезува пет лица и дополнителни 350 килограми товар:



вање за номадските *bolo*-си или банди, нема да има програми за модернизација и индустријализација.

ibu се чувствува удобно единствено тогаш кога е сигурно дека може во секој момент да замине за Патагонија, Самарканд, Камчатка, Занзибар, Аљаска или Париз. Ова ќе биде возможно бидејќи сите *bolo*-си ќе бидат во можност да гарантираат гостољубивост на секој патник (*sila*). Нема да има недостаток на време (ниту едно *ibu* не смее да стравува од недостиг на пари), оттаму патувањето ќе биде многу полесно. Денешното огромно трошење енергија може да биде намалено бидејќи патувањето нема да биде прашање на стигнување подалеку за што пократко време. Нема да ви требаат чартер летови со цел да ја посетите Јужна Америка или Западна Африка за само три недели. Патувачите нема да бидат нервозни туристи.

bolo'bolo системот на превезување и патување (*fasi*) ќе биде ориентиран кон елиминирање на превозот на масовни добра и патници, преку локално производство и живеење и работење во иста општина. Јавниот сообраќај, масовниот превоз, туризмот, сите ќе исчезнат; главните превозни средства ќе бидат примарно користени од луѓе кои уживаат во патувањето. Патувањето само по себе е уживање и не постои замена за него. Но зелката тешко ужива во патот од Калифорнија до Њујорк.

Бидејќи повеќето од активностите на *ibu* се одвиваат во *bolo* или општината, повеќето промени на места од страна на *ibu*-сите можат да бидат достигнати пеш. Општините ќе бидат пешачки зони со многу премини, мостови, сводови, колонади, веранди, ложи, патеки, плоштади, павиљони. Непопречени од семафори (речиси и да не постои автомобилски сообраќај), *ibu* ќе се движи наоколу со многу повеќе леснотија и поедноставно отколку денес, и каде што сака. А пред сè, со помалку стрес.

До границите на општината (*fudo*) велосипедот ќе биде идеалното средство за превоз. За оваа цел, општините или градо-

Подароците имаат многу предности, како за земачот така и за подарувачот. Бидејќи оној којшто дава нешто го одредува неговиот облик и квалитет, тоа претставува еден вид на културна пропаганда, пришируање на неговиот или нејзиниот идентитет врз другите. Дарот ќе го потсетува корисникот на дарувачот, а оттаму и ќе користејќи на општественото присуство, репутација и влијание на подарувачот. Размената на подароци ја радуцира работата инвестирана во процесот на размена: бидејќи тие се независни од нивната вредност, вие не мора да ги правите тие пресметки (работно време). Можете да подарувате спонтано, не е потребно никакво време за комплицирано ценкање или договори за враќање. Циркулацијата на подароци може да биде споредена со правилата на гостољубивост: подарувањето претендира да биде профитабилно на долгорочни патеки, многу повеќе отколку брзите, безлични дела на купување или продавање (затоа што брзо го заборавате лицето на касиерот – нема општествена корист во таквата трансакција). Во релативно затворена, локална и персонализирана рамка, подароците ќе бидат идеалниот облик на размена на нештата. (Ова може да биде проширено на целиот процес на комуникација: зборовите исто така се подароци. . . но, се разбира, некои луѓе ги бројат!)

Значењето на подароците ќе зависи од локалната состојба. Бидејќи тие претендират да бидат спонтани, нерегуларни, несигурни, оние *bolo*-си кои инсистираат на сигурност и стабилност би користеле поинакви, повеќе конвенционални облици (види подоле). Некои културни бекграунди се помалку компатибилни со флуктуации, други повеќе.

mafa е општествено организиран систем на подароци (*buni*). Неговата основна идеја е дека заеднички фонд на резерви и ресурси може на индивидуите и заедниците вклучени во тој систем да им обезбеди повеќе сигурност во итни случаи, катастрофи, привремени успорувања. Таквиот фонд може да биде организиран од страна на општини, покраини, итн., со цел помош на *bolo*-сите во мигови на криза. Општината (*tega*) ќе има складишта за основна храна (житарици, масло, млеко во прав, итн.), горива, лекови, резервни делови, облека, итн. Секое *bolo* би можело да ги добие таквите добра по потреба, независно од неговиот придонес. Заедничките фондови се еден вид на мрежа под *bolo*-сите, доколку самоодржливоста не успее.

Оваков вид на резерви со дистрибуција според потребите е во суштина слична со денешниот систем на социјална грижа, пензии, осигурување, итн. Оттука *mafa* е „социјалистичкото" лице на *bolo'bolo*. Таквите системи го сносат ризикот на создавање зависности од централни бирократии, кои оттаму ги ослабуваат заедниците. Но во случај на *mafa*, таквата социјална заемна помош ќе биде директно организирана од оние кои можат да ја добијат; ќе биде под локална контрола а неговата големина ќе биде одредена од *bolo*-сите, општините, итн. секоја злоупотреба ќе биде невозможна, бидејќи помошта секогаш се дава во материјален облик, никогаш во облик на пари.

Помошта од заеднички фондови ќе биде особено важна во раниот период на *bolo'bolo*, кога оштетувањата од минатото (нашата сегашност) ќе мораат да бидат поправени. Најпрвин ќе има многу *bolo*-си со проблеми, затоа што тие почнуваат да ја градат основата за самоодржливост. Оттаму, слободната материјална помош може да помогне во решавањето на проблемите на „транзиција", особено во Третиот свет.

Повеќето *bolo*-си ќе имаат потреба или ќе посакуваат поголема разновидност на добра отколку што самите ќе можат да произведат. Некои од овие добра (или услуги) можат да би-

на размена се она што ги ограничува парите (како што бил случај во средниот век).[20]

Дали *ibu* е населено или номадско суштество? Во неговата (имагинарна) историја се појавува како степски коњаник и како градител на катедрали, како земјоделец и како циганин, како градинар и како глобтротер. *bolo*-сите претпоставуваат одреден степен на населеност (заради земјоделството), а општество од чистокрвни ловци-собирачи единствено ќе биде возможно тогаш кога светската популација ќе биде драстично намалена (на неколку милиони *ibu*-си). Сепак, *bolo'bolo* би требало на секое *ibu* да му ја врати слободата да движење преку целата планета. Нема да постои никакво принудно населу-

[20] Во некои утопии или алтернативни концепти, наоѓаме илузорни парични системи коишто имплицираат дека со различни облици на пари проблемите на монетарните ексцеси би можеле да бидат решени. Таканаречените работни пари (работно време наместо марки, франци, долари, итн.) не е ништо повеќе од обични пари (како што тоа го покажа Маркс во Овеновиот систем). Забраната на камати, или самодевалвирачки пари (предложени од Швајцарецот Силвио Гесел/Silvio Gesell), или изземањето на земја од сопственост, сите претпоставуваат моќна централна држава која ќе го контролира, казнува, координира, со други зборови, продолжува општествениот анимозитет и основна неодговорност. Проблемот не се парите (или златото, или среброто) туку нужноста од посакуваност на економска размена во даден општествен контекст (види забелешка 21). Долку таква размена е пожелна, тогаш ќе има пари (или електронски сметки, или чипови, или само меморија). Бидејќи економската размена во *bolo'bolo* е минимизирана, парите не можат да играат значајна улога. (Не мора да биде забрането; кој би можел да го стори тоа?).

теси, лекови, дроги, накит, облека, кожни добра, „уметнички“ дела, раритети, куриозитети, книги, програми, итн. Доколку ви требаат такви добра не можете да се потпрете на подароци, а тие ниту се поволни за долгорочни договори за размена. Доколку постои компјутерска база на податоци, можеби ќе биде возможно тие да се добијат користејќи го електронскиот пазар.

Бидејќи нема да постојат меѓународни валути, локалните пазари ќе имаат сопствени, неконвенционални пари, или можеби чипови како во казино. Поединечните купувачи или продавачи ќе влегуваат во таквите пазари без пари и ќе отвораат кредитни сметки во канцеларијата на пазарниот комитет (повторно, лесна работа преку користење на компјутери). Значи ќе добијат 100 или 1.000 шилинзи, форинти, пени, долари, пезоси, рубљи, итн., кои ги должат на пазарната банка. Со овие пари, тие можат да продаваат и да купуваат сè до затворањето на пазарот на крајот од денот. Потоа тие ги враќаат чиповите, и се забележува позитивен или негативен биланс под нивното име до следниот ден, итн. Овие биланси не можат да се префрлуваат на други пазари. Акумулацијата на преголеми биланси (богатства) можа да се направи тешко остварлива преку програмирање на случаен елемент во компјутерот, којшто ги поништува сите сметки во период помеѓу, да речеме, половина година и две години (ова ќе биде еден вид на електронски потлач, или вистински хебрејски „јубилеј“). Бидејќи не постои формален правен апаратус способен да казнува прекршувања на договори, секој вид на бизнис би бил многу ризичен. Сето ова не ја отфрла целосно циркулацијата на пари, бидејќи *ibu*-сите сè уште можат да земаат прибежиште во злато и сребро. Во изолирани општини, локалната валута би можела да циркулира без проблеми. Самоодржливост и останатите форми

FENO

дат потребни дури и на редовна, долгорочна основа, и од оваа причина едноставните подароци или помош од заедничките фондови не би биле соодветни. За овој вид на редовна, постојана и заемна размена, *bolo*-сите ќе склучуваат договори за размена (*feno*).

Договорите за размена ја надополнуваат самоодржливоста и ја редуцираат работата, затоа што е потребна помала специјализација внатре *bolo*, и затоа што одредени помасовни производства се поефикасни па дури и помалку штетни за животната средина. Тие ќе бидат користени за производство на нужни, основни и секогаш потребни добра, како храна, облека, поправки, суровини, итн.[19]

[19] *feno* е систем на размена без циркулирање на пари. Ова нужно не го спречува да биде предмет на економска логика. До истиот степен до кој партнерите на размената ги земаат предвид во нивната размена размерите на тоа колку работно време е содржано во нивните предмети, *feno* станува целосно економизиран, а би можел да биде поефикасно изведен со пари. Затоа во САД постојат (под удар на рецесиите) компјутеризирани фирми за размена, правејќи билионски бизнис (за 1982: $15-$20 билиони) без да помрднат ниту еден долар. Покрај даночните измами, овие системи имаат многу предности, но остануват целосна во рамки на економијата. Друг начин на размена се практикува од страна на некои луѓе во малиот регион околу Санта Роса, северно од Сан Франциско: тие работат еден за друг, добиваат чек за своето работно време, и можат да направат до 100 часа „долг“. Овие заемни услуги потоа се координирани од страна на уред. Такви системи на здружување се исто така познати од времето на Депресијата во 1930-те. Иако не циркулираат пари, размената останува целосно економска, бидејќи нема разлика дали на парче хартија ќе напишете „1 час“ или „1 долар“ – можеби графиката е пософистицирана во вториот случај. Размената би можела да ја редуцира анонимноста до одреден степен, спречувајќи одредени ексцеси во паричната економија, но таа не значи нејзино укинување. Един-

Бројот, значењето и видот на таквите договори ќе варира во зависност од внатрешната организација на *bolo* и неговиот културен бекграунд. Културните, личните и останатите односи ќе го одредат изборот на партнер многу подобро отколку чисто објективните категории (како условите на размена, квалитетот, оддалеченоста, итн.).

За да се направи системот на договори за размена пофлексибилен, можат да бидат користени компјутерски мрежи. „Понудите“ би можеле да бидат складирани во бази на податоци кои би можеле да бидат консултирани од други кои се во потрага по одреден производ. Квантитетот, квалитетот и оптималниот транспорт би можеле автоматски да се пресметуваат. Таквите локални или регионални системи на размена би можеле да помогнат во избегнувањето на повремените прекумерни или недоволни производства. Со помош на пософистицирани програми, компјутерот исто така може да направи

ствено во комбинација со културните вредности, а поради високиот степен на самоодржливост, размената може да биде спречена да стане важен економски елемент. Размените во *bolo'bolo* најмногу ќе постојат бидејќи два *bolo*-си имаат нешто заедничко на културно ниво: заеднички односи, религии, музика, храна, идеологии. Евреите, на пример, ја купуваат својата храна само во еврејски продавници, не затоа што е поевтино или подобро, туку затоа што мора да е според еврејските прописи. Многу добра ќе бидат културно предетерминирани, поради начинот на кој се произведени, и ќе им бидат од корист на луѓето со исти културни преференци. Бидејќи нема да има големо масовно производство, нема да има ниту анонимна масовна дистрibuција и маркетинг. Размената ќе биде неекономска, лична; споредувањето на вложеното работно време ќе биде второстепено. Бидејќи овие услови денес не постојат, нема ниту вистински *feno*-си. Мерката за потребното работно време ќе стане речиси невозможна кога наемната работа ќе биде укината и кога нема да постои адекватна мерка за општествено потребен труд за одреден производ. (Како можеш да знаеш колку многу „ефективна“ работа е потребна за одреден производствен процес доколку процесот се одвива во повеќекратни и неспоредливи облици? Без големата индустрија нема ниту стабилна вредност). Вредноста секогаш ќе биде наоколу сè додека постои општествена размена, но во одредени услови таа може да стане нестабилна, неточна, неважна.

и забава. Пазарите истовремено се „предуслов“ за центрите со комуникативна функција.



Пазарите ќе бидат организирани и надгледувани од пазарен комитет (*sadi'dala*). Овие комитети одредуваат, според одлуките на односните собранија, кои добра можат да се донесат на пазарот под кои услови. Пазарите се идеални за неесенцијални, лесно преносливи, ретки, трајни и високо софистицирани добра. Таквите добра често ќе имаат уникатен карактер, ќе бидат индивидуални конструкции, специјалитети, делика-



SADI

Подароците, заедничките фондови и договорите за размена, комбинирани со самоодржливоста, драстично ја намалуваат потребата за економска – т.е., вредносно пресметувачка размена. Разновидноста на културни идентитети ја уништува основата за масовно производство, исто како и појавувањето на масовен маркетинг. Инвестираната количина на работно време ќе биде тешко споредлива, а точната мерка на разменската вредност (преку парите) ќе биде речиси невозможна. Сепак може да се случи одредени *ibu*-си (тие сè уште го имаат споственичкиот сандак, *taku*) или *bolo*-си да бидат заинтересирани за тој вид на пресметана размена, за одредени цели. Ова е функција на локалните пазари, *sadi*. Овие пазари ги надополнуваат можностите на размена, детерминирајќи мал дел од егзистенцијалната база на *bolo*-сите.

Во овие услови циркулацијата на пари не е опасна и не може да ги развие своите „инфективни“ ефекти – парите ќе бидат средство единствено во тесна рамка.

Повеќето општини или покраини (градови) организираат дневни, неделни или месечни пазари, регионите одржуваат периодични саеми. Општините или градовите отвораат посебни хали (поранешни фабрички згради, складишта, хангари, итн.) за нивните пазари, за да можат да бидат одржувани зиме и кога врне. Околу пазарите може да се развие цел спектар на општествени активности како барови, театри, кафеа, билијарски сали, музички хали, итн. Пазарите ќе бидат – базари – места за сретнување, простори за општествен живот

прогнози и да ги предвиди престојните кусоци – би можел да го направи планирањето возможно. Но се разбира, *bolo*-сите или другите заедници кои земаат учество сè уште сами одлучуваат дали сакаат или не да станат дел од таков систем, и дали ќе ги прифатат преопраките на компјутерот.

Со време, договорите за размена ќе формираат добро урамнотежена, тесно испреплетена и сигурна мрежа на размена која исто така може континуирано да се прилагодува кон променливите услови. За да се минимизираат транспортните трошоци (ова е едно од главните ограничувања на системот), помеѓу соседните *bolo*-си ќе бидат склучени размени на големи количини или почеста фреквентност. Доколку едно *bolo* има 500 договори за размена, 300 ќе постојат со соседните *bolo*-си или *bolo*-сите од иста општина. Соседните *bolo*-си можат исто тала да бидат толку интензивно поврзани така што ќе формираат би-*bolo*-си или три-*bolo*-си, или *bolo* јата. Колку пооддалечен е *bolo* партнерот, порафинирани, полесни и помалку фреквентни ќе бидат односните добра. Од далечните *bolo*-си ќе бидат разменувани единствено типичните специјалитети во мал квантитет (на пр., кавијар од Одеса, бурбон од Луисвил, чај од Шри Ланка, итн.)

Договорите за размена можат исто така да постојат помеѓу општините, покраините или дури регионите, а исто така може да има и „вертикални“ договори меѓу *bolo*-сите и општините, итн. Екстраопштинските договори ќе бидат координирани со цел да се избегне паралелниот транспорт на идентични добра.

bolo	*tega*	*vudo*	*sumi*
Quetzal	Delancey	Manhattan	Big Apple
Quetzal	Delancey	Manhattan	Big Apple
Quetzal	Delancey	Manhattan	Big Apple
Titanic	Alphabet City	Manhattan	Big Apple
Moho	Billyburg	Brooklyn	Big Apple
Jones Hotl	Kline Road	Tompkins	New York
Bonanza	Sawtooth	Boise	Idaho Valley
Antelope	Rosebud	Buffalo Gap	North Dakota
Red Earth	Sun Praire	Madison	Wisconsin
Midnight	Jamaica Plain	Boston	Massachusetts
Malcolm	Talladega	Selma	Alabama x
Caribou	Musquacook	Aroostook	Maine
Homestead	Homestead	Amana	Iowana
Sensevilla	Mendocino	Humboldt	California
Nunival	Aniakchak	Aleutiana	Alaska Islas
Geosol	Summit	Breckenridge	Coloredona
Moenkopi	Painted Desert	Kaibab	Four Corners
Taoa	Vava'u	Tonga	Pacific Kona
Pura	Jambilar	Tumkur	Karnataka
Peredlkino	Peredelkino	Moscow	Sovietaya
Celito	San Pedro	Zacatecas	Mexico Verde
Minimata	Otaru	Sapporo	Kyushu
Kufra	El Derj	Jamahitraya	Cyrenaica
Bishrevo	Grand Anse	St. George's	Grenada
Monterosso	Castiglione	Ombrone	Tuscano
Mchwa	Kaskazini	Solidarnoszcz	Kosalin

до Idiotropos	**од Idiotropos**
15 кг ориз и грав	500 масажи на стапала
велосипедски поправки	100 кг јаболка
100 тегли мед	25 кг козјо сирење
шишање и фарбање	5 бали јагнешка волна
сликање и скулптури	водоводни поправки
100 шишиња лкално вино	10 кг кравјо сирење
3 тони компири	400 тегли свеж кајмак
75 носачи на звук со песни на Сиуксите	75 носачи на звук со грчки поеми
25 кг путер	3 јагниња
1,5 кг печурки	20 л рецина
40 памучни џемпери	10 кг кравјо сирење
60 јастози, 200 борови семки	150 кг џем
10 чадени шунки	40 кг маслиново масло
10 кг марихуана	50 кг козјо сирење
50 кг јагоди	големо парче мермер
материјали за пасивна соларна енергија	мозаик за базен
5 сребрени и тиркизни колани	15 кг сушени маслинки
200 л масло од кокос	3 јагниња, 40 кг кравјо сирење
20 кг зачини	40 л рецина
5 кг водка, 1 кг кавијар	500 кг пченично брашно
50 кг прав од чили	музички инструменти
45 гајби пиво, 30 метри свила	100 литри масло од желади
30 кг урми, два килима	8 мисирки
5 литри сос од пиперки	300 кајсии
15 кг равиоли со спанаќ	6 кг свеж кајмак
100 гуски	100 шишиња рецина